СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 11 септември 1996 година

Скопје, септември 1996 година

**ПЕДЕСЕТ И ТРЕТА (53 ) СЕДНИЦА, ОДРЖАНА НА 11. IX. 1996 ГОД.**

Т. 1-ПРЕДДОГ НА ЗАКОН ЗА ТЕРИТОРИЈАЛНА ПОДЕЛБА НА Р.М И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈАТА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА – СТР.9 (општ претрес)


1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД 5, 158
2. АБДИ ФАИК 59, 64
3. АЛИТИ АБДУРАХМАН 100, 101
4. АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ 168
5. БИЉАЛИ ВЕЈСЕЛ 64
6. ВАНГЕЛОВ АТАНАС -109, 113
7. ВРЕВЕЗОВСКИ ДИМИТРИЕ 115
8. ЈАНКУЛОВСКИ МИРКО 43
9. К0ЦЕВСКИ АЦЕ 7, 9, 12, 41, 84, 87, 95
10. КОВАЧЕВСКИ СТОЈЧЕ 162, 166
11. КАРОВ ЗВОНКО 175, 179
12. КРСТЕВСКИ ЗОРАН 179, 186
13. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО 22, 43
14. ЛАЗАРОВ ЈОВАН 58, 134
15. МИНОВ ПАНЧЕ 52
16. МАЛИНСКА ПЕРСИДА 58
17. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 75, 78, 83, 84, 121, 122, 123, 132, 133
18. НИКОЛОВ ЈОРДАН 82
19. НАУМОВСКИ ВАНЕ 166
20. ПЕТКОВСКИ ТИТО (претседава со седницата) 1
21. ПОПОВСКИ ВЛАДО (министер) 5, 9, 30, 34, 56, 57, 126, 129
22. ПАУНОВ ТОДОСИЈА 155, 158
23. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА 186
24. РАМАДАНИ САЛИ 45, 51
25. РАМАДАНИ ХИСЕН 71
26. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 15, 19, 38, 40
27. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР 104
28. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 123
29. ТАНТАРОВ ВЕЉО 2, 117
30. ТРАЈАНОВСКА НИКОЛИНА 28
31. ТРИПУНОВСКИ МИРКО 68
32. ТРАЈКОВ МИЛЧО 83
33. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР 171, 173
34. ХАСИПИ КЕНАН 6
35. ЧАП0В СЛАВЧО 25, 27
36. ШАПУРИЌ ЗОРАН 136, 144, 149, 154


С Е Д Н И Ц А Т А П Р О Д О Л Ж У В А!

# СТЕНОГРАВСКИ БЕЛЕШКИ

## од Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 септември 1996 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 13,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Алил Џаферовски, Ванчо Чифлиганец, Илинка Митрева и Благој Стефановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија г-динот Киро Глигоров, претседателот и членовите на владата на РМ.

Ве известувам дека точка 9 од Предлог дневниот ред - Предлог одлука за организација и делокруг на службата на Собранието на РМ се повлекува од оваа седница.

Пратеничката група на Либералната партија предлага Предлогот на закон за територијална поделба на РМ и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа да се одложи од оваа седница и по него да се расправа откако ќе се изврши разговор со претседателот на Собранието, претставници на Владата на РМ, пратеничките групи од

Собранието и претставници на ограноците на политичките партии на ВМРОДПМНЕ, МААК, Конзервативна партија, Либералната партија и Демократската партија и ВМР - Демократска партија од Тетово и Гостивар.

Кој е за предлогот/ молам да крене рака? (12)

Дали има некој против? (40)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратеникот Вељо Тантаров побара Владата на РМ да подготви Информација за состојбите во приватното земјоделство и таа да биде разгледана на денешната седница на Собранието.

Барањето е доставено до Владата на РМ.

До денес Владата не достави ваква Информација.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, со оглед на тоа што на денешната седница се наоѓаат многу позначајни прашања, предлагам оваа Информација да биде подготвена за наредната седница на Собранието на РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлог на одлука за разрешување и именување на претставници на Републиката во Советот на вишата земјоделска школа во Битола.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (50)

Дали има некој против? (Никој)

I/3.-

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Вишата земјоделска школа во Битола.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа;

2. Предлог аз донесување на закон за градот Скопје, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за избирачки списоци и за избирачка легитимација, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за реорганизација на долговите меѓу Владата на РМ и Австриската Контролна банка АГ Виена, која дејствува како агент на Република Австрија во согласност со изменетата верзија на законот за гаранции, за извоз од 1981 година, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Унгарската Влада за трговски и економски врски и соработка склучена на 7 мај 1996 година во Скопје, со Предлог на закон.

6. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Унгарската Влада за меѓународен превоз на патници и стоки во патниот сообраќај, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Словенија за заемна заштита и поттикнување на инвестициите, со Предлог на закон,

8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на РМ и "Македонски железници" и ЕУРОФИМА за неплатениот долг, со Предлог на закон.

Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Владата на Република Полска за ветеринарна соработка, со Предлог на закон.

10. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската влада и Владата на Република Полска за соработка вој облас〜та на заштита на растенијата, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за ратификација за издавање и тргување со хартии од вредност;

12. Предлог за донесување на закон за шумите:

13. Предлог на одлука за разрешување и изменување претставници на Републиката во Советот на Вишата земјоделска школа во Битола;

14. Предлог на одлука за именување на членови на Посебна комисија за именување индивидуален работоводен орган на Вишата земјоделска школа во Битола;

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, веќе девет дена на подрачјето на Горна Жупа штрајкуваат 60 родители од селата од Долна Жупа кои бараат настава за своите деца на турски јазик.

Барам на оваа седница да се стави точка - Информација за состојбите од штрајкот на родителите од Долна Жупа,во селото, Коџаџик.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам претставник на Владата да даде одговор дали на оваа седница може да се уврсти точка Информација за штрајкот во Долна Жупа.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не може да се прифати предлогот на оваа седница да се уврсти Информација за штрајкот во Долна Жупа. Може да се прифати во облик на пратеничко прашаше, поготово јас не можам да прифатам така како што е предложено бидејќи не сум надлежен министер.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Прво, мислам дека министерот излегува на говорница да одговара на барање кое се поставува да се внесе на дневен ред. Јас него го сметам како претставник на Влада, а не во својство на министер кој треба да даде одговор на ова прашаше. Во случајот приговарам на начинот како се истапува тука на говорница. Се бара од Владата, а не се бара од министерот.

И,6торо јас барам да се за мојот предлог гласа затоа што прашањето е такво. Јас ги посетив родителите кои што штрајкуваат, во Горна Жупа ,и на 8 септември на шестина мислам во мое присуство им

се даваше инфузија. Дали ќе дозволиме таква работа да ни се одвива на очиглед на сите нас, а уште повеќе ако се знае дека за случајот се запознати и меѓународните органи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за предлогот на г-динот Ајдарага да крене рака? 10 пратеници гласаа за. Констатирам дека предлогот не е усвоен Г-дин Кенан Хасипи.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Со оглед на актуелноста на состојбата, предлагам бидејќи веројатно седницата ќе трае два три дена, Владата да вложи напори во тек на продолжението на утрешниот и за утрешниот ден да ни даде информација. Во прашање се загрозување на животите на одреден број граѓани код штрајкуваат со глад, не знам колку сте информирани, те према тоа би било многу непоштено од наша страна вакво нешто да не прифатиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во секој случај ова е повик, се разбира до Владата, а ние тоа прашање го апсолвиравме по претходниот предлог на г-динот Ајдарага.

Дали има уште некој пратеник?

Ако нема кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака

62 пратеника гласаа за?

Дали има некој против? (3)

Кој се воздржува од гласање, молам? (1)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

I/7.-

Поминуваме на <u>прва точка</u>- Предлог на закон за територијална поделба

Молам, г-дин Коцевски процедурално.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседател, дами и господа , во име на Пратеничката група на Либералната партија, барам првата точка на дневен ред да се стави како една од последните или последна точка на дневен ред, за да се овозможи додека трае седницата за да се направат два вида на разговори. Едниот разговор е нашето барање Владата да седне и да разговара за сите недоразбирања во врска со законот за територијална поделба, со опозиционите партии за да дојде до одредено усогласување на разликите во ставовите затоа што сметаме дека се работи за исключително важен законски проект кој што не само што има влијание во одредувањето на правата и обврските на граѓаните во единиците на локалната самоуправа, туку може да има трајни и далекосежни последици во вкупниот живот на Република Македонија, и втората причина заради барањето на претставниците на политичките партии од Западниот дел на Македонија, повеќе мислам на овие во кој воглавно членуваат припадници на македонскиот народ, за разговори со претставници на Владата, во врска со нивните забелешки, пред да ги организираат митинзите во Тетово, Гостивар и во Скопје.

Благодарение на непринципиелниот однос на претседателот на Собранието кој повторно не дозволи тие граѓани да влезат во зградата на Собранието, таму каде што е нормално да се разговара во просториите на пратеничката група, водевме разговори во една неугледна просторија на приземјето, веднаш до обезбедувањето. И се би било во ред до колку ставот на претседателот на Собранието е

принципиелен и спроведува до крај и важи подеднакво за сите граѓани кои на денешниот ден влегоа во зградата на Собранието. За жал тој став не е подеднаков за сите луѓе кои влегоа денес во Собранието. Лично се уверив во тоа во мојата канцеларија да се водат разговори на министер од Владата со граѓани кои се дојдени за не знам каков проблем, а на овие граѓани, не знам од кои причини не им е дозволено односно им е ускратено едно од основните граѓански права да можат да влезат во Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Коцевски Вие добро знаете дека не станува збор за моја добра волја, туку за доследно почитување на правилата за работа во Собранието. Сами се уверивте, вчера имавте можност да поканите кога се сакате и воопшто никаков проблем не правевме. Сите што ги поканите и што сакаа да дојдат дојдоа вчера на Вашата, така наречена пред комисиска расправа. Денес правилата на работа налагаат кога се одржува седница нема прием на странки и тоа треба сите да го почитуваме, А како дошло до тоа мене не ми е јасно. Тие што побарале денес од мене или од секретарот да примат странки им е одговорено негативно.

Дали има такви кој го кршат тој ред на работа во Собранието, навистина не е коректно од нивна страна. меѓутоа за таква информација јас не знам. Јас немам таква информација.

Во секој случај предлогот на г-динот Коцевски го ставам на гласање. станува збор за редоследот на точките на дневниот ред.

Кој е за, молам да крене рака? (20)

Дали има некој против? (52)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

Констатирам дека Предлогот не е усвоен.

Г-динот Коцевски повторно има деловнички интервенции.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, сакам да Ве запрашам дали имате намера да покренете мерки на одговорност против луѓето во Собранието кои не ги почитуваат Вашите одлуки, поради кои на група граѓани не им беше дозволено да влезат, а на други граѓани им е дозволено да влезат и да разговараат со пратеници и други лица во зградата на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа не е деловничко прашање, но во секој случај Вие можете да предложите.

Минуваме на прватa точка - Предлог на закон за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор.

Има збор министерот Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници. Пред Вас е денес предлог законот за територијална поделба на РМ и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа.

Повеќе месеци овој закон, во неговата прва фаза, во консултациите со претставниците на опозиционите партии, во

консултации со претставници на месните заедници и во целокупниот процес на водење на документација околу комплетирањето на барањата за формирање на нови општини и околу работата на стручните и ресорните тела над обликувањето на Предлогот на законот, покажаа дека ние денес навистина носиме еден мошне сложен и мошне значаен закон, затоа што тој покрај патот што востановува нов облик на општина или единица на локална самоуправа во РМ, тој длабоко тангира сложен сноб на интереси на граѓаните на РМ.

Поаѓајќи токму од фактот на неговата сложеност и деликатност, поаѓајќи од сознанието дека во рамките на овој закон се вклопуваат и интереси кои по својата иманентност или по својата природа не припаѓаат директно во кругот на интересите кои се решаваат со овој закон, меѓутоа преставуваат интереси кои се возбудуваат по повод донесувањето на овој закон, имаа повеќе политичка природа особено на релација на меѓуетничките односи или во рамката на меѓуетничките односи, Министерството за правда заедно со Владата обрна посебно внимание на тој елемент. Во целина земено основната цел за донесувањето на законот за територијална поделба на РМ е усогласувањето на системот на општините со Уставот на РМ со законот за локална самоуправа или создавање на една структура која неопходно ја претпоставува и бара нашиот правен поредок. На таа основа се напушта општината која е глобална општествена заедница која што според претходниот Устав и политички систем беше дефинирана како глобална политичка заедница како дел од државата што ги носи и остварува непосредно државните функции и се востановува и која по својата карактеристика и големина на функциите, по својот начин на конституирање, начин на работа на органите беше типично претставничка организација и заедница и се востановува нова единица на локална самоуправа или општина која што се вметнува во рамките на

I/11.-

Непосредните интереси на граѓаните во реални локални заедници поврзана со основните проблеми на урбанизацијата на комуналните потреби на инфраструктурата и поврзани со основните потреби во областа на основното школство, основното здравство,социјалата, пред школските установи, културата, спортот и се друго што е лепеза на неполитички, а на реални социјални, економски, комунални, урбанистички и културни интереси на граѓаните.

II/1. -CJ/МЛ

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Таквата општина нужно е мала по својот простор, помала по бројот на населението, таквата општина е компактна или треба да биде компактна, таквата општина треба да заокружува исти или слични интереси и да формира институции кои што ќе бидат понепосредни до самите граѓани. Што значи дека востановувањето на општината со нов квалитет е нужно поврзано со новиот правен поредок или самото воспоставување на таквата општина е операционализација на доработка, така да кажам, на системот на институциите во делот на правниот поредок што се однесува на локалната самоуправа и правото на граѓаните на локална самоуправа.

Главните концепциски точки или параметри на овој закон беа одредени со Законот за локалната самоуправа, тоа да е географски поврзана заедница, да претставува економска и географска целина, да претставува реална локална заедница, да има средиште или населено место кон кое гравитираат другите населени места, да има нужно ниво на институции или на објекти од општествен стандард и да има едно определено нужно ниво на инфраструктура или инфраструктурни објекти.

Поаѓајќи од тие критериуми што ги востанови Законот за локалната самоуправа а исто така потпирајќи се на барањата, тоа значи на волјата на граѓаните во смисла на изразено барање од страна на месните заедници, собирите на работни луѓе и на друг начин искажаните мислења Владата на РМ го утврди овој Предлог-закон.

Во рамките на овој Предлог^-закон како една од важните концепти што ја соопштив, како еден од важните параметри на концепцијата кој што го соопштив уште во фазата на донесувањето на Предлогот за донесувањето на закон беше можноста да се растоварат урбаните средини од руралните средини колку што е тоа можно, според реалната

состојба во РМ со основна цел да се заокружи ист круг на интереси и потреби сличен на едната односно сличен на граѓаните и населените места во едната или другата целина или да се издвојат урбаните и комуналните потреби по линија на рурална односно урбана средина. Се смета дека практично самите рурални средини можат поуспешно да ги задоволат своите потреби, се тргнува од фактот и од проценката и од констатацијата дека постои противречност меѓу интересите на градот и селото во тој домен до определена мерка, се тргнува исто така од сознанието дека практично градот не може да ги посредува или задоволува непосредните потреби на граѓаните на широко хетерогено подрачје, кое што беше типично за РМ за размери на пример некаде околу 700 до 800 км2 и во големина на отприлика 70 до 75.000 граѓани или жители на една општина.

Се тргна од становиштето дека со создавање на систем на мали општини и со покривањето на целокупниот простор на РМ низ простори или големи делови од РМ ќе бидат покриени со институции кои што ќе постанат фактори на урбаниот, комуналниот развој на подрачјето кои што досега биле запоставувани и на таа основа биле практично деградирани во тие аспекти од животот. Се смета дека во исто време ќе се создаде мрежа на фактори или институции кои што ќе го подигнат или поттикнат процесот на ревитализацијата, на одредени подрачја, процесот на заживувањето или обновувањето на определени стопански функции кои што природно се врзуваат со ресурсите и со можностите на одделни области, дека на таа основа ќе се влијае врз задржувањето на населението барем на она население кое што денеска се наоѓа распоредено на просторот на РМ, натаму истите тие институции како фактори ќе го не само поттикнат туку и поврзат интересот и тоа интересот на капиталот, на претприемништвото за подрачја кои што навистина носат перспектива на планот на материјалниот развиток, а кои

што чмаат сега без постоење на институции или на фактор кој што ќе ги валоризира и кој што ќе ги афирмира предностите и можностите на одделните простори.

Во рамките на Предлогот на законот, во рамките на предлогот од страна на Владата се смета дека се врамнотежени до значителна мерка и деликатните интереси кои што се однесуваат на меѓуетничките релации во РМ. Се тргнува од стојалиштето дека еден од темелите на стабилноста на РМ, на нејзиниот развиток е развојот на меѓуетничките односи или рамнотежата на тие односи или поставувањето или градењето на институциите во РМ на локално или на општо ниво со нужна, така да се каже, мерка на врамнотежување во рамките на европските и други стандарди и односи за да можат сите институции кои што се создаваат на кое и да е ниво во РМ да бидат стабилни во себе самите, а во исто време да продуцираат стабилност и на поширок план. Бидејќи тие интереси се исто така реални вистинското прашање е што се поставува, дали и во која мерка се тие респектирани без да ги нарушат стручните аргументи неопходно потребни за вршење на поделба на РМ на општини односно за востановување на нов тип на единици на локална самоуправа.

Нашето стојалиште е да приоритетни се критериумите кои што се иманентни на структурата на локалната самоуправа, а дека се изведени или подредени критериумите кои што се од општа природа кои што задираат и во меѓуетничките односи и кои што во крајна линија треба да бидат апсолутно образложливи во рамките на основната критериолошка матрица или во рамките на основните критериуми поврзани со создавањето на нов тип на општина.

Се надеваме дека во таа смисла можат речиси целосно да се образложат предлозите на Владата на РМ. Сметам дека како уводни укажувања во однос на овој Предлог-закон е тоа доволно, можеби во

општата расправа и во дискусијата можат да се објаснат и некои други аспекти, но само уверување е дека е повеќе месеци водена една педантна документација и досиејата за општините што се предлагаат во документацијата на Министерството за правда во мисла на барање, реагирање или изнесување на стојалишта и ставови од страна на населените места постојат и дека на таа основа Предлогот на закон се засновува некаде во 99% на барањето на самите населени места за формирање на општини, а во еден сосема мал број на примери, станува збор конкретно за три примери се предложија и општини во населени места кои што иницијално или на почетокот немаа свои барања, но откога ги објавивме како предлог на Владата со првата фаза, со Предлогот за донесување на законот до денеска ние имаме од тие средини, прво, едно неприфаќање на општината а подоцна имаме реагирање, еве денеска добивме во врска со Осломеј каде што се побарува промена на седиштето на општината, што значи прифаќање на таа општина како таква.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани дами и колеги пратеници. Ние пред точно три месеци го разгледувавме Предлогот или првата фаза на овој закон во форма на Нацрт-закон со сите негови атрибути, потреби, вклопување во она што значи европска поделба за локална самоуправа и неминовност од донесување на една нова територијална поделба која што заедно со единиците на локалната самоуправа ќе ја заокружи таканаречената четврта власт или локалната власт.

Во таа прва фаза вклучени беа и голем број експерти од науката, од различно сфери и ако евидентно недоволно, но сепак ни беше презентирана една верзија на закон која што беше прифатлива со своите

основни определби или фундаменти на кои што можеше да добие преодна оценка, се разбира со сите оние конкретни и општи забелешки кои што се нормални за еден ваков фундаментален закон кој што би рекол дури на некој начин и закон за иднината и развојот на оваа држава.

Не е едноставно да се приидe несериозно кон една ваква материја од типот на размислувања дека не е толку битно, дека овој закон не е многу важен и не треба многу да се подигаат и тензии и поинакви видувања и размислувања. Напротив, ваквите закони се донесуваат во еден подолг временски период и нормално треба да имаат подолг животен век. Притоа не би се согласил дека веројатно некои од овие нови општини никогаш нема да заживеат. Ако имаме такви прогнози и ако имаме такви предвидувања треба веднаш со таквите општини на почеток да раскрстиме, да не се заморуваме и ние и тие идни градоначалници и совети на општини.

Во тој предлог или прва фаза покрај општите социо - урбани, економски, географски, еколошки компактност и други фактори мене како на пратеник и граѓанин и како на Демократска партија на Македонија прифатливи беа два други основни столба на кои што се темелеше овој закон и кој што и денеска сметам дека треба да биде во преден план.

Првото беше намалување или уситнување на таканаречените мамутски општини од типот на Скопје, можеби малку помалку бидејќи Скопје е посебен град, со посебен закон, со заедница на општини, многу повеќе пренаселените градови при кои што веројатно во преден план со својата специфичност се наоѓаат Тетово, Гостивар, Куманово, Битола и другите.

Вториот јак аргумент беше, ревитализација на населени места цели региони кои што или се напуштени или од секогаш имале многу малку население, а што би рекле и многу малку живот. Овие две

определби ме упатија да дадам поддршка на Нацртот на законот со конечна верзија од 111 општини и со оној состав кој што беше предложен. Во меѓувреме веројатно се помалку науката, се помалку експертските мислења беа во игра, имавме и званични изјави од одредени експерти кои што се познати и пошироко, кои што го поднесоа и најголемиот товар при оваа конструкција од типот на почитуваниот професор Митко Панов, кој што очигледно во оваа вторава фаза, или малку биле консултирани или воопшто не биле консултирани, имаше и такви изјави, дури дека биле одбегнувани за да практично она што значи експертско размислување биде анулирано од овој конечен проект или конечна верзија која што оди во две фази.

Сигурно дека една ваква територијална поделба мора да има и одредена доза на политика бидејќи без оглед на тоа што ние дефинираме дека го одбегнуваме поимот на општествено - политички заедници не можеме да се оттргнеме од тоа дека идните општини ако претставуваат четврта власт, ако идните општини имаат и своја власт во склопот на тие единици на локална самоуправа, ако донесовме Закон за локална самоуправа,тогаш нормално е тие да имаат не само власт туку и евидентна моќ.

Сигурно дека мора да се респектираат и изнесените аргументи за стабилност на државата, за мирот, за разбирање за потребите на националностите и тн. и тн. Меѓутоа, сето тоа треба да има мерка за да не предизвика незадоволство кај мнозинскиот народ во оваа држава, тоа е македонскиот без да бидат нарушени правата на националностите, да таму каде што се таму се, така да јас морам да појаснам неколку работи кои што се обидуваат некои да ги изврат и да им дадат друга конотација и друга димензија.

Овој предлог на закон кој што можеби математички гледано малку се разликува само со девет општини повеќе, во основа има огромни

разлики затоа што претставува едно фундаментално нарушување на состојбите во двете најголеми општини во западниот дел, во Тетово и во Гостивар.

III/1.- ЛП-ВБ

ТО**МИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:(**продолжение)

Од кои причини, не ми е јасно, кон Тетово и Гостивар се додаваат околни населени места со претежно албанско население, ако не и 100%, за да биде националната структура на овие два града потполно изменета. Од сегашните во Тетово 52% Албанци, 58,5% Македонци и останатите, со"ова придодавање на Тетово на 11 илјади жители Албанци националниот состав би изгледал вака: Албанци цели 62%, додека процентот на македонското население паѓа на занемарливи 26%. Евидентно дека оваа математика треба да обезбеди едни комотни услови, едни релаксирани услови, на нивните локални избори со сигурност градоначалникот на општина Тетово да биде Албанец, а исто така и најголемиот број советници.

Слична е состојбата и во Гостивар, ако не уште покарактеристична, бидејќи градот Гостивар засега со оваа поделба има 43,4% Албанци, 38% Македонци, 13% Турци и останато. Со придодавањето на петте населби кон Гостивар, каде што претежно е албанско население, повторно се доаѓа до слични проценти и сличен однос на жители, 63% Албанци, 26% Македонци, со единствена цел, со нарушени критериуми на растоварување на градовите, на доминирање на урбаниот фактор по овие градови, со издвојувањето на рурални и урбани општини, практично се нарушува и уште една важна компонента или еден фундамент на кој што се гради овој нов закон за територијална поделба.

Кон општината Брвеница се додава населено место со чисто албанско население Гургурница со 1.456 жители, за да и сегашната предност во таа општина на албанското население, кое што никој ниту смее ниту треба да ја игнорира од 1.500 жители се зголемува на 3.000 жители со единствена цел да се обезбеди победа на изборите.

III/2.-

Инаку, ова населено место природно припаѓа кон регионот наречен Дервен кој што во целина е вклучен во новата општина со седиште во Желино на комуникацијата Тетово - Скопје, каде што и по логиката на нештата е поприфатливо и за Гургурчани и за сите.

При спојувањето на Тетово на националното место Порој, кое што е споено со Џепчиште, средиште на нова општина, кои што се залепени, и на селото Гермо кое што поминува низ Порој и Џепчиште и да се приспои кон Тетово е евидентна математика на оптоварување на градот Тетово. Зборуваме за урбани фактори. Се прашувам ако 11 иљади луѓе треба своите потреби да ги обавуваат во градот Тетово, дали може некој да обезбеди паркирање и воопшто комуникација низ сегашните улици на Тетово кои што претставуваат сепак солидни сообраќајни комуникации. Да не зборуваме за она што значат секојдневни трошоци на граѓаните, општена во соседно село, споени, дури и од Џепчиште во Тетово се пристигнува по современ пат многу побрзо отколку Порој, бидејќи Порој е поблиску до планината и се поминува преку еден мост кој што не обезбедува добра и интензивна комуникација.

Кон Тетово во таа прва фаза беа приклучени населени места до чисто албанско население, Вејце,Селце и Лавце, што е сосема добро затоа што овие три населени места немаат друга комуникација иако имаат поблиски соседни општини.

Да резимирам на овој план: Никој ниту ги преселува луѓето ниту има намера, оваа втора фаза тоа го прави за да создаде една конфузија, од која евидентно ќе бидат незадоволни и македонското и албанското население. Зошто? Затоа што ако Мала Речица во првата фаза преку својата месна заедница бараше седиште на општина, сега и го одземаме тоа седиште, го придодавме на друго населено место Голема Речица, а Мала Речица ја придодаваме кон Тетово.

III/3.-

Почитувани колешки и колеги, пред нас стои еден предизвик, една огромна одговорност затоа што ќе биде запишано дека овој Парламент во овој состав го донесе законот за нова територијална поделба на државата. Не е сеедно тој товар што ќе го понесеме дали ќе биде одраз на реалните потреби и чувства за развој на оваа држава или пак ќе понесеме еден товар оптоварени со дневната политика, моменталниот однос на сили и моменталните коалиции. Нека примерот на растурањето на Сојузот за Македонија со одењето на Либералната партија биде еден патоказ дека во политиката се е променливо и дека ништо не е вечно^ Вечни се само интересите.

И на крајот, сепак, со оваа моја дискусија и со предложените амандмани воопшто не навлегувам во многу опасните води да правам прекројување и стартување на некоја нова карта или мапа. Со мојава дискусија и со моето амандманско изјаснување давам 100% поддршка на законот кој што беше предложен во првата фаза. Значи, ве молам да биде добро нотирано, пратеник од опозицијата дава на владиниот предлог во прва фаза потполна 100% поддршка затоа што навистина во него беа вградени сите тие критериуми кои означуваат еден солиден научно втемелен и се разбира перспективен закон со се она што значи негово домоделирање, но во смисла на некоренити измени како што се направени во оваа втора фаза, барем за оние подрачја за кои располагам и со информации и за кои имам низа податоци.

Морам исто така да ја пренесам обврската што ја презедов пред моите бирачи, пред моите сограѓани, пред останатите политички партии од македонскиот блок кои немаат свои претставници во овој Парламент, да го изнесам незадоволството, да изнесам длабок револт дека на некој начин ова е последна фаза во она што значи запечатување на темните перспективи на Тетово и Гостивар како градови и нивниот севкупен развој. Ве молам ова да биде сериозно прифатено затоа што одредени

активности сеуште се во тек, не како притисок туку едноставно како информирање на пошироката јавност за да може да прави разлика дека не е сеедно дали едно вакво прекројување ќе се направи во Тетово или Гостивар и другите градови во западниот дел или пак тоа ќе биде некаде во Свети Николе, Штип, Струмица и нека не биде замерено на случајно избраните градови од источниот дел на државата.

Во смисла на одговорноста исто така ќе барам поддршка на крајот од оваа расправа за поединечно изјаснување на пратениците затоа што евентуалниот ваков усвоен предложен закон верувам дека ќе значи огромна хипотека на сите нас, која верувам дека ќе биде пренесена и на нашите генерации и не би сакал таа хипотека да не следи и со тоа поединечно изјаснување ќе сакам да остане запишано во записниците.

И само уште една мисла ќе искажам. На последната конвенција при номинацијата на Републиканската партија кандидатот за претседател Боб Дол меѓу другото го изјави следното: дека не е срамота и грев да се бори човек за фотелја и за власт. Исто така не е грев да се прават компромиси. Но, додавам, компромис никогаш не се прави ако се однесува вели до бога, до семејството, до честа, до должностите и до сопствената земја.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Лазаревски.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници, како пратеник на Социјалистичката партија од градот Гостивар денес ни падна така да речам историска задача да ги дадам своите мислења и забелешки по Предлог законот за територијалната поделба

на нашата Република кој во својот Нацрт идеја имаше најдобри намери и беше поприфатлив за повеќето општини да од гломазни и големи како што е гостиварската која по простор и по број на жители спаѓа меѓу четирите најголеми во Македонија. Според податоците гостиварската општина се простира на површина од 1.312 квадратни километри во пречник над стотина километри од Бадовина, Бошков Мост, Лазарополе. На овој простор со 86 селски населби живеат над 108 илјади жители, што иселени простори во ридско - планинските делови и што пренаселени во Полог. Нацрт законот предвидуваше 111 општини, перспективни и ефикасни и во функција на граѓаните, кои живеат на тие помали простори, географски и катастарски, економски и социолошки чинеа целини, што е и зацртано во Законот за локална самоуправа.

За Гостивар со овој предлог-закон претходната намера е загубена бидејќи на територијата на оваа општина се предвидуваат 9 нови општини. Сметам дека нема никакво оправдување кон градот Гостивар во кој живеат над 35.500 жители, да се придодадат 5 селски населби со околу 13.000 жители, од причини што градот има задоволителен број на жители за град општина, кој со децении не успеа да ги реши наталожените проблеми од сферата на урбанистичко просторните, комуналните, стопанските, нестопанските и другите елементарни сфери на живеење. Ако Законот за територијална поделба има за цел да ги растовари гломазните општини, тогаш со Гостивар е промашена работата. Имено, општина која брои 108.000 жители се дели практично на две општини. Гостивар со над 50.000 жители и 8 други општини со ист или приближно толкав број на жители.

Затоа, сметам дека придодадените селски населби се повеќе за градот и нема никакво оправдување бидејќи е чист политички потег. Еве и неколку аргументи кои го потврдуваат горереченото.

Село Здуње кое е на 500 метри од Гостивар, во чиј атар се и индустриските капацитети и фабриката за безалкално влакно, финални

производи, конфекцијата "Декон", "Метеора",а се градат уште други индустриски капацитети , се ставаат во новоформираната општина Вруток која е на 7 километри оддалечена, а општина Врапчиште во чиј состав и порано била и по сите критериуми и припаѓа се става Дебреше во Гостивар, иако припаѓа на поранешната општина Врапчиште и новоформираната општина Врапчиште.

Истиот случај е и со селото Чајле кое географски припаѓа на Чегранскиот регион и беше предвидено за општински центар со алтернатива во село Чегране. Најприродно е да припадне кон оваа општина во кој се Чегране,Форино, Тунчевиште,Корито, а оддалеченоста е само по еден километар. Ако кон сето ова се додаде и фактот дека местоположбата на Чегране е таква која со овие селски населби географски прави една целина, а исто така и проблемите на жителите и населбите се идентични, селото Мало Турчане, Беловиште и Балин Дол кои се под Сува Гора и од градот природно се делат, ги дели реката Вардар, логично е да припаднат на општина Долна Бањица,која исто така се наоѓа на десната страна од реката Вардар.

Моето ангажирање и залагаше за Гостивар да биде град општина, со што ќе се овозможи градот да ги добие сите градски белези, а од друга страна селските населби кои припаѓаат природно, кои не припаѓаат кон Гостивар, со овој предлог-закон му се придододадени, ќе им се овозможи побрз развој на граѓаните, поблиску до општинските центри и се взаемно, и за едните и за другите многу подобро и со подобри перспективи за сестран развој. На тој начин, со одвојување на селата околу Гостивар во посебни урбани општини со развиено земјоделство и сточарство, се прекинува кон една градска општина Гостивар да се елиминираат и тие да се занимаваат со своите основни дејности. Градот Гостивар како градска општина не може да се занимава со развој на земјоделството, сточарството, затоа што премногу има свои проблеми

кои треба да ги решава од основните урбани и свои потреби.

Гостивар како град општина би имал околу 34.500 жители од кои Македонци 36,4%, Албанци 43,9%, Турци 13,2%, Роми 4,9% и останати 1,6%. Со Предлог-законот Гостивар и петте селски населби структурата целосно се менува, што ви беше презентирано од претходниот пратеник.

Овие показатели зборуваат дека во поделбата е внесена политиката и е настанато договарање во кое Социјалистичката партија не учествувала.

Исто така се залагам селските населби Ново Село, Сретково и Церово кои географски не припаѓаат кон Маврово, катастарски припаѓале и порано кон општина Дилна Бањица, па барањето на граѓаните од овие три селски населби оправдано е и тие треба да се припојат кон Долна Бањица.

Верувам дека пратениците од сите политички партии правилно ќе ја оценат целисходноста и оправданоста на овие мои залагања и целосно ќе ги поддржат овие амандмани за општина Гостивар и за истите ќе гласаат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Чапов.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, не би сакал многу да дискутирам, меѓутоа, не би ја пропуштил шансата да кажам да се повратам на некоја дискусија од Нацрт-законот и тогаш бев јасен во дискусијата дека не се согласувам со бројноста на овие општини, 120, а сигурно ќе излезат и повеќе од тоа, со нивната организација, со финансиската конструкција итн. Меѓутоа, тоа е тоа, денес имаме пред нас предлог-закон за територијална поделба и

определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа. Би прашал само неколку зборови: за кого се донесува овој закон? Од кога желбите на граѓаните по месноста не се погодени, од кога имаме реакција на граѓаните, дали сакаме да го подобриме идниот живот на нашите граѓани, на селата,. затоа ли создаваме општини, или пак политички определуваме некои општини, а кога знаеме дека ги определуваме за позицијата бидејќи опозицијата не се согласува. На тоа би се надоврзал право со случајот во Радовишка општина, од каде доаѓам.

**СЛАВКО ЧАПОВ:**

(Продолжение)

Во законот за територијална поделба местото Ораовица е запишано во две општини, во новоформираната општина Подареш и во Радовиш. Поради тие причини останаа недорешени проблемите на селото. На неколку наврати одржавме состаноци со сите месности од новоформираната општина и денес кога видов дека во амандманите на Владата се предвидува село Ораовица да припадне во општина Подареш, а со тоа не можам да се согласам, не од моја гледна точка, туку од гледна точка на населението во село Ораовица, бидејќи селото Ораовица гравитира спрема општина Радовиш, на три километри оддалечена и тоа во нејзиниот атар држи села кои се предвидени во Радовиш. Тоа се село Дражанци, Дурутлија, Ќоселија, Саригол, Худаверлија, Ново Село и Шаинташ. Тоа се ненаселени села, меѓутоа, целосно гравитираат према општина Ораовица.

На овие состаноци се договоривме, бидејќи не беше точно регистрирано каде точно ќе припадне селото Ораовице се договоривме да поднесеме амандман тоа беа желбите на населението, не моја желба и беше во договор со мојот колега пратеник Чифлиганец каде ќе сакаат луѓето од Ораовица таму да одат. Искрено да Ви кажам они сакаа се да се менува, меѓутоа, знаеме дека законот е пред нас, не можеме да бараме промена на седиште, тоа може после со референдум да се издејствува, побараа да влезат во општина Радовиш. Амандманот од моја страна е поднесен, да се брише член 74, селото Ораовица, да влезе во Радовиш, каде што е и влезено. Меѓутоа, видов дека во амандманите од Владата стои да се брише од општина Радовиш селото Ораовица.

Ако не се прифати амандманот селото Ораовица да премине во Радовиш барам во Владиниот предлог барем да се впишат и селата кои сто по сто гравитираат спрема селото Ораовќца.

IV/2.-

На тој начин новоформираната општина Подареш да се спои со Ораовица и заедно со селата Дражанци, Дурутлија, Коселија, Саригол, Худаверлија, Ново Село и Шеинташ.

Не знам, министре, сигурно сте испуштиле овде. Овие села се над 500 метра над селото, не може да се оддели тоа. Или ќе оди цела Ораовица со овие села спрема Радовиш, или ќе оди Ораовица со овие села спрема Подареш.

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани дами и господа пратеници.

Важноста на законот за територијална поделба на РМ, кој а денес овде се наоѓа пред нас веќе во фаза на Предлог на закон, со прво деновиве ја бранува Македонската јавност, ја бранува така што може да донесе и бура.

Регулирањето на Локалната самоуправа, а во тој контекст и законот за територијална поделба на РМ со Уставот е дефинирано како темелна вредност. Тоа е право, а рефлексијата на тоа право законот за локалната самоуправа е територијалната поделба.

Донесувањето на овој закон, секако е Уставна обврска и е во функција на ефикасно заживуваше на законот за локална самоуправа.

Расипувањето на постојните 34 општини на повеќе единици на локална самоуправа се прави со цел да им овозможи на граѓаните своите секојдневни потреби да може да ги остваруваат на понепосреден и побрз начин.

Законот за нова територијална поделба за заеднички интерес на сите граѓани на РМ, без разлика на националноста верската и партиската припадност. Законот подготвуван од низа врвни стручњаци и авторитети од повеќе области, во соработка со надлежните научно истражувачки институции и нивниот исклучиво стручен ангажман требаше да

обезбедат реалност, правичност и со тоа да бидат исклучени секакви партиски интереси и поврзувања со изборите.

Констатацијата за законот која ја изнесов уште во првичната расправа за овој закон, пред неполни три месеци и понатаму е актуелно. Имено, станува збор за тоа дека овој предлог на закон при концепирањето малку ја 'користел науката а повеќе политиката.

Обидот на Владата да докаже дека овој закон заснова на научни факти е депласирана. Критериумите врз кои и граден законот се нејасни и магловити. Принципите не се подеднакво и докрај почитувани во поодделни случаи, при формирањето на новите единици на локалната самоуправа. Критериумите територија, број на жители, економски развој природни ресурси итн., се применувани со политика на два аршина.

Ако првиот предлог за донесување на закон ги преферираше општините поделени на урбани и рурални и се форсираше тезата дека овој закон ќе придонесе за побрз развој на руралните средини, со текстот на законот кој денес го имаме пред нас овој аргумент паѓа во вода. Сега се предлагаат уште 9 нови општини, а во постоечките се прават такви комбинаторики на кои им позавиделе и Карпов и Каспаров.

Светските примери и искуства во регулирањето на оваа материја, може би во нашиот специфичен случај и не можеле докрај да се пресликаат, да се применат во наши услови.

Ако 82% од населението во РМ, е сконцентрирано во една третина од нејзината територија, ако имаме територии со помалку од еден жител на еден км2 од една страна а од друга страна територии со 780 жители на еден километар квадратен, што е рекорд во Европа, можеби е потребен модел кој ќе вроди резултати во македонски услови. Притоа, секако не треба да се изгуби од вид и економската моќ и степенот на развој на поедини подрачја.

IV/4.-

Од предлогот што се нуди не се задоволни ни македонскиот | ни албанскиот дел од населението. Со овој предлог се врши разединуваше на македонското население а албанското се истиснува од урбаните и се турка во руралните средини, што е лошо за албанците.

Наместо да се понуди закон што ќе биде прифатлив за двете популации, како за македонците така и за албанците, кој ќе гарантира подобри услови за соживот и подобар економски развој за новите единици на локална самоуправа, меѓуетничките тензии се подгреваат и се доведуваат до точка на усвитување. Овој закон ќе придонесе за гетоизација на Западна Македонија, што секако не е добро за нејзиниот понатамошен развој. Владата преокупирана од својата опсесија да остане на власт по секоја цена врши трговија со територијата на Западна Македонија што може да биде кобно за македонската држава и нејзиното опстојување.

Под притисок на коалициониот партнер ПДП,СДСМ тргува со западна Македонија т.е. ја продаваат територијата на Западна Македонија г од која трговија не се задоволни ниту македонците ниту албанците и која го продлабочува јазот меѓу нив. Ова се самоочајнички напори на Владата да остане на власт по секоја цена, жртвувајќи го сопствениот народ, македонскиот со будење на својата територија и можноста за оживотворување на албанскиот сон за Илирида, а албанскиот се турка во Гетоизирани општини кои не придонесуваат за негов побрз економски развој.

Една стара виетнамска поговорка вели "да се направи добро е тешко како да се искачуваш на карпа. Но, да се направи зло е лесно како да се спушташ по карпата. Кога не може да се направи добро, доволно е да не се прави лошо.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Мислам, дека зема замав една линија на критика на овој закон која во најмала мерка логички нема никаква врска со законот, нема никаква

врска со последиците со законот, внесува не возбуда туку тензија до степен на иритирање и самата таа реторика е извор на иритирањето на односот и на чувствата на голем број граѓани кои ја следат оваа материја.

Трето, овие искажани мислења за кои ќе докажам дека немаат никаква врска со логиката, далеку од умот, практично создаваат комплетна мистификација за суштината на поделбата и на реалните последици поврза- ни со оваа поделба. ј

Првата дистинкција што мора да се направи се состои во фактот дека општините не ги тангираат прашањата на суверeноста на РМ, на нејзината политичка организација и дека на ниеден начин, логички ако се оди конкретно а само конкретно може да се биде коректен во однос на своите општи изјави не може да се докаже дека предлогот за создавање на општини создава опасност од Илирида, или со други зборови од создавање на политичка територијална заедница на националноста, на која и да е националност дека ја федерализира Македонија и дек а на тој начин ја става Македонија во една перспектива на неизвесност и на големи ризици за нејзината стабилност, а посебно дека се загрозува македонскиот народ, па од друга страна дури логички противречно, од една страна се загрозува македонскиот народ, а во исто време се загрозува и албанскиот. Значи, сите се губитници. Лигички би било точно дека постои опасност од федерализација на РМ, од создавање на неуставна политичка територијална единица во РМ, од нејзино федерализираше и сегментираше на политичко територијален план, доколку се предлага една голема област во РМ, пример во Западна Македонија да има една општина. Ако има една општина при тие пропорции на присуство на националностите и на македонците во таа област, тогаш се стимулира и реално се засновува политичко територијална сепарација на тој дел, федерализација на Македонија или создавање на Илирида.

IV/6.-

Сите ние тука знаеме и едните и другите и третите, тоа го знаат исто така сите што го следат ова Собрание дека албанската национал-ност како националност во РМ со 22,9% е населена како компактна група на компактна територија и дека во рамките на општините Тетово, Гостивар и Дебар, е во рамките на тие општини мнозинство како националност, а во рамите на Кичево и Струга е пропорција која што е еднаква со пропорцијата на македонците, а дека во рамките на цела РМ, е 22,9%. Би било сосема логички ако за тие општини се предлага една општина, за да може да се докаже тезата на почитуваната г-ѓа пратеник се создава матрица преку законот за територијална поделба за федерализација на РМ, што значи, бидејќи нема во овој предлог на една општина за тие пет општини, значи дека нема никаква логичка заснованост изводот дека овој закон е во функција на создавање на Илирида, што значи дека логички и сосема е надвор од Законот. Тоа напросто е фантасмагорија создадена во рамките на фантазијата.

Исто така, во дискусијата се укажува дека со Предлогот се раситнува македонското население што значи дека имплиците добриот предлог би требало според г-ѓата пратеник да биде дека секаде каде што има македонско население треба да се прави што е можно поголема општина. Теоретски тоа би значело цела источна Македонија, Средна Македонија, Југо-источна, Југо-северна да биде една општина, што е нонсенс, или не е една општина. Да има три општини, центар Штип, на пример, подолу, Гевгелија би можело, Прилеп би можело, евентуално, Битола би можела или некои други и да нема ниедна друга општина.

Во рамките на Западна Македонија за да не се расипува македонското население треба секаде каде што има македонци една цела општина. Бидејќи не е стварноста таква и бидејќи тие предлози не држат односно немаат никаква врска со концептот на локална самоуправа и бидејќи концептот на локална самоуправа нема тангенти во однос на суверeноста, федерализацијата или другото на типичните

политички конституенти во РМ, има нејзините интереси, што значи дека ни тоа не стои. Во истото се вели македонците се уситнуваат албанците се истиснуваат од градовите. Замислете, се констатира нешто што не постои. Тоа значи дека албанците што се во градовите се истиснуваат од градовите. Тоа е едната варијанта можеби, а втората варијанта логички како импликација би значело дека албанците кои не се во градовите и живеат во селата или во широкото рурално подрачје, треба сите да бидат во градовите за да не бидат истиснувани од градовите и се доаѓа до општините што денес постојат.

Сакам да укажам дека со еден куп на противречни изјави, со еден куп на комплетно нелогички ставови кои никако не можат да имаат врска со овој закон се создава заблуда која има само една ефективна линија која може да функционира. Тоа е звучноста на поемите кои се пуштаат како крилатици низ етарот и кои што се фаќаат од ушите на граѓаните кои не го знаат концептот, кои што аналитички не можат, и не мора да влезат во сиот мит, останува ехото, некој ги дели и раситнува Македонците, кај албанците некој ги стиснува градовите а основната функција, општа фрустрација. Имам длабоко уверување дека се тоа бескрајно невешто напишани текстови во определени центри кои не располагаат со доволно ниту знаење ниту аргументација, а ако располагаат со доволно знаење тогаш се недобронамерни, бидејќи не се впуштаат работно, коректно и аналитички кон текстот.

Морам да кажам и една многу интересна појава. Сите пратеници од парламентарната опозиција читаат куцани текстови. На ниеден не му дошло, да кажам, поттик, во различни дискусии да биде поттикнат да негира нешто или не по инспирација, по чувство на аргументација д а излезе усно и да соопшти и да реди факти.

V/1.-CJ/МЛ

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Таа продукција на гештетнер на такви реферати во овој случај ама апсолутно, маркетиншки ефект засниван само на ехото на звучноста, воопшто ништо на содржината на текстот.

По овој повод, за жал ќе морам да се осврнам на определени општи стојалишта бидејќи донекаде се доближуваат до оваа логика само по ефектите што може кај граѓаните да останат и до повеќе пати повторуваната една синтагма дека од првиот Предлог на закон се заснива врз стручни аргументи, како се оддалечуваме од првиот предлог до вториот предлог се напуштаат стручните аргументи и започнуваат да функционираат политички аргументи до степен како што имаше изјави во печатот од претставници на парламентарната опозиција до степен на таканаречено дневно политичко пазарење за да се создаде исто така преку таа синтагма како слоган расположение кај граѓаните. Расположението како психолошка категорија за разлика од мислењето или за разлика од ставовите е повеќе така да се рече, едно дифузно чувствување на работите и дека токму на таа основа се форсираат поттикнувачките фактори кои што одат на расположението, но не на мислењето, на расудувањето и на создавањето на ставови, критички ставови кај граѓаните бидејќи за создавање на милење, на јавно мислење, на јавно расудување и особено на јавни ставови е потребно покрај определба по волја за определени решенија потребни се аргументи или таканаречени сознајни, аналитички елементи, но овој дел на дискусиите не создава основа за формирање на јавно мислење и на јавно расудување во однос на тој закон туку создава само основа за формирање на расположение и тоа во црно бела техника односно во негатив- но или црно расположение.

Во таа смисла апсолутно се претерани констатациите дека се запечатува темна перспектива на градовите Тетово и Гостивар.

И, второ, дека компромисот никогаш не треба да се прави бидејќи е пренесено од Боб Дол, ако се однесува на сопствената земја што се имплицира исто така заклучок и се нуди да го прифати комплетно граѓанинот впечатокот дека некој прави компромис на сметка на својата земја и дека во рамките на тој компромис на својата земја оние два града кои се значајни Тетово и Гостивар имаат само темна перспектива.

И сега малку со факти, иако морам да кажам дека господинот пратеник Томислав Стојановски три пати има дискутирано по овој закон, сите три дискусии му се различни. Вчерашната дискусија е сосема поинаква и ако имаше критички ноти во оваа иста смисла, во која кажа, на пример, вчера, првата фаза од законот ја поддржува 100%, а овој закон го поддржува 90%. Сега го нема тој дел од 90%, вчера беше во опозицијата, во разговорот со опозицијата соопштен, меѓутоа да оставиме на расположението дека само правиот Предлог-закон за донесување на закон за локална самоуправа што 100% му се допаѓа.

Првиот настап на Конференцијата за печат во Тетово беа изнесени најтешки зборови во однос на овој закон и навистина два дена се мислев од што може да произлегува односно да произлезе таква оценка за овој закон. Кога ја слушнав втората верзија видов една диспропорција една огромна разлика меѓу првата и втората верзија. Оваа третата верзија некаде е на средината и ако е оваа просекот, само да укажам дека перспективата на Тетово и Гостивар не се запечатува ниту со ваков предлог иако не тврдам и не можам да тврдам дека овој предлог е идеален, или овој е најидеалниот предлог, и дека не може да се разговара за тоа што е подобар предлог од стојалиште на врамнотежување на сите интереси и на она што е неопходно да се претпочитува во случајот. На пример, со седумте селски населби околу Тетово не значи дека населението од тие седум населби го слегнавме во градот Тетово.

Населението и натаму живее во своите населби, а своите потреби во врска со комуналии, урбанизам и други потреби ги очекува од Советот на општина Тетово, од градоначалникот на општина Тетово и од институциите на локалната самоуправа конституирани во градот Тетово кој што со тие села претставува општина Тетово.

Истото се однесува и на Гостивар, само веднаш да направиме една голема разлика и тоа со критичка маса на аргументи. Сегашната општина Тетово и сегашната општина Гостивар, сега според постојниот закон за општини во РМ на ниво на 34 општини градот Тетово ги има како населени места сите села од општината Тетово. Градот Гостивар ги има сите населени места од општината Тетово. Како е можно со овој предлог да се констатира темна перспектива на Тетово или на градот Гостивар, а сегашната состојба според тоа, нужно мора да биде посветла за да може да се констатира дека сега е темна или дека сега се ставаат градовите во темна перспектива. Би било логично, ако зборуваме на ниво на формалната логика, да се каже дека сега се поставуваат двата градови во темна перспектива, а досега беа во некоја подземна перспектива. Тоа не беше кажано туку апсолутно беше имплицирано дека ова е полоша варијанта од онаа која што е која што апсолутно не функционира доколку аргументацијата за градот Тетово и Гостивар се само бројот на селата кои се поврзуваат со тие градови како општини, бидејќи тука фактите се апсолутно јасни.

Но, јас би кажал дека ниту сегашната положба веројатно на граѓаните »а градот Тетово и Гостивар ниту особено ова што се предлага е темна или мора да биде темно насликана и плисната така да се каже во очите и во психологијата на граѓаните кои што масовно се интересираат за овој проблем заради тоа што овие општини кои што ги предлага законот се општини или институции од областа на локалната самоуправа, не од областа на државата, не од областа кои што ги

V/4.-

тангираат границите, политичкиот суверенитет и дефинициите утврдени со Уставот. Затоа ако некаде има некои бравурозни комбинаторики еднакви на велемајсторите Карпов и Каспаров веројатно не се во рамките на Предлогот на законот и на субјектот што го предлага тој закон, туку на неверојатната комбинаторика или бравурозија која што сака да поврзе неповрзливи работи, работи кои не спаѓаат во иста рамка.

Сметам дека би било продуктивно и за Предлогот и продуктивно би влегле во амандманската фаза доколку би се одело со конкретни предлози, меѓутоа апсолутно легитимно е правото на пратеникот да се определи за политички оценки и тоа и негативни и продуктивни. Меѓутоа, и негативните би биле исто така упатни, корисни доколку би биле илустрирани со факти и доколку би била образложена врската меѓу фактот и оценката која што се дава како негативна или како страшно негативна. Се разбира дека не можеме да се договориме на овој начин бидејќи ова не е симпозиум, бидејќи не е ова структура на претставници кои што тргнуваат од исти претпоставки, па логички нив ги следи, се разбира дека тука можат да се гонат различни цели и тие се гонат, меѓутоа, што се однесува до законот и до Владата целите се јасно поставени, секој предлог можеме да го образложиме, не тврдејќи повторно дека е совршен предлогот. Меѓутоа, не прифаќаме еве вака без оглед, ќе бидат искажувани и понатаму, но оценките или, така да се каже паушалните, многу тешки, црни бои што се ставени не произлегуваат од логиката на законот. Напросто, во животот постои и логичко мислење и нелогичко мислење. Работа е на претставниците за што ќе се определат или за каква доза на комбинација на едното со другото.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Стојановски реплика.

V/5.-

(Пратеникот Аце Коцевски бара збор).

Не бевте спомнати господине Коцевски, немојте да се нервирате, ќе добиете збор, ќе ви дадам. Не можам да ви дадам збор кога зборува министерот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас можеби ќе прифатев некои од констатациите на министерот, ако тој во своето уводно излагање денес аргументирано прецизно и јасно ни укажеше на причините, аргументите, потребите од радикални промени во одредени општини. Тоа почитуваниот министер не го направи, остави на нас да размислуваме толку повеќе што очигледно добро ги следел моите активности во последно време и според тоа имаше и прилика и време да барем како предлагач тоа ни го достави во писмена форма. Вака, остави празен простор ние да нагаѓаме, ние да размислуваме.

Ако за министерот не е црна перспектива тоа што во Тетово и во Гостивар царуваат дивоградбите, што во Тетово и во Гостивар царуваат дрогата, шверцот, познати легла на сите оние незаконски дејствија кои што овде повеќе пати сме ги зборувале ако за министерот не претставуваат црни перспективи демографските движења да овие градови за 30 години во корен ја променат својата национална структура и ако за министерот не е црна перспектива тоа што никогаш овде не се излезе отворено да се каже дали со еден ваков наталитет и вакви демографски движења Македонија ќе има перспектива и каде ќе се најде по 30 или 50 години, тогаш јас не знам што друго да кажам. Дали не се црни перспективи секојдневно напуштање на вековните огништа, ако не е засиленото истакнување на афиш и дека се продаваат куќи во овие последни петнаесетина дена господине министре после овој конечен Предлог на закон, тогаш недај боже што треба да биде за да биде црна

перспективата. Ако во тие два града најголемиот број на граѓани кои што илегално преминуваат, кои што илегално дошле, кои што се доселеници, каде што го имаме и најголемиот број на проблеми и кои што нормално не можат да го решат државјанскиот статус, но сепак во континуитет го решаваат со разни притисоци и разни модуси, па и плаќања се разбира. Тогаш, ја се прашувам зошто да не се постави прашањето дали тој народ на- вистина треба да биде недоветен, заблуден и неписмен за да не може во сето ова да гледа нешто друго. Перспектива на некого, јас воопшто не реков во ниту еден мој јавен настап дека треба да се прави прекројуваше на она што значи 70% албанци во општината Тетово. Никогаш не го реков и денеска нема да го речам. И никогаш не сум помислил тоа да го кажам дека некого ќе го отселиме иако има и такви кои што треба да се отселат затоа што живеат диво во оваа држава.

Македонија не е држава која што може да прифати едни такви движења, Македонија е позната по тоа што најголемиот дел од нашето население оди на печалба во светот. Ние сега да примаме кај нас од други држави тука да наоѓаат егзистенција, не знам дали секоја држава која што мисли за своите перспективине ќе обрне внимание на таквите нешта.

И уште нешто, зошто толку вжештеност ако не добиваме ние тука аргумент, зошто на пример населеното место Порој се приклучува кон Тетово, а во неговото соседство се формира нова општина Џепчиште со три населени македонски села со вкупно 20 жители. Јас не реков дека треба некого да го избркаме. Не понудивте господине аргумент, Порој и Џепчиште претставуваат една агломерација, една прекрасна целина и ја прифаќам таа целина и сите ќе ја прифатиме и цела јавност мора да ја прифати затоа што е и природна и географска и урбана.

V/7.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Стојановски, ја се извинувам што ве прекинувам, времето за реплика помина.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Учениците од- двете села одат во исти основни училишта. Гургурница се придодава кон Брвеница. Гермо треба да помине за да дој- де во Тетово, кога тука долу во Џепчиште му е седиште на општината. Имавте, бевте, видовте. Имаме експерти, живееме таму. Никој воопшто не вика дека од градот Тетово ќе отселува некого. Меѓутоа, Тетово мора да си го поврати имиџот на град, да се разбереме. Не може Тетово вештачки да биде создавано.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г°сподин Стојановски, ве молам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Уште само ова господин претседателе. Мала Речица зошто да се приклучува кон Тетово. Бараше општина. Во Нацрт-законот беше дадена. Јас господин министре кога реков дека прифаќам 100%, а сега 90% мислев само не на бројот на општини, туку на овие вештачки додавања или одземања на Тетово и Гостивар. И, впрочем моите изјави и дискусии потполно се идентични една на друга. И не само во овие три карактеристични моменти и овие активности што ги користевте туку секогаш и секогаш ќе биде така затоа што ги познаваме состојбите, ги познаваме работите, ги следиме, се подготвуваме и за ваше разочарување ги изнесувам тука ставовите усмено, а не на писмено.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Коцевски деловничка интервенција.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Чувствувам потреба да реагирам заради зачувувањето на дигнитетот во случајов на_ пратениците на Пратеничката група на Либералната партија и на сите пратеници затоа што тоа утре може да му се случи на некој друг како и на Парламентот како највисок законодавен дом.

Крајно сум изненаден од, да речам, од неодговорната и недолична изјава на господинот Владо Поповски во која рече дека пратениците од опозицијата, веројатно мислеше на пратениците на Либералната партија, настапуваат само со пишувани дискусии, кои им се пишуваат од некој центар. Министерот Поповски е еден од министрите кој што јас навистина многу го почитувам во Владата и можеби единствен што досега имаше најголем слух за соработка со опозиционите партии, меѓутоа треба да сфати дека ова е парламентарна говорница, дека од овде треба да се зборува со аргументи и со факти, а не со квалификации и со обвинувања кон пратениците затоа што скратување на право е на пратеник да му се каже дали ќе настапи со пишувана дискусија или ќе настапи усмено. Се случувало и на премиерот и на претседателот на државата и на безброј министри да настапуваат со пишувани говори. Тоа значи е слободно право на пратеникот да се одлучи на кој начин ќе настапи дури по некогаш во светот постапувањето со пишувани дискусии макар кога се работи за мали текстови се прави заради почит кон собирот кон кого некој се обраќа.

Бидејќи министерот употреби такви квалификации, би го замолил од оваа говорница да даде докази едноставно од каде му се тие сознанија и разузнавачки информации дека од некој таен центар, добро

јас тоа таен си го додавам, од некој центар се пишуваат дискусиите или во спротивно да им се извини на пратениците од опозицијата за неумесно изговорените зборови и да му кажам дека јас имам намера како и многу пати досега да настапам без пишувана дискусија.

VI/1.- ЛП/ЉР

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Лазаревски, реплика.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Бидејќи внимателно го слушав нашиот министер, кој е секако надарен за ораторство со доза на иронија, меѓутоа никако не добив убедителни аргументи за општина Гостивар, посебно не добив аргументи за овие села кои се придодадени, а оддалечени, а за едно село кое е на два метри од Гостивар е фрлено во други населби. Според тоа, јас немам никаква намера тука да се спорам со министерот, туку останувам при она што писмено го напишав за да бидам покус, а не дека јас сум толку неписмен па некој да ми пишува реферати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Јанкуловски Живко.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, почитувани министри, пред нас се наоѓа еден многу значаен закон,закон за територијалната поделба на РМ. Овој закон кај граѓаните на РМ наиде на многу реагирања и тоа кај некои до разочарувања, што е нормално донекаде, па се до големо задоволство кај оние кои имаат желба да добијат општина и ја добија таа општина. Најважно од се е прифатените општини од страна на Парламентот да заживеат а граѓаните од тие општини да го видат благодетот од истите.

Нема да коментирам по однос на бројот на општините и по однос на Законот, беше кажано доста за овој закон, но ќе се задржам конкретно на предложената нова општина во Битола, преку поднесениот амандман од моја страна, а поддржан од голем број на пратеници, кој се однесува

за селото Ивањевци по населените места Трновци, Свети Тодори, Подино, Лознани, Новоселани и Вашерејци. Имено, предлогот за нова општина Ивањевци е многу содржаен и поткрепен со преголемата желба на жителите од сите наброени села, кои природно претставуваат една компактна целина, оддалечени еден до друг километри едно од друго, а истите заедно се оддалечени околу 25 км. од веќе предложената општина каде што треба да припаднат. Сите овие села имаат комплетно решена инфраструктура, организирани се со служби во с. Ивањевци како и основно училиште, Здравствена установа и ред други установа. Во самото седиште на општината се наоѓаат текстилна ф-ка, откупни станици за тутунски земјоделски производи и со формирањето на нова општина која би била поголема од веќе неколку предложени општини во Битола, а притоа нема да изгуби ништо ни општината Могила, бидејќи Могила би останала една од сепак поголемите општини во Битола, така штоп селото Ивањевци мислам дека ги исполнува сите оние услови кои се наведени и во самиот Закон. И двете општини кога би се формирала општината Ивањевци, она што го кажав и на почетокот вистински ќе заживеат бидејќи тоа го ветував нивната структура на земјоделски производи кои се произведуваат во ова село, текстилната ф-ка и ред други установи кои ги спомнав претходно. Можам многу да зборувам за овие села и за оваа нова предложена општина од моја страна, но мислам дека нема потреба од многу кажување бидејќи на многу наврати ова го имаме дискутирано и со министрите и мислам дека на крај ќе ме сфатат дека оваа предложена општина треба и да се прифати, а доколку не се прифати од страна на министрите, барам поддршка амандманот да се поддржи од пратениците.

Вториот амандман што се однесува на член 8 под реден број 18 за с.Долно и Горно Чарлија, овој амандман го поднесувам од причина што

истите овие села гравитираат под општина Могила, а не кон општина Добрушево. Тоа го поткрепувам со фактот што единствениот пат кој се наоѓа од с.Чарлија води кон Могила и во должина од 2 км,. а кон Добрушево изнесува некаде 6-7 км. и што е уште подрастично жителите од овие села треба да поминат преку територијата на општина могила за да дојдат до територијата на општината односно до селото Добрушево, односно да поминат преку с.Радобор кое веќе припаѓа во општина Могила.

Исто така ќе споменам дека сите жители од овие две села имаат поднесено и петиција, кои ја изразуваат својата желба да останат во с.Могила, бидејќи и ден денес нивните деца учат во с.Могила и сите комуникации им се поврзани со с.Могила.

Мислам дека ке наиадам на разбирање кај министрите и мислам дека е помал проблем да се прифати ова мое барање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динкСали Рамадани има збор.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Сот. Денес дојдов,не на оваа седница, туку само заради една единствена точка од дневниот ред и тоа по барањето на одборниците албанци на општината Кичево, на месните заедници, на мојот електорат и на сите граѓани албанци од општината Кичево, значи и со мојата согласност. Имам документи и материјали колку сакате, само нема да читам, не заради тоа што бараше некој, туку затоа така јас одлучив. Прво, затоа што кога беше предлогот за донесување на овој закон имав расправа од половина час, едно 12 страници, меѓутоа како што знаеше точно пред да се појавам јас на говорница беше прекинат директниот пренос преку РТВ. Зошто, тоа е вашето. Сега истиот материјал да не

го повторувам, да не го прочитам тука, затоа не сакам маркетинг и не треба многу зборови, затоа што сега имам уште повеќе факти, докази, аргументи и тука не треба многу расправа.

Само да ви кажам една работа. Вие се произнесовте тука за Владата, меѓутоа, ако се сеќавате кога беше реконструкција на оваа денешна актуелна Влада, вашиот премиер на мнозинството самиот изјави дека оваа досегашната беше стручна, експертска Влада, додека оваа реконструирана е политичка Влада. Затоа, пријатели мои, немојте да рараме тука стручни научни закони, туку политички закони, не само овој туку и другите кои беа донесени досега и оние кои ќе бидат донесени понатаму, доколку има некаков траен век оваа Влада. Значи, самата признаваше, стенографските белешки се тука, записници имав и тука немојте друго да чекаме. Кога би имал можност Стручни служби, институции, да одам по цела Македонија, би нашол аргументи катастрофа, не за Западна Македонија, туку и за цела Македонија. Тоа може само да претпоставувам од реагирања на нивните заедници на општините, граѓаните итн. дека нешто со овој предлог на закон не е вред. И навистина е политички закон, тука нема што. За Западна Македонија, Југозападна Македонија, Северо западна Македонија нешто сум повеќе информиран, но сепак не целосно. Јас одговарам во прв ред за општината Кичево и тука имаме информации, имам аргументи и сто вакви и слични влади да реагираат јас сум стручњак за Општината Кичево, ние ги знаеме нашите прилики, а Владата е смешна особено со првиот предлог за донесување на закон. Само да ве потсетам, тоа го знаеше на памет. Значи грешките се тука, се сеќавате дека Кичево беше одредено, предвидено без населени места. Тогаш ги бранеше Владата, интересите дека е вред, така треба, меѓутоа, по реагирањата на граѓаните па и на одделни пратеници сега веќе се приклучени четири села со македонци - жители а во едното од нив само еден стар човек

живее, како што е Осој, Кнежино, Раштани, значи, по првиот предлог треба да одат во Кичево и затоа се произнесе министерот, вашиот, нели, дека тоа било погрешно и треба да дојдат до семафорот во Кичево и да одат до Зајас уште 15 км. Смешно е за Кичево тоа! Или пак беше предвидено село Долно Строговиште, кое е само 3 км. нема до Општина Зајас кога евентуално би била општина, па треба да дојде прво до првата поблиска општина Зајас, па да помине низ втората општина Кичево, па ајде да се врати за Осломеј. Има ли тоа врска? Апсурд голем. Значи, патува 15-20 км. Или пак сега се приклучени уште две села со жители албанци, па сигурно заради Лазаровци, па ајде Мамудовци да биде до Кичево. Исто е смешно. Па Трапчин Дол . Значи, тоа е една мала корекција која за Кичево не значи ништо.

Сега додека првиот предлог, значи предлогот за донесување на овој закон имаше кардинални грешки и вториот исто така, јас би се согласил за прв пат со мојата колешка од Кичево, со првиот дел на нејзиното излагање. Затоа се прави навистина гетоизирање на Албанците и Македонците. Меѓутоа, албанците беа обвинети со децении дека се сепаратисти. Со овој, со моето мислење и барањето на Албанците од Кичево, одборниците, месните заедници, мојот електорат и сите граѓани, знаат, и ние сме против одвојување. Додека бевме обвинети тогаш за сепаратисти, сега за сепаратсите треба да се обвинува Владата. Значи така во Кичево да не одвои од Македонците. Ние не сакаме. Ние и така ќе имаме мнозинство и во општина евентуално Зајас и во Осломеј и во градот Кичево, ќе ви докажам дека албанците ќе бидат во мнозинство Нека не изиграваме дека се еднакви и слични, во општина Кичево па со Струга. Не, во Кичево бројот на албанците и според последниот попис на жители не е под 50%, туку 52,6% најмалку. А каде ние е дијаспората? Сите се државјани на РМ. Ако не беа тогаш или апстинирале од запишувањето, тоа е друга работа. Макдонците-39% и нешто. Значи 14% помалку Албанци, и не е во

прашање тоа, туку мене ми е жал и за Македонците во цела Македонија, а посебно за Македонците во Кичево, кои ќе се одвојуваат без нивна вина од албанците и ќе бидат уште посиромашни во тие две селски општини Вранешница и Другово без жители со мал број на жители, затоа што колку толку македонците се концентрирани со време во градот Кичево. Ние знаеме колку македонски села, па кога се предложени тука, да се приклучат со оваа или онаа општина, немаат ниеден жител. Немојте така.

Друго, не сакам да зборувам многу овој пат, затоа што зборуваат фактите. Вие се сеќавате првиот пат кога беше предлогот за донесување на закон дистрибуиравме материјали од Кичево. Имавте тука пред себе 18 печати од 18 месни заедници и одборници на општината Кичево албанци. Значи имаше реагирања и пред тоа до Министерството за правда, односно не е правда. Меѓутоа, и понатаму реагираат албанците. Овие денови најмалку, малку колку - толку овој пат сме информирани во сабота имале состанок Месните заедници одборниците албанци. Тоа беше вториот консултативен, па веднаш истиот состав со други луѓе во понеделник, а вчера во Кичево имаше протестен митинг. Од тој митинг и Собранието на РМ има протесно писмо, кое во секој момент треба да пристигне и во оваа сала. Истовремено со потписите на оние одборници и месни заедници реагираат и што бараат кичевчаните албанци во црв ред, но сметам и другите, колку јас разговарам со луѓе, прво, кичевчаните бараат да бидеа не сепаратистичка одвоена туку една единствена општина. Зошто? И така не е многу голема, но услови за овие 5 општини кои повторно се предлагаат во денешнава општина Кичево се смешни и апсурдни. Нема услови, да не набројувам тоа што сме рекле повеќепати дека со карта на Европа тоа нема врска, со Уставот и Законот за локалната самоуправа исто така. Не знам, луѓе, дали имало некоја група, комисија, да ги потсетува оние места. Каде ќе биде општината, барем одговарам за Зајас и Осломеј, затоа тука се

овие две општини и мојата изборна единица, од која не се плашам како ќе биде во иднина, ако случајно се кандидирам. Нема проблем, нема да има за мене во цела Македонија. Тоа не е маркетинг, да ви биде јасно. Било од каде да се кандидирам, затоа не станува сега збор. Меѓутоа, нема ни една мала клучница, нема ни една мала собица каде ќе биде идната општина. А ќе градиме нешто? Ќе градиме за ова време? Не. Исто и во Осломеј. Значи, кичевчаните албанци во прв ред, жал ми е што не сум имал време да ги прашам Македонците, ако треба и на македонски јазик во било кое време ќе организираме еден таков и сличен протестен митинг и ќе ви кажат и македонците. Колку сум разговарал со нив не бараат да се одвојуваат од албанците, не бараат посебна општина,, туку една единствена како што е сега. Меѓутоа, и понатаму цело Кичево ќе биде за една единствена општина. Меѓутоа, вие знаете по Уставот дека пратеникот ги посакува интересите на граѓаните. Меѓутоа, за време на својата расправа тој е самостоен, тој е веќе независен. И како такво и од научна гледна точка јас имав една солуција. Да не се мисли дека кичевчаните се тврдоглави, па и нивниот пратеник. Зошто? Ако треба да го дадам својот придонес сепак и ние да имаме уште некоја општина, постои една солуција, минатиот пат кажав, можеме ако се согласни граѓаните, јас би се согласил, да имаме две општини. Но во градот. Видете, и македонците од Вранешница и Другово, од овие кои се предлагаат како нови општини, и албанците од Осломеј и Зајас не сакаат никако да го дадат својот град. Зошто? Имаат инвестирано, вложен труд, пот за овие 50 години. Кој е тој будала кој ќе откаже од градот? Знаете како се одвојуваат овие села, пустина ќе биде, само куки, ниви приватни, ништо повеќе. Значи, треба да се дели на заеднички начин. Нека бидат колку закони дека ќе бидат јавни установи, претпријатија заеднички, тоа е прикаска. Ќе дојдат други закони, па ќе го ограничат тоа. Затоа тоа е исто како двајца брака, тројца или пет, кога се делат, кога го дела наследството од својот татко ќе примаат 10%, другиот 20, другиот 80%.

VI/8.-

Јас мислам населените места, на граѓаните од селата и од Кичево и македонци и албанци со овој Предлог на закон се загрозени. Тие губат се. Го губат својот живот, го губат својот леб и не им останува ништо. Што губат граѓаните, исто губи и градот Кичево. Ќе губи дрва, ќе губи планина, ќе губи се, зашто утре не се знае што ќе биде, тие граници ќе постојат како така, ќе губат болница, селаните а и оние кои ги имале тие згради, што останале од Гимназијата, Домот на културата и тн. Значи ова за Кичево не одговара. Не знам, можеби не во сите места во Источна Македонија, можеби, некаде има услови на инфраструктура, има индустриски објекти во некои помали центри, да можат да постојат општини» но во Кичево не.

**САЛИ РАМАДАНИ:** (продолжение)

Затоа, за секој случај би им предложил на моите избирачи, на граѓаните од Кичево и на Албанците и на Македонците да се направи така, како што имаме и амандмани, па да имаме две општини. Нека во Скопје има и пет општини, нека се одвои во два дела. И во едниот и во другиот дел има и Албанци и Македонци. Ние веројатно ќе гласаме за некој закон, не за овој за градот Скопје, туку за заедница на градовите и на општините, а порано ми се чини такво нешто имаше. Значи ќе имаме некаде и во градот поделен на две општини.

за секој случај уште една трета и нова солуција, еден нов модел. Ако случајно бараме да задоволиме некого, ако бара Европа и ние да одиме по нив и да имаме повеќе општини, уште една солуција за Кичево, да бидат четири општини, пет никако. Значи, пак градот да не го изгуби ниеден граѓанин од населбите, од населените места. Како? Па и градот на четири дела поделен но сепак седиштето да биде во Кичево. Така е по моето мислење. Така може би во Кичево некако ќе оди работата. Во спротивно не.

Уште една работа. Се сеќавате кога беше донесен овој закон 1-та фаза, имаме овде и записници, во стенографските белешки постои деак Собранието ќе ги зема предвид, од 56 пратеници колку дебатирале, мислењата и предлозите и забелешките на 16 пратеници, меѓу нив од тројца, четворица албанци, беше спомнато, стои тука и моето име. Значи, Собранието заклучи, Владата по повод изготвуваното на новиот предлог, конечниот предлог да се земаат предвид и забелешките на пратеникот Сали Рамадани. Сега што е работата. Владата се постави повторно над парламентот.

Според мене, ако добро прочитате што сме одлучиле тогаш, мислам дека парламентот треба да остане на своето, значи да ја принуди владата на она како закучила. Во спротивно ќе биде, како што е

речено парламентот сервис на Владата. Ако случајно е ваш сервис, мој сервис не може да биде никого. Значи јас да се дистанцирам итн. Затоа предлагам сепак Владата да се коригира па моите з белешки и тогашни и на граѓаните од Кичево да ги зема предвид и некако да се договориме, да се согласиме во Кичево да биде ваква поделба како што бараат граѓаните. Во спротивно, да не претам сега, имате и писмо и од митингот и од другите состаноци на одборниците, месните заедници. Во Кичево тешко дека ќе може некој со сила да направи нешто. И ние не со сила. Но, Ние со аргументи ќе останеме спрема првиот предлог, како солуција може да биде резерва вториот, евентуално и третиот а вака како што е даден овој закон да не се гласа затоа што во Кичево нема да се применува никогаш.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, дами и го-да пратеници.

Еве, јас од пратеничката група на Либералната партија сакам да го обовргнам министерот за правда дека пратениците од опозицијата сите не читаат и дека не е тоа правило ако некој чита или не чита дека нешто паметно или позначајно кажува. Лично мислам дека со тоа ги обесхрабри еден мал број на пратеници од сите пратенички групи па и од СДС кои досега навистина убаво си читаа, сега ќе им биде незгодно, а сметам дека ценетиот министер ова го кажа,така,не го мислеше, го кажа за поединечно, а така не мисли.

Всушност, по мое убедување реакцијата на министерот за правда г-динот Владо Поповски ја потврди заложбата на пратеничката група на Либералната партија еве оваа точка да се одложи или по можност редоследот да се помести на крајот од утврдените точки на дневниот ред, со цел да се оствари неопходната комуникација на дијалог со парламентарната и вонпарламентарната опозиција, заради тоа и од единствена причина што се работи за системски закон кој е од многу значаен државен интерес.

VII/3.-

Неспорна работа е дека сме во постапка на донесување на многу важен закон и дека во донесувањето на тој закон не е доволна само влдиниот предлог, или внатре Владините преговарања и договарања со коалиционите партнери кои ја сочинуваат политичката Влада, бидејќи се работи за закон, а и ние ги застапуваме и треба да се тргне од таму дека и Владата како политичка застапува само еден дел кој мнозинство има во пратеништвото и со тоа мнозинска поддршка и на Владата, туку ние како опозиција, посебно како пратеници од поодделни општини застапуваме одредени интереси, видувања и гледања на граѓаните како што не треба да се занемари и застапувачкото право и релевантноста на политичките субјекти од партиите кои моментално се вонпарламентот и сето тоа заедно, како што има политички карактер владиниот предлог, исто така, во застапувањето дали на одреден политички субјект вон парламентарната опозиција или на пратеници од поодделни општини, фактички е едно друго гледање на тој политички аспект на предложениот закон, кој, ќе повторам по своето значење е од многу важен државен интерес.

Визави, отсуството на таква една комуникација и еден парламентарен и вонпарламентарен демократски дијалог со парламентарната и вонпарламентарната опозиција, ако го гледаме и го коментираме по фази донесувањето на законот, ќе забележиме една тенденција на постојано зголемување на предложениот број на новоформирани општини и тоа од 80-тина па на 104, па на 111, и сега конкретниот предлог на 120 општини што се предлагаат со предлогот на законот. Фактички на тој момент ќе ја задржам мојата дикција на дискусијата, во мисла дека во тоа, да кажам, предлагање на плус 9 општини, нашата забелешка како пратеничка група на Либерална партија, нека ми извини г-ѓа Малинска е тоа дека ние фактички во тој предлог, поради отсуството на комуникација и дијалог со парламентарната опозиција, цениме дека не оправдано, единствено дијалогот и комуникациите се вршени внатре меѓу коалиционите

партнери СДС и ПДП со едно сомневање, пак ке кажам, кое сомневаше го создава непотполнетиот простор на дијалог и прифаќање во тој дијалог на ставовите на парламентарната опозиција дека фактички на предлог на коалициониот партнер ПДП- извршува зголемување на бројот на новоосnованите општини од 111 на 120, во кои заемниот интерес на другиот партнер е засилување на коалиционата Влада.

Ако понатаму се има предвид, тука е и официјалниот став на пратеничката група на Либералната партија дека ние, бидејќи не сме воспоставиле дијалог, не сме учествувале во тоа зголемување на бројот на општините, по барање на пратеничката група на ПДП внатре во Владините договарања, ние го поддржуваме оној предлог што е во бројот на 111 општини, односно претходната фаза на Законот. Тоа е официјалниот став на пратеничката група и во таа смисла за одбележување на еден друг момент а тоа е споредбата на овој закон со законот за локални избори.

Со не прифаќањето на амандманот на пратеничката група на Либералната партија во вториот круг за избор на градоначалник да одат двајца кандидати што ќе добијат најголем број на гласови, фактички се наговестува исходот во овие етнички повеќе национални општини, во случајот кога кандиастите за градоначалници, оние кои со бројка ќе го надминат сензусот од 10%, станува извесно во таквите општински средини исходот на избраноста на градоначалник.

Исто така, се има предвид колку големкиот број на предлагања на општини, ако се има предвид бојазноста дека добар дел, од нив нема или многу тешко ќе заживеат во своето функционирање, ако се има предвид дека може да се доведе до тоа градоначалник да биде избран со 15 до 20% по вака прифатениот мнозински модел за избор на градоначалници, повеќе од евидентно станува и целта на Владата и понатаму да доминира централната извршна власт спрема слабите единици на локална самоуправа односно на општините како што вика

VII/5.-

граѓанското да доминира Скопје, и во таа смисла мислам дека не е добро за остварување на она што стои во образложението, цел на Законот е најсоодветно со овој предлог на територијална поделба на РМ, да се остварува она право на локална самоуправа на граѓаните односно во задоволувањето на нивните потреби права и интереси во местото на живеење.

Друга една забелешка која исто така беше предлог на пратеничката група на Либералната партија а не се прифати во претходните фази во донесувањето на законот, тоа е да се воведе покрај овластувањето во Уставот,Собранието да го носи Законот по предлог на Владата сметам дека се испушти шансата во одредени средини да се спроведе форма на лично изјаснување во која одредени населени места би се изјасниле и би имале меродавност со извршност, изјаснувањето на тие населени места за тоа во која општина истите ќе бидат распоредени. Тоа многу ги буни на теренот граѓаните па дури и цели села и населени места, кои, еве, изразувајќи свое расположение, или нерасположение за да бидат во некое од ново формираните општини, навистина се ставени недемократски во една состојба, еве тоа пресудување да не зависи ама баш ништо од нивното изјаснување. ~Во таков случај и во ново формираните општини во постојната општина Кавадарци, ние како претставници од општина Кавадарци и јас исто така, сме едни од мал број пратеници кои ја прифатија поделбата на постојната општина Кавадарци на три нови општини Росоман и Конопиште, како погодена територијална поделба на постојното подрачје на општина Кавадарци.

Зачудува што и во првата фаза се искажаа од моја страна како пратеник предлози за селско населено место Галиште, наместо во општина Витолиште да си биде како што е историски одвај каде во општина Кавадарци и се прифати овде од министерот а за жал и за зачудување повторно фигурира Галиште во општина Витолиште. Не знам кои се причините кога и во непосредните контакти со министерот,

кога и од месното население кое потекнува од тоа село и со конкретен заклучок на Собрание на општина Кавадарци се бараше таква работа, се она што е застапувачко, така да кажам како функција и институт од општина Кавадарци и повторно би рекол во однос на целокупниот закон една интервенција со амандман, не се прифати нашата заложба.

Завршувајќи ја мојата дискусија по овој закон јас ќе повторам дека за општина Кавадарци поделбата на три нови општини Кавадарци, Росоман и Конопиште е задоволителна и коренсподира со расположението на населението од овие што се предлагаат нови општини, со исклучоци на одредено незадоволство во реагирањето на неколку села во ново формираната општина Росоман. Тоа се селата манастирец, и Трстеник, кои, ќе повторам поради неможноста со лично изјаснување да речеме референдумско во предвидувањето на постапката за донесување на овој закон да се интервенира за меродавноста и изврдноста на тоа каква е нивната вистинска волја да припаднат во општина Кавадарци или во општина Росоман, ради тој пропуст застапувајќи ги нивните интереси го искажуваме нашето јавно истапување дека во тие средини за разлика од почетната фаза на донесување на законот, во втората фаза се јавуваат такви реагирања.

Уште еднаш ставот на пратеничката група е првата фаза од Законот на 111 општини, се прифаќа.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Кратко укажување овој пат.

Дијалогот со опозицијата како предлог, да се одложи законот или да се помести во една од последните точки, Собранието се определи околу редоследот, но само сакам да информирам дека таков дијалог меѓу Владата и опозицијата се одржа вчера на пред комисиската расправа организирана од страна на Либералната партија со повикани претставници на сите опозициони партии и одделни личности.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Господинот Блаже Ристевски кој што на трибината кажа дека не припаѓа на ниедна партија што значи одделни угледни личности. Што значи дека тој дијалог навистина е направен.

Кога станува,збор за таканаречената експропријација на граѓаните од село во однос на градовите би сакал заради граѓаните што го следат ова Собрание да укажам дека таква опасност нема и дека Владата поаѓајќи од констатацијата дека сите граѓани имаат вложувано во објектите од општествен интерес лоцирани во градот како што се културни домови, спортски сали, јавни претпријатија, јавни комунални претпријатија, театри, архиви и сл. со законот за спроведување на територијалната поделба на РМ, посебен закон што го разгледуваше во прва фаза ова Собрание, сите тие јавни установи, јавни организации и јавни претпријатија се прогласуваат практично, сметаме дека тој закон ќе биде донесен во втора фаза како меѓуопштински по кој сите новоосновани општини кои што произлегуваат од претходната општина делегираат свои членови во управните одбори кои што го бираат директорот и управуваат со односните јавни претпријатија, јавни установи и јавни организации.

И, лично,само по писмено, усменото истапување, да не речам дека бев погрешно разбран за да не ја префрлам вината на другата страна, ете можеби погрешно се искажав, писмено истапуваше има момент на свеченост, на посебен однос кон предметот и кон собирот. Јас од тие причини генерално, апсолутно неможам ниту логички ниту како свој личен став да го негирам едното, да го преферирам другото и тоа не се однесува, се разбира на изборот, на начинот на истапувањето и во моето искажуваше немаше никакво барање пратениците да настапуваат усно. Јас искажав само впечаток кај еден број на пратеници кои што во своите писмени истапувања изнесуваат генерални секогаш негативни оценки,

реторички апсолутно изострени што е право на секој, се разбира, меѓутоа, кој што логички и аргументационо не се врзуваат за предметот и прашањето што го дискутираме, во случајот со законот. Ниту може да произлезат, ниту може да се образложат од стојалиште на предлозите во законот и дека таков тип на истапувања ни стана така да речам наеднаш видлив во една бројка повеќе од еден, два, од три, напросто прокоментирав доколку некој се најде засегнат во таа смисла, еве го моето извинување бидејќи нема никаков проблем околу тоа.

Се разбира дека сум свесен дека секој може да настапува со свој реферат, со несвој реферат, со коавторски или со секаков и тоа лично право и легитимно право, а инаку што се однесува до формата, писменото истапување во голем број на случаи е посвечен или поофицијален однос кон предметот и кон собирот.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Госпоѓа Малинска реплика.

**ПЕРСИДА МАЛИНСКА:**

Бидејќи бев спомната од господин Панчо Минов излегов само да му се заблагодарам на извинувањето, со задоволство го прифаќам извинувањето, без оглед дали е тоа негово лично извинување или пак извинување по нечии налог. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Лазаров деловничка интервенција.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Бидејќи оваа седница ќе трае подолго, се надевам и утре и бидејќи има многу предложени амандмани, се надевам дека и доста ќе стигнат

бидејќи постојано пристигнуваат, за поквалитетно да можеме да ја следиме работата и да одлучуваме поквалитетно, да не направиме грешка, предлагам и барам, во меѓувреме Владата да ја умножи оваа карта која ја имаат министрите кај себе, да ни ја поделат на пратениците за да можеме секој на место да го следиме, да го поддржиме или не со еден тон амандмани.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, господине министре, господа пратеници. Вакви жолчни расправии и жолчни дискусии и малку контроверзни и на системот и на, да речам, заедништвото и не знам како да се изразам, имам слушано веќе од 90-та година наваму и тоа расправајќи едно време до 12, до пет до 12 ноќе дали да ја донесеме одлуката за референдум и за текстот на референдумот за да гласаме, за Уставот и за други прашања и еве и денес по повод оваа многу битна материја која што не на некој начин туку директно не води во Европа пак има такви дискусии. Како некој дека ќе постави граници некаде и никој не смее да се грижи од ова локално место во она другото локално место и дека ќе треба да плати дури и царина. Така се однесуваме по малку, па дури се плашиме заради тоа што имаме повеќе националности да не дојде до нешто што би се рекло распаѓање на државата, што би се рекло затварање во еден не знам каков ќорсокак или круг или зачаран круг па да не знаеме како ќе излеземе на крај, а забораваме дека ние истите, еве пред некој ден, не вчера, завчера не посети претседателот на Парламентот на Сојузна Република Германија, се беше околу националностите, економијата и националностите.

Значи, сакам да кажам дека многу е добро и многу е убаво кога се расправавме овде за донесување на Законот за локална самоуправа, кога ја слушавме госпоѓата Гордана Силјановска како во Европа се

движат тие констелации, во какви односи се наоѓаат, па и на телевизија на тие тркалезни маси и тогаш и сега објаснувањето и тоа никако да ни влезе во глава дека тоа е само од две или три при- чини, ова што го правиме,според мене.

Јас други држави многу не познавам иако сум бил во 51 држава. Последната беше Албанија пред две или три години, бевме таму парламентарна делегација, а мислам дека Франција ја познавам убаво и одејќи на фестивали како млад и како постар, како водител на група, велат одиме во село тоа и тоа. Меѓутоа тоа село има градоначалник, има фабрика, градот е перфектен, градот е модерен, да го речам гратчето и тогаш, уште тогаш разбрав дека тоа е локална самоуправа и денеска јас поаѓам токму од тие аспекти дека ние според односите со Европа, да не речам дека сме селјаци, нема смисла, меѓутоа сакам да кажам дека поубаво ќе ги решиме наталожените, напластените проблеми од аспект на урбанизмот, од аспект на комуналната инфраструктура, тие работи се многу битни за локалната самоуправа и најубаво е тие што живеат таму некој друг да не мора да им биде тутур, не некој од надвор, некој од големо место, па само од центарот, односно не знам само кој дел од градот кој живее таму, па да се дојде до една стагнација па дури и успорен развој. А мислам дека вие добро знаете што значи успорен развој.

Еве и денеска овде слушам, и кога го донесовме Законот за комунална самоуправа големи противречности во нашите размислувања, големи множества од интереси, ако биде вака ќе биде онака, ако биде онака, што ќе биде. И еден голем страв. Па слушајте ако овде е кажано дека во Тетово, во Гостивар, во Дебар и што знам уште каде беше таму живее мнозинство население од албанска националност, па се знае, што е чудно ако таму биде градоначалник албанец., Што е, ќе се плашиме од тоа? Па не може да увеземе не знам од каде некој па да биде таму. Па

срамота би било ако така се однесуваме. Вие знаете дека јас предложив амандман Горно Оризари, Долно Оризари, Шуто Оризари. Тоа е сеедно. Една линија. Ако биде тоа општина, ако прифатите и ако имаме еден ром градоначалник, што ќе биде таму. Кој знае што ќе биде. Царина ќе платите сите кога ќе дојдете таму. Граница ќе поставиме. Нема тоа да биде. Сакам да речам дека она што е наталожено, напластено со години, сега лека полека ќе почне во од да се решава. И образованието и воспитувањето и комуналните проблеми и сите други според Законот за комунална самоуправа што на нас ни следува како граѓани.

Еден колега ме праша денес колку давате приходи, а колку земате. Даваме колку даваме, а не земаме ништо. Таму каде што живееме, скоро ништо. Населба Сингелиќ е населба Сингелиќ, како и секоја населба. Нема кал. Кај нас колку сакате има кал. Фала богу почна да се прави една промена, почна да се гради веројатно за еден, два, три месеци, ќе биде готова, еве деновиве една уличка ќе почне да се продолжи за километар, два, меѓутоа со стапуваше во сила на законот и она како што предвидовме во законот од 1.07. да живее општината, тоа сигурно во од лека полека прашањата, односно проблемите ќе бидат помали и помали.

Да се разбереме, мислам дека овој предлог, јас не ја познавам Македонија во детали, по села, како што е предложено, јас го признавам тоа и не е срамота човек тоа да го признае, меѓутоа мислам дека е многу хумана работа онаа таква територијална поделба, па дури како што зборуваше и сегашниот министер и минатиот министер да речам Гордана Силјановска општина со 5.000 жители, ама лека полека ќе биде здрава општина, добра општина, ќе се развива развојот на општината.

Понатаму, ние мораме да бидеме толерантни во нашето однесување. Соседството не смееме да го заборавиме. Мене ми е многу

мило денеска што го ислушав господинот Сали Рамадани, ние заедно со македонците, не сакаме да се делиме, тоа е добро, тоа не е лошо, тоа е добар знак и сигурно, јас сум убеден во тоа, сум патувал доста во тој крај, живееме заедно и јас имам комшија албанец, ние одиме кај нив тие доаѓаат кај мене, имам македонци, се разбира, роми, што има да делиме, па според тоа, јас мислам дека добро е да се размисли и да се обмислат овие амандмани што се поднесени, би и препорачал на опозицијата и на оние што се надвор од Парламентот опозициони партии дека ништо не правиме лошо за граѓаните на РМ.

Едно време не веруваа дека оваа држава Република Македонија ќе опстане, некој од партиите, не можам да речам сите, ќе потрае три месеци, 90 дена или 100 дена Влада и тн. се ќе се растури и секој ќе тргне накај себеси. Како што не веруваат и сега дека овој Закон за локална самоуправа ќе биде само од корист, благодет на нашите внучиња. Можеби ние малку ќе дочекаме да биде благодет, али нашите внучиња сигурно повеќе, ќе се европеизираме и на едно покултурно ниво во светот од сите аспекти ќе седнеме, ќе разговараме и сигурно нашиот развој ќе добие побрз темпо и тоа што засега сме многу гломазни и ако сме мала Република, туку општините се гломазни, општините припаѓајќи на оваа партија или онаа партија, јас во оваа сал сум чул зборови од еден колега, наш пратеник, епа кој ти е крив господин Абди кога живееш во таква општина, ВМРО-ска општина, така речи. Тие ми се пријатели, тие од ВМРО што се. Ние тука се расправаме, па седиме заедно јадеме, заедно пиеме, меѓутоа тоа е тоа.

Меѓутоа, дали тоа треба да биде така и заради тоа, заради вистината, заради хуманоста, заради толерантноста, заради самопочитувањето меѓу нас, заради почитувањето со нашите комшии, заради почитување и на националното да речам и на класното затоа што има и богати има и сиромаси и тоа е тоа иако има голема социјална тензија навиките што сме ги навикнале во социјализмот да се тргнеме

малку од тие балкански работи.

Јас некни реков една работа, ќе ја повторам, пред гости од надвор, толку големи напади имаше овој Парламент, овде, тука, и по улици и секаде како да нашите избори што ги спроведовме не беа исправни и Либерална партија беше внатре во Сојузот, како да се направија некои фалсификати, јас јавно кажав тогаш и сега кажувам дека наместо на овие "јунаци" простете, така да речам по малку фигуративно да им се рече алал им вера што се прифатија од толкава голема социјална тензија да бидат пратеници и да ја водат државата и институциите, Влада и тн., ние викаме по нив уа. Тоа не чини. Тоа не е добро. Што е. Ако биде некој друг од надвор сега оваа социјална тензија ќе ја нема, не е точно. Економијата не се создава за еден ден. Она што е изгубено за пет години, ние ја сочувавме државата, сега ни се отвораат патиштата, сега расправаме за кредити, сега ни даваат кредити. Па, сигурен сум ако и во местото каде што живеам се усвои тој мој амандман, наш, на нашата партија веројатно и таму ќе се изнајде нешто, некоја фабрикица. Ние ќе се потрудиме така што луѓето да бидат вработени, нивниот живот да биде подобар.

Јас мислам дека законот треба да се прифати, предлогот. Можеби некои измени ќе има, јас не ги познавам сите овие села, но ме радува што еднаш Република Македонија ќе се оттргне од она старо, затоа што овие општини постојат наназад да не речам колку години и одредени подрачја се зафрлени, запоставени, заборавени, заборавени во развојот, заборавени во човештината. Не може моето дете и моето внуче да учи и само 15 минути на час. Ова е вистина. Ете, тоа се прави.

Кога ќе имаме општина, образованието ќе биде во локалната самоуправа, ќе разговараме со тие наши пријатели дека тоа не е така.

**ФАИК АБДИ:** (Продолжение)

Јас имам службен весник каде што пишува на факултативна основа ромски јазик. Еден час неделно или два часа. Никогаш повеќе не го покренале тоа. Зарем сакаме да има што повеќе неписмени, се повеќе диви продавачи по улиците и тн. Сигурно не сакаме а тоа е успорен развој се доаѓа од школата што викаат во Австралија едни мои добри пријатели македонци. И сигурно ќе почне развој со голем чекор и мојата препорака е овој закон да се усвои, бидејќи има вложен многу труд овде и многу контакти со надворешни стручни лица, со Европа, земени се големи примери од надвор и затоа мислам дека ни фали нешто што не можеме да се одлепиме од тоа, некои квази толкувања за ова и за она. Ако некој бил, ако видел и ако е навистина тоа што се зборува, за Европа, за таа и таа земја, а јас би зборувал за Франција, тоа е тоа, не може да биде поинаку. А што ни фали, зошто да не биде така. Граници нема да има. Скопје нема да има пет општини. Ќе има шест општини. Не може да има само пет општини и да чекаме од општинарите не се знае на избори кој ќе победи итн. Но од овдека не се зборува за некој маркетинг, не треба од оваа говорница да се злоупотреби, што велат србите "има дана за мегдана" ќе дојде и тој ден и ќе излеземе на непосредни општи избори, секој граѓанин ќе го даде својот глас, онака како што тој сака, а не како јас што сакам или некој друг што сака. Не можеме да бидеме сите советници, сите градоначалници сите после година или две години пратеници и не знам што. Тоа е животот.

**МЕРСЕЉ БИЉАЛИ:**

Господине претседтеле, почитувани пратеници, господа претставници на Влада, добро е што Владата се присети да ни ја понуди конечната верзија, бидејќи според Уставот требаше практично 6 месеци после донесувањето на Уставот да се донесе и овој закон. Се работи за

сложена материја и според мое мислење било каков закон  ние да донесеме тука секогаш ќе имаме една или повеќе страни кои ќе останат незадоволни. Тука ние слушнавме секакви мислења, идеи, предлози итн. И тоа не е лошо туку добро, дури слушавме и некои крајно екстремни и неприфатливи предлози и мислења и квалификации дека се работи за гетоизација на албанското становништво албанизација на Западна Македонија, продавање на Западна Македонија и така натаму, нешто што воопшто не држи. Јас мислам дека ова прашање воопшто не заслужува да има политичка димензија и секако, проблемот е многу едноставен, освен ако ние не сакаме да биде едноставен туку сакаме да биде сложен. Проблемот е едноставен ако целокупната материја и целокупното прашање и целокупната проблематика се поставува без политичка димензија, по најмалку со едничка боја, од причина што не е тоа потребно а ниту заслужува такво нешто, туку едноставно проблемот треба да претставува како правно и прагматично, односно практично прашање. Материјата има правно значење од причина што кога расправаме за ова прашање ние треба да поаѓаме од фактот, од реалноста, односно ј од правната реалност дали понуденото решение е во согласност со опре- делбите на Законот за локална самоуправа, односно членот 13 на Законот за локална самоуправа кои ги набројувал условите за формирање на општина а тоа е природна економска и географска целина да постојат комуникации помеѓу населбите, тие населби да гравитираат кон взаемниот центар и секако како посебен услов да постои одделна објективна инфраструктура и тн. Значи, кога зборуваме за оваа материја, јас мислам дека треба да појдеме од тука и кога се зборува за одделни решенија во Законот исто така треба да се поаѓа од оваа база односно основа. Дали се тие граѓани во таа нова општина и нова конструкција македонци, албанци или турци, според мене или за мене воопшто не е важно, тоа е сосема и релевантно од причина што ние не можеме да гледаме на граѓаните врз основа на две

аршини или различни аршини не можеме да гледаме на граѓаните само од причина што и припаѓа на одделна национална заедница, да гледаме врз основа на други критериуми значи за една национална заедница врз едни критериуми, за друга други критериуми од причина што барем од формално - правен аспект и уставен аспект граѓаните се рамноправни без оглед на национална, социјална, верска и уште што не друга основа. Значи тоа воопшто не треба да не засега односно да не интересира, од причина што ако при вакви случаи се засновуваме врз национални критериуми, тогаш ние докажуваме дека една национална заедница спаѓа на туѓ елемент, односно една национална заедница ни пречи. Тоа е теза многу опасна за Македонија како целина. Ако проблемот се гледа врз национален агол, јас да ви кажам ќе бидам искрен дека како ПДП законот во целост не ни одговара, дури некои решенија воопшто не ни одговараат, меѓутоа, ние поаѓаме од определбата која стои во Законот за локална самоуправа и тоа ни е пречка, сакаме со тоа да се согласиме или не, а мора да признаеме дека мора да внимаваме како секој политички субјект на секој политички опортунитет, односно постои реалниот политички опортунитет во Македонија и балансот кој треба да се почитува од повисоки цели.

Тука беше речено дека при изработката односно при подготвување на овој закон премалку е консултирана науката, премногу политиката и јас би се согласил со тоа, меѓутоа, на штета на нашата партија морам да признам, една верзија на една група експерти да кажам како партија многу повеќе ни одговараше, отколку оваа верзија која е конечна сега и предлог на Владата. Меѓутоа, кажувам дека мора да внимаваме на политичкиот прагматизам на баланс на односите и тн. Ова прашање на прагматично значење од причина што мораме да признаеме дека ова проблематика е економска, социјална, психолошка и урбана целина, односно има социјална, економска и урбана димензија за себе си, нашата иднина е во земјоделието и сточарството, нашата перспектива

во Европа и во светот е здрава еколошка храна, а секако за да се постигне тоа мора да се создадат одредени предуслови, односно претпоставки а тоа е мора да се оди на конструкција на некои предуслови кои ќе го овозможат тоа што е кажано.

Тука се слушнаа. и некои според мене асоцијални дискусии а веќе имам прилика да читам дека веќе се приложуваат и асоцијални амандмани и проблемот во тие амандмани и дискусии се локализира како исклучиво национално, што според мене се смета за тотална неписменост. Се собираат се со цел наводно за една демократска консултација, за некои вонпарламентарни партии по три члена кој не знаат што да прават со себе си, камо ли да ги решаваат интересите на Македонија, се со цел да се создаваат тензии и така натаму што не е потребно,особено пред така важни седници. Тука беше предложено за Гостивар и Тетово чисто градски општини, што сметам дека не држи. Значи аргументот дека Куманово,односно кон Куманово се приклучени 28 села, кон Прилеп 27 села, кон Штип 38 села, кон Битола 18 села, се поставува прашаше зошто да не се приклучат кон Тетово б села и кон Гостивар 5 села. Мислам дека тука тој што предлага така лесно мислам дека воопшто не треба да се коментира и воопшто проблемот е многу јасен и многу тенденциозен и опасен. Селата Чајле, Балин Дол, Турчане, Белвиште и Дебреште кои се предвидени да припаѓаат на Гостивар како економска и урбана средина и веќе се интегрирани кон Гостивар, ако се предлага тие да се приклучат кон некоја друга општина тогаш нема логика,затоа што нема причина зошто:да се приклучат, ако целта економска и урбана е веќе постигната, значи не треба да дејствува ретроактивно, затоа што ќе имаме негативни последици. Јас и вчера во таканаречената предкомисиска расправа кажав дека проблемот не треба да се драматизира воопшто, по најмалку до тоа ниво кое беше вчера драматизирано и оттука од некои говорници без оглед на националноста, од причина што практично ние ги правиме првите чекори за можното функционирање на една локална самоуправа која не знае како ќе

функционира и дали ќе функционира сосема лесно може да се дојде до една состојба која веќе е актуелна во Словенија, некои општини да се расформираат од причина што економски и финансиски е неодржливо и тн. Значи ние мора на тој аспект да гледаме," како на нешто непознато и не толку значајно. Некој ги загрижува зошто во тие општини ќе се вработат 5 до 7 вработени од причина што и припаѓаат на одредена националност а не поаѓаме од еден реалитет дека во државната администрација имаме таква струк- тура на вработените што не е добро за Македонија, особено во западниот дел на Македонија. Сметам дека подобро е кон ова прашање да се пристапи реално првенствено врз основа на Законот за локална самоуправа граѓаните без оглед на националност не се жедни за нови општини, туку едноставно ним им е од повеќе од потребно да им се помогне при решавањето на егзистенционалните потреби, економските проблеми, образовните, културните и тн., што кога се расправа по законите,од^оваа област изгледа помалку не има тука и тоа исто така себе си треба да го поставиме како прашање.

**ЖРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, господа министри, сигурно потврдата за универзално прифатеното средство за конституирање на локалната власт и воедно за воспоставување на легитимитет и легалитет е територијата. Токму на дневен ред ни е закон со кој се регулира едно од битните прашања на политичкиот систем со сериозно влијание врз секојдневниот живот на граѓаните и вкупните економски и социјални текови во земјата. Токму затоа, пратениците на Социјалистичката партија на Македонија со посебна сериозност му пријдоа на овој закон и ги изградија своите ставови врз основа на интересире на членството, на граѓаните, посебно имајќи ги предвид изградените научни становишта во Република Македонија за ова

прашање. Глобалниот концепт на територијалната поделба што се инаигурира со законот треба да биде насочен кон обезбедување оптимален развој, а тоа подразбира урбан, географски, економски, социјален и нешто друго. Сигурно за локалните заедници и за земјата во целина од сосема сериозен карактер. Една од неговите основни цели е да обезбеди граѓаните што полесно да ги остваруваат своите животни интереси. Еден логичен концепт на територијална поделба на земјата што реално ќе функционира во практиката во животот, мора да се заснова на доследно почитување објективни и стручни критериуми. Секакво попуштање на притисоци на моментални политички аспирации, на поединечни интереси, така наречени пазарења на било која основа, го нарушуваат концептот во целина и можат да имаат далекосежни последици во функционирањето на локалната самоуправа, а со тоа и на вкупниот политички систем во земјата. Оттаму пратениците на Социјалистичката партија на Македонија сметаат дека со овој закон не смее да се напушти и да се наруши основниот концепт на локалната самоуправа. При тоа, посебно сакам да истакнам неколку елементи.

Прво, и покрај тоа што Законот е изготвен врз одредени критериуми, за жал не се тие јавно презентирани. Нивната јавна презентација ќе овозможеше нивна пообјективна проценка и ќе го олеснеше определувањето на конкретните решенија, наспроти тоа отсуството на јавна презентација за критериумите како основа за територијална поделба овозможи притисоци и подлегнувања на сепаратни интереси што резултира во недоследности присутни во понудениот закон.

Второ, непрепознатливоста на јасни критериуми во понудениот закон укажува дека не се во доволна мера почитувани научните сознанија за оваа проблематика, односно дека се отстапува до нив.

Трето, и покрај тоа што сите бевме свесни и се залагавме за новата територијална поделба на Република Македонија да се оформат

помали локалини заедници односно нивниот број да се зголеми, со понудениот е отидено премногу широко во оваа насока, така што се доведува во прашање основната концепција, единицата на локалната заедница,да биде пред се во функција на граѓанинот. Од една страна големиот број на општини што се предлагаат со Законот ги надминува економските можности на земјата, така што според објективни проценки, макар и најнеопходната администрација, ќе претставува дополнителен финансиски товар за населението.

Од друга страна, големата расцепканост на територијата на земјата нема да претставува импулс, туку напротив ќе биде кочница за регионалниот и вкупниот економски развој на земјата. Амандманите што ги поднесовме како пратеници на Социјалистичката партија на Македонија не се пристигнати уште и се во насока на подобрување на понудениот текст на законот и обезбедување на целина на концептот на локалната самоуправа штос е заокружува со овој закон. Сметаме дека со прифаќањето на нашите амандмани во значителна мера се придонесува за оваа цел и затоа ве молам со сериозност да пристапите во нивното прифаќање. Сигурно овој закон е еден од законите каде што секоја од нас како пратеник треба да биде над кусогледите сфаќања. Ако мислиме дека секој од нас ќе направи жив споменик доколку сопственото родно место, односно местото на живеење го направи општина. Многу сме се излажале. Зашто закони падне концептот и сите заедно и поединечно ќе бидеме виновни и ќе сносиме тешка одговорност пред граѓаните и пред оние што не изгласале и пред целата јавност. Со сериозен пристап кон ова прашање и оценката на министерот да биде студентска 5, ова беа ставовите на Социјалистичката партија.

**ХИСЕН РАМЛДАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитуван министре и претставници на Владата,

Ние, најверојатно се делиме и по тоа што едни сметаме дека носиме еден исклучително важен закон, кој малтене, претставува еден посебен систем во нашето организирање, што со еден свој дел тоа и го содржи, и другите кои мислиме дека е тоа еден, условно речено организационен закон кој што на една друга основа ја територијализира, во смисла на локална самоуправа, Републиката.

Јас, право да ви кажам, по малку припаѓам и на едната и на другата концепција. Ќе кажам од кои причини:

Прво, мислам дека законот е толку важен што тој долготрајно со оваква физиономија не може да издржи. Тој е толку важен што ќе биде постојано предмет на доградување и промени.

Да почнам од првото.

Господинот министер, со концептот на Законот за локална самоуправа, имаше концепција за градење на популациони територијално мали општини или помали општини, условно да кажам. Таа концепција во овој закон делумно е реализирана, делумно не можела или засега не е постигната согласност да се реализира. А, ве молам да ми верувате дека така како што е конципиран Законот за локална самоуправа, особено за неурбанизираните подрачја, тој, население повеќе од 10 илјади жители не може да поднесе за да оствари локална самоуправа, за да граѓанинот навистина учествува во регулирање на непосредните интереси на местото на живеењето. Не може. Волуменот, обемот, овластувањата, инструментариумот со кој располага се такви да не може да носат повеќе од 10.000 жители. Според тоа, јас очекувам дека ако го почитува тој закон овој закон, бар за неурбалните средини, тој временски со самиот почеток на

функционирање ќе мора овој критериум да го почитува се повеќе и повеќе, а тоа значи и да се менува.

Второ, Законот содржи две концепции односно два модалитети на општини. Објективно е тоа, не заради тоа што некој сака или не сака. Тоа се урбани и рурални општини.

Во урбаната општина ќе биде нешто друго и по содржина и по своја функција. Прво, затоа што концентрира во себе големо, поголемо општествено богатство, поголема интелигенција, поголема политичка, социјална, културна и секаква друга структура и второ, затоа што сакале или не Владата ќе делегира низа од своите функции, дел од своите функции пред се во тие општини. Тоа, од проста причина што не може сите 120 единки паралелно да ги носи со сите проблеми што таа ги носи со себе.

Меѓутоа, морам да ви укажам дека, според моето искуство за досегашните вибрирања во општините, веднаш со такви барања ќе се јават и руралните општини. Особено поголемите. И, што би рекле англезите итн.,итн., а тоа значи дека пак законот ќе биде подложен на промени по самата сила на функционалноста на дејствувањето.

Со овие два моменти сакав да докажам следно дека Законот е многу важен, тој не е толку судбоносен во смислата што секое слово денеска ни ја крои судбината. Тој е отворен, нормативен процес што мора и натаму да се доградува а веројатно сите институции што ќе бидат врзани со него на тоа ќе бидат принудени. Затоа, од таа гледна точка јас не гледам ниту голема предност што ќе се прифати како таков, меѓутоа не гледам никаква трагедија ни таков да се прифати.

Другата димензија за која сакав нешто кратко и по можност јасно да кажам, тоа е позицијата колку законот со самата своја структуираност на општините ќе создава спротивности, оддалечувања или зближувања село - град, задржување или трансфер на населението на релацијата село - град, развој или неразвој на просторот наш, село - град.

X/3.-

Мислам дека законот таква сила со себе не содржи, ниту другиот, за локална самоуправа, затоа што единицата на локалната самоуправа нема ингеренции ординерни во функција на развојот, ниту стопански, ниту културни, ниту образовни, ниту други. Тоа што се вели за културни дејности, тоа се само активности што ќе се организираат на ниво на локална самоуправа на културен план. Тоа не е развојна димензија во смисла на институционалност на разгранетост, разгранување на тие објекти. Според тоа тој, сам по себе, по моја оценка, таму каде што била цел да се формира општина за да се стимулира популациониот процес таму, мислам дека нема да ја врши таа функција. Со овие можности што ги има доколку самиот фактор економски, сам по себе не биде заинтересиран или не најде интерес по некој основ таму повеќе да се разгранува.

Сакам да кажам дека се лажни оние очекувања дека со формирање општина веќе ќе добиеме некој центар што ќе значи автомат- ски некоја стопанска динамика или активност сама по себе. Така барем концептот на законот и за локална самоуправа и овој тоа го нуди. Дај боже, јас сакам општините да станат некои импулси за динамизирање на стопанскиот развој, меѓутоа тоа што се сегашни ингеренции во едниот и другиот закон, тоа не може да се види. Општина веќе не може да се јави пред банка како гарант за да, на одреден субјект му обезбеди подобри услови или предност во добивање кредит. Тоа не може веќе општината да го прави.

Според тоа, јас не гледам можност овде тие процеси што беа прединамични, по наша оценка во движењето село - град да ги забавува и во интерес на селото и развојот, односно порамномерниот развој на Републиката да се одвива преку новоформираните општини. И, од таа гледна точка тврдам дека натаму ќе има потреба од измени на законот во смисла на оснажување на економскиот дел на општината како чинител на таа средина.

X/4.-

И последно, сакав да кажам нешто околу ова за што вештачки се дига прав во последно време. Тоа е врзано за територијалната поделба и популационата политика, условно да кажам или односите на населението во мешаните средини и состојбата кој сега добива а кој губи и што значи тоа дали нешто се гетоизира, одвојува итн.

Прво, мислам дека е најважно да истакнеме дека концептот не можел да ја избегне објективната реалност. Јас, како припадник на Албанците во Македонија сакам што повеќе да има и во град. Меѓутоа, факт е дека грото албанско население во Македонија сеуште е на село. Логично е дека општините што ќе бидат со седишта на село ќе имаат населени такво какво што ќе биде населението таму.

Е сега, што значи тоа доколку во градовите има помалку или повеќе население вакво или такво, дали правиме национални општини или правиме граѓански општини во кои што граѓаните, такви какви што се, ќе ги регулираат односите на добробид на сите? Мислам дека концептот тоа го следи иако може и има индикации да се тврди и друго. Јас сакам да кажам дека таа опозиција што е најостра во таа смисла дека се гетоизира, особено терминот оној тежок "се продава" сакам да се спротивставам со нешто друго.

Знаете ли каква тешка квалификација се има вчера изречено што јас за овие 40 години активен политички живот не сум слушнал? Еден лидер на една наша партија од една ВМРО-вска варијанта го кажа следново, буквално дека "на Македонците им прети опасност тогаш кога Албанците ќе слезат во град". Не сакам сега да го толкувам тоа.

Но, сакам да кажам следно дека, ако тој така мисли, ако што побрзо македонското население односно населението во Македонија во целина се цивилизира, тоа е во добро биде на сите. Кој и да е ако остане "на планина" а се подразбира што сакал да каже со тоа, тоа е на штета

на сите. Според тоа, не ги правиме општините вакви или онакви некој да остане и натаму во планина а некој да биде во градот, туку сите евентуално создаваат можности за живот достоен на човекот, а со градски амбиент,во доста цивилизирани услови за живеење.

Тоа морам да го кажам затоа што таа теза крие многу нешта во себе. Таа крие нешта што беа овие драстични ситуации што ги доживеаја одредени делови на Бивша Југославија. Мислам дека таква мисла е голема среќа што македонскиот народ не го прифати тоа и на овие, а делумно и на минатите избори. И, мене ми е лично многу драго што македонскиот народ таквите и тие не ги избра веќе двапати. Се надевам дека нема ни да ги избере. Оти тие н€ водат кон многу лошо.

Се извинувам, ова нема врска со темата, но е во сржта на нашиот живот па затоа сакав да го кажам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Најдовски

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа, Имам повеќе ливчиња меѓутоа ми се пишувани со слободна рака, не ми се пишувани од центарот па затоа изгледаат многу, и понекогаш мислам дека е добро со пишани реферати да се излезе бидејќи се работи за еден проблем каде што можат да се изречат и тешки зборови со далекосежни последици. Можеби е добро понекогаш да се пишуваат реферати, па; макар и од центарот нека бидат, наместо некому да му се каже дека не смее да го каже нештото бидејќи е во интерес на одредена цел. Така што ќе ме извините, на широко се пишувани, нема да бидам подолго од 15-тина минути.

X/6.-

Уште кога зборувавме за законот за еминците на локална самоуправна напомнав дека е добро уште тогаш пратениците во овој парламент да го видат Законот за новата територијална поделба на РМ и напоредно со тој закон, барем да го разгледаме и расправаме за овој закон од проста причина што е тесно поврзан и многу решенија што тогаш беа изнесени во тој закон се опфаќаат односно се поврзуваат со решенијата што се во сегашниот закон.

Но, ситуацијата е таква каква што е сега и би го рекол следново:

Уште со првите најави за работа на поодделни работни групи во Владата на РМ што работеа на денешниов закон на територијална поделба и определувањето на подрачјето на локална самоуправа беше изнесено дека изработката и донесувањето на овој закон ќе биде растоварен до било какво политичко, партиско влијание. И, дека основни начела за определување на територијата на единиците на локалната самоуправа ќе биде социо - урбаната, географската поврзана целина во која граѓаните од тие подрачја ќе ги остваруваат своите животни интереси.

Сметам дека одреден период можеби така се одвиваше и врз основа на тие критериуми изработката на овој закон. Меѓутоа, по мое мислење како времето изминуваше во изработката на овој закон се повеќе растеше тензијата да преовлада политичката компонента за да сето тоа кулминира со анализирање на меѓуетничките односи што треба да се разрешат со овој закон. И ако сите сакаме да бидеме растеретени ние, сакале или не мораме да признаеме во јавноста во последно време, посебно помеѓу донесувањето на Предлогот за донесување на закон и оваа верзија, таа тензија растеше.

Моето мислење е дека причините за една ваква тензија пред се лежат во меѓусебните договори на коалиционите партнери во Владата, при тоа исклучување на опозицијата што претставува голем дела од

граѓаните. Тука веднаш можеби некој ќе реагира дека опозицијата беше вклучена. Да, беше вклучена на вчерашната расправа предкомисиска што ја организираше Либералната партија,на која што, како што напомна и министерот, учествуваа и одредени политички партии и угледни личности кои се занимаваат со оваа проблематика. Но, беше само организирана и секој си ги изнесе своите забелешки и се остана на тоа.

Сметам, со оглед на тоа што се работи за закон што треба да регулира една област во подолг период, а не е закон само од интерес само на една партија, не е закон од интерес само на една одредена гарнитура што моментално е на власт, закон што може да има и далекосежни последици, сметам дека е неопходно постигнување на еден консензус на сите политички субјекти во нашата држава, бидејќи се работи за регулирање на област што, како што напомнав, е од долгорочен државен интерес.

Во спротивност сметам ако законот се донесе со договор само помеѓу претставниците на СДСМ и ПДП во Владата на РМ,при што претставниците на ПДП ќе искажуваат наводно незадоволство, донесениот закон може да доведе до јакнење на тензијата и нарушување на хармоничноста на меѓуетничките односи во нашата Македонија. А, за тоа, после е залудно да бараме кој е виновникот. Нам, на сите ни е познато како до сега успеавме да ја одржиме таа хармоничност, тоа меѓусебно разбирање и сметам дека на еден таков начин со дијалог и разговор треба да продолжиме и понатаму.

Во овој случај сметам дека тоа не е направено. Токму затоа пратениците од ЛП кога расправаат за законот за локални избори го поврзуваа со овој закон, бидејќи ако сега добро ги проанализирате новопредложените општини, новите подрачја, јас точно од прилика можам да знам каде ќе биде претседател Македонец, а каде ќе биде од албанската националност или од друга националност.

XI/1.- НН/ЉР

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ**: (продолжение)

Јас немам ништо против тоа било кој, од која националност да е претседател во било која мешана национална средина, но имам против тоа да биде на диригиран начин како што сака да се направи во овој случај. Затоа уште еднаш повторувам дека нас ни е неопходно да седнеме, сите политички субјекти во оваа држава за да се договориме по однос на овој Закон.

Дека политичката компонента надвладеа над останатите принципи посебно покажуваат изумените кои се извршени во последната фаза на донесување на законот односно предлогот за донесување на закон па до денешниот предлог на закон кој што го имаме пред нас. Синоќа имав прилика овде во Скопје на телевизија СИТЕЛ да ја гледам емисијата каде што угледниот и почитуван проф. Панов кој што до вчера безервнр ги поддржуваше варијантите на Предлогот на законот за територијална поделба изнесе низа забелешки и децидно рече дека недоразбирањата помеѓу науката и предлагачите на Законот настанаа после I фаза односно после Предлогот за донесување на Законот за територијална поделба односно недоразбирањата настанаа во оној момент кога настапи политичкиот фактот наспротив критериумите на науката и критериумите на практиката во нашата држава. Тој тоа го поткрепи со неколку факти, како што рече на пример, од неразбирливи причини се предлагаа нова општина Дрслајца во општина Струга , каде што се намалува македонското население во рамките во Струга, или наведе примери за Тетово. Како пример наведе големо партиско влијание со новоформираната општина Лескоец во Охрид каде што наместо претходниот предлог за донесување на закон, каде што се предлагаше седиште на општината биде Косел, сега се предлага Лескоец буквално рече дека тоа е исклучиво под влијание на одредена партија. Сметам дека таквите притисоци, таквите поставувања над науката не ми се потребни и дека тоа нема да не доведе до решенија какви што сакаме да

ги постигнеме со овој закон. Оттука сметам дека предлагачот треба да најдеа сили уште еднаш да се седне и да се поразговара при донесуван>ето на овој закон и да се врати на варијантата која што беше при Предлогот за донесување на закон кој што го разгледувавме во овој Парламент.

Следниот момент на кој што би се задржал е прашањето дали овој закон нема да биде во спротивност со одредени законски решенија кои што се веќе во сила во нашата држава. Имено во Законот за единците за локалната самоуправа во член 15 стои дека нови единици на локална самоуправа ќе се формираат по претходно прибавено мислење и изјаснување на граѓаните преку собири и референдуми. Во член 3 од овој закон се вели: "Основањето на нови општини, промената на подрачјето на седиштето на општините се врши со овој закон. Ако е тоа така, ако самите велите во член 3 дека се ова нови општини, тогаш се поставува прашањето зошто не се почитува член 15 од Законот за единиците на локалната самоуправа. Во склоп на ова прашање како дилема се поставува прашањето дали овој закон не треба да се донесе со двотретинско мнозинство.

Имено, во самото образложение на Законот се вели дека досега оваа област била регулирана со законот за подрачјето на општините во Социјалистичка Република Македонија од 1965 година. Ако е регулирана со тој закон, тоа значи дека се регулира и со денешниот предлог на закон, или како што рече министерот во своето уводно излагање денес дека се уредува една област и тоа како важна, како што рече, локалната самоуправа. Тогаш сметам дека согласно член 114 од Уставот на РМ, каде што се вели дека локална самоуправа се уредува со закон кој се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници дека и овој закон треба да се донесе со двотретинско мнозинство.

XI/3.-

Би сакал со неколку реченици да го изнесам и своето мислење по однос на новопредложената поделба на општина Битола од кое треба да произлезат 9, или ако се усвои и амандманот кој е во фаза на предлог за формирање на уште една општина од постоечката Битола. Навистина се обидував но не успеав до крај да ги разјаснам критериумите врз основа на кои е направена ваквата поделба.

Ако за формирањето на нови општини во Битолскиот дел од Мариово, како што се предложените општини Бач и Старавина,кои иако се со мал број жители но опфаќаат многу огромен простор од тој крај имам разбирање, пред себе си го поставувам прашањето и дилемата дали не можевме да изнајадеме некое поадекватно решение и поадекватно врзување на селата од Пелагонискиот дел на Битола. Навистина дилема ми е дали постоечкава расцепканост ќе придонесе за подобрување на судовите, или напротив тоа ќе придонесе за појавување на разни антагонизми кои што ќе имаат наместо подобро, тие жители да се најдат во една понезавидна состојба.

Втората дилема која се наметнува во однос на поделбата на Битола е дали со оваа варијанта на предлогот Битола и новоформираната општина Бистрица и селата кои што гравитираат према Грчката граница дали нема навистина да изгубат од тоа што Битола повеќе нема да биде погранично подрачје на РМ. Вас сигурно вие добро познато јас и кога беше расправата напоенав дека досегашните контакти кои што беа воспоставени помеѓу општината Битола и градоначалникот на Лерин навистина веке започнуваат да се реализираат одредени проектив во рамките на Програмата ФАРЕ, па не знам навистина ми се наметнува дилемата дали ни е и ова најсречното решение кое што во овој момент се предлага. Но со оглед на тоа што други одлучуваат за оваа распределба ќе видиме, времето ќе го покаже своето.

XI/4.-

Исто така, необјасниво е како на пример одделни населени места кои што се многу блиску до Битола можат да бидат префрлувани во друга општина за разлика од оние кои што се пооддалечени. јас и кога расправавме за Предлогот за донесување на законот, реков, но сега ќе го напоменам примерот со селото. од каде што јас доаѓам Кравари, кое што е само на еден ипол км. оддалечено од Битоал и кое што шо сите критериуми што и овде министерот објаснуваше припаѓа на општина Битола, а сега предлагате да биде на општина Бистрица. Овде јас денес ги поделив и потписите скоро на сите полнолетни граѓани од с.Кравари кои што немаат ништо против за тоа Бистрица да биде општина. Ако е тоа желба на граѓаните од с. Бистрица ние немаме апсолутно ништо против, напротив би им помогнале во формирањето на таа општина, но во овој момент сметаме дека за Кравари е пооправдано да биде во склоп на Битола, затоа денес ви ги поделив тие потписи. Иста е ситуацијата со с.Крстор и за тоа денес ви се поделени потписите. Јас уште еднаш ќе напоменам, за почитувам желбата на жителите од Бистрица, но се плашам дека можеби ќе дојдеме во една ситуација да и самите побараме после две-три години повторно да се приклучиме сит екон Битола.

Кога сме кај општината Битола само би напоменал, во склоп на општина -Бистрица беше ставено и сеуште е ставено с.Гнеотино тоа го расчистивме и во предлогот за донесување и во сега сметам дека тоа село нема никаква реална можност да биде во склоп на општина Бистрица заради тоа што е одделено со реката Црна од оваа општина и дека треба да се приклучи кон општина Новаци па бидејќи во спротивно за да стигне до своето седиште во општина Бистрица треба да поминува низ општина Новаци, општина Битола па дури тогаш да стигне во својата општина. Сметам дека тоа ке биде исправено.

Следното прашање и дилема која што пред мене се поставува е прашањето дали е најдобро одбрано решението седиштето на следната општина односно општината Сраравина. Дали не е подобро седиштето на оваа општина да биде во Маково. За тоа имаме поднесено јас и г-динот Видимче амандман со тоа што Маково онака е предложено да припага во општина Старавина. Ако се има во предвид географски можеби донекаде Центарот е токму во Старавина, но сите сообракајни врски низ сите тие села низ Маково. Можеби некој не бил, но од Маково и Рапеш да стигне до својата општина ќе може двапати неделно, бидејќи толку пати му оди автобус, понекогаш на зима не му пуштат и по две недели автобус, така да тие ќе бидат од својот центар. Можеби му било подобро да се прифати решението седиштето на оваа општина да биде во Маково, а сепак тие села што гравитираат таму да сотанат во новоформираната општина.

На крајот по однос на прашањето за Битола јас и разговарав со некои од луѓето кои што беа во подготовката на овој закон но навистина би го прашал министерот Поповски дали со новоформираните општини во Битола ќе има и општина во која ќе биде застапена двојазичност Бидејќи се обидов да дојдам до некој податоци од Завод за статистките, не успеав целосно да ги дособерам, сметам дека министерот треба да одговори на ова прашање.

Ова се само дел од дилемите и прашањата кои кај мене се наметнуваат по однос на изгласувањето на овој Закон иако свесен дека најмалку ќе бидат земени во предвид и дека овој закон ќе биде изгласан, но сепак уште еднаш повторувам дека по однос на овој закон ни е потребна согласност на политичките субјекти во РМ во овој момент.

Па би се задржал и со неколку зборови по однос на прашањето за измената на името на Титов Велес. Кога беше предложена во ова Собрание закон за измена на името на Титов Велес бев еден од оние дискутанти кои што ја поддржаа таа варијанта и бев остро нападнат како јас и оние останати со оглед на тоа што не бев само јас, туку имаше три-четворица што ја поддржуваат таа варијанта во дискусиите дека не ја почитуваме волјата на граѓаните на Велес. Г-динот Николов излезе и рече Велес има тешки социјални проблеми. Велес има м,ногу загадена средина, Велес има голем број невработени, Велес има не знам што какви проблеми и ние сега се најдовме да расправаме за името. Е, сега по се изгледа, јас тогаш реков по 6 месеци ќе расправаме за промена на името, но тогаш нема да биде предложено од некој од Либералната партија, ќе биде сосема друг. И многу тогаш иронично се насмеа. Сега навистина се прашувам Наместо за 6 месеци туку за овие 9 месеци дали г-динот Николов и неговите од Социјал демократскиот сојуз од Т.Велес ја решија невработеноста, ја решија загаденоста, решија ред социјални проблеми, па сега ќе ја поддржат промената на името на Велес. Инаку, јас да ви кажам денес имав прилика и го читав обраќањето на борците од Т. Велес и јас во целост ги поддржувам борците од Т. Велес.

**ЈОРДАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Бев предизвикан да станам на говорница, но ќе му кажам на г-динот Најдовски но мојот став е и понатаму е ист како пред 6 месеци и кога ќе се гласа за името за Велес, јас ќе гласам против. Според тоа не смеат да се инсилираат работи од оваа говорница. И денеска ги поддржувам оние кои што бараат да си остане името Титов Велес.

XI/7.-

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван потпретседаеле, почитувани дами и господо.

Јас му верувам на г-динот Николов дека ќе остане и понатаму да ги подржувам оние кои што не дозволуваат промена на името Т.В елес и се надевам. дека до крајот на расправата ќе поднесам амандман на онаа точка каде што е предложено наместо Велес да стои Титов Велес за да е јасно на граѓаните дека поддржувањето или неподдржувањето се изјаснува само на гласање. Во овој случај постојат две варијанти г-дине Николов. Или да поднесете амандман од страна на г-динот Николов за името Титов Велес да остане повторно Т.Велес, или втората варијанта да гласа против Законот, затоа што во Законот ќе се промени и името на Титов Велес. Во спротивно само декоративно и демагогија е залагањето дека ги поддржува борците од Т.Велес.

**ЈОРГАН НИКОЛОВ:**

Му благодарам на Најдовски, колегата за советот, но амандманот е во процедура.

МИЛЧО ТРАЈКОВ:

На почитуваниот г-дин Најдовски, јас сум еден од неговите од Николов, јас ќе му се обратам со презиме за да не и почитуваниот пратеник, јас го почитувам, во врска со името јас ќе ве потсетам дека ние некаде од прилика пред 9 месеци на оваа говорница рековме "јас немам поддршка во смисла од граѓаните ниту да гласа за, ниту против" затоа што едноставно во процедура меѓу граѓаните не е дискутирано за промена на името. Во меѓувреме за овие 9 месеци, точно е во Велес ниту безработицата, ниту загадувањето ништо не е решени и ништо не е случено, случено е само една работа седница на Собранието на град Т. Велес на која што е донесен заклучок и гласано е од страна на

одборниците за промена на името. Инаку во принцип јас мислам како пратеник немам за прво да предлагам одредени измени на закон кога за тоа не се консултирани граѓаните. Притоа мислам на закон кој се однесува на нивниот личен идентитет во смисла на она што ќе стои во нивната лична карта или пасош. Секако дека за тоа и ако се поднесе таков прелог треба претходно да постои одредено изјаснување од граѓаните, во овој случај тоа беше одлуката на Собранието на град .Т. Велес.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, јас на г-динот Трајков би му рекол дека добро би било да не запознаеа и нас и останатите пратеници дека во меѓувреме тоа се случило, но и да се случило мислам дека одлуката на Собранието на општината Т.В. во овој момент повторно не го исполнува оној услов за кој вие се залагавте да има непосредно изјаснување на граѓаните. И одборниците се триесетина, четирењетина, што значи јас не сакам ништо друго да ви докажам, туку да ви укажам на фактот дека основното со кое што се супроставувавте на тој закон беше тоа дека само граѓаните на Т:В. можат да го сменат името, само референдумот е валиден.

Јас во овој момент сакам да укажам дека нема ни референдум, ни граѓаните се изјаснија и сакам да кажам дека сето тоа беше само една политичка игра да се оневозможи да тоа не дојде случајно од оној кој што ние не сакаме да дојде.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ':**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и г-до, За мене е неспорна потребата од донесувањето на законот за територијална поделба затоа што потребата од негово донесување се наметнува од многу од поодамна и да не навлегуваме сега кои се причините што многу

се доцни со неговото влегување во собраниска процедура. Мислам дека јавноста во РМ со големо внимание ја следи нашата денешна седница затоа што по прилична мера е вознемирено со сето тоа што се случува околу предложениот закон за територијална поделба и би рекол со право, затоа што од сознанијата што можевме да ги добиеме во изминатиот период може слободно да се каже дека со многу прашања во врска со овој закон политиката надвладеа над реалноста, над научните факти и над сите објективизирани мерила и критериуми и принципи кои во почеток беа деклариран! во врска со определувањето на општините во РМ.

Локалната самоуправа е една од темелните вредности на Уставот. Во нормални прилики можеби овој закон не би побудувал толку внимание, меѓутоа во овој момент тој се наметнува како многу суштински а не како маргинален. Самиот факт што во текот на минатата недела бевме сведоци на многу обраќања на јавноста, дури од страна на вадини личности во смисла дека се водат преговори со Социјал демократскиот сојуз и партијата за демократски просперитет, дури и за секоја педа македонска земја, изречени од заменикот на министерот за правда Мерсим Положани, за кого јас лично гласав при изборот на -Влдата на РМ и мислам дека е врвен цинизам тој човек кој од оваа говорница се залагаше за Илирида сега да одлучува за територијалната поделба и во најмала рака тие негови неодмерени изјави внесоа голема доза на нервоза кај еден огромен дел од македонското население. Меѓутоа, тој како кандидат беше сувоен и сега не е тој виновен што е во позиција да креира одредена политика и во врска со територијалната поделба во РМ.

Мојов став е дека не е добро тоа што се случуваше во изминатите 10-тина дена, барем толку колку што знаевме зад очите на јавноста тајно

да се водат преговори помеѓу личности до Социјал демократскиот сојуз и партијата за демократски просперитет, се разбира неовластени од нивните етникуми да прават политички пазарења во врска со територијалната поделба. За тоа фактите зборуваат со самиот податок дека бројот на општините кои што беа предложени во Нацртот на законот, односно предлогот за донесување на закон и сегашниот закон е битно изменет посебно во делот на општините во Западна Македонија каде што е направено тоа пазарење и компромис.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (Продолжение)

Јас лично и мојата пратеничка група поради тоа инсистираме на јавноста да и бидат обелоденети имињата и презиманата, да речам во наводници, на "јунаците"кои ја имаат таа храброст за овие прашања во име на своите етникуми да се пазарат, а нема место нели за пазарење. Дури, ќе инсистираме по некои клучни амандмани да се гласа поединечно дури и за усвојувањето на Законот за да влезе во стенограмите односно во историјата на работата на овој Парламент кои се тие што нема да прифатат што се многу важни и суштински за голем дел од населението во Република Македонија. Таквиот однос сметам дека нема да доведе до подобрување на меѓунационалните односи во Македонија, туку баш напротив ќе дојде до нивно заострување во наредниот период.

Инаку, што се однесува до самата суштина на Законот за територијалната поделба, мојот став е дека територијалната поделба би имала смисла, поаѓајќи од темелните вредности на Уставот, доколку со неа се придонесе обичниот човек, граѓанин, жител на некоја локална единица со овој закон, односно со територијалната поделеност што ќе се направи ќе му се овозможи на најбрз и најефикасен начин да ги решава неговите егзистенцијални проблеми. Моето чувство од гледањето, читањето, и сите импресии што беа во врска со расправите што беа во врска со законот за територијалната поделба не ме убедуваат дека со ваквиот концепт, кој го предлага Владата ќе се постигне обичните граѓани да можат на таков начин да ги решаваат своите битни животни егзистенцијални проблеми.

Мислам дека за многу нешта во територијалната поделба во Република Македонија се виновни локалните општински функционери кои заради лични интереси, не лични за да придобијат нешто за себе, некоја материјална корист, туку заради својот рејтинг во тие средини ветуваа добивање на статус на општини и таму каде што немаше место,

како што мислам дека се виновни дел од нашите колеги пратеници кои од слични причини на таков начин лобираа, како што сносат дел од вината и лоби групите кои беа формирани во дел од населените места кои се здобија со статус на општини, а за волја на вистината имав впечаток дека најголем дел од членовите на тие лоби групи воопшто не живеат на територијата туку се иселеници кои многу одамна ги напуштиле тие места и сега им е многу лесно да кројат политика и да заговараат добивање на статус на општини во местата каде што едноставно тие само на викенд одат или за време на годишните одмори.

Таквата политика е, се разбира, со краток здив и нема да донесе до решавање на овој проблем односно до донесување на закон за територијална поделба кој ќе има трајна вредност. Јас сум длабоко убеден до тоа дека на Република Македонија не и се потребни 120 општи- ни во овој момент. Мислам дека е многу лошото тоа што Владата еднаш не може да сфати дека Македонија не е никакво експериментално подрачје. Ние и при првата фаза на законот јасно ги кажавме искуствата од Хрватска и Словенија и препораките од луѓето кои таму работеле на овие законски проекти, кои направија нешто слично што ние денес правиме,а само после неколку години увидоа дека тоа е погрешен концепт, праксата го негираше тоа што тие го загобараа и едноставно тие се враќаат на многу пореален да речам критериум и принцип за територијална поделба. За жал на нас за неколку клучни закони ни се случува да не учиме на туѓите грешки туку да се учиме ан сопствените грешки, примерот беше сличен со законот за радиодифузија каде што имаше многу комбинации кои ги нема никаде во светот, па овој закон, па законот кој минатата недела го усвоивме за локалните избори тн.

Се согласувам со сите тие што мислат дека оптимален број на општини во Република Македонија е некаде меѓу 70 и 80 општини односно дека оваа бројка од 120 општини секој граѓанин на Република

Македонија најдиректно ќе ја почувствува и врз својот џеб не само зара- ди тоа што треба да се вработат многу луѓе кои ќе бидат дополнителен товар на Буџетот на Република Македонија, туку и заради тоа што во многу општини едноставно не постојат никакви услови за функционираше на една сериозна локална самоуправа, што значи треба државата да инвестира во изградба на нови згради или во адаптација на постојните згради, да направи солидни кабинети, канцеларии за состаноци, да обезбеди средства за тековно одржување, за факсови, за телефони, за огрев и тн. тоа се сепак едни значителни средства кои велам секој граѓанин ќе ги почувствува по својот џеб со зголемени даноци за да може да се финансира таа локална управа.

Исто така, надоврзано на тоа што го кажав пред малку дека Македонија е експериментално подрачје, ми зазвучи изјавата на господинот Љупчо Поповски, дадена за весникот Нова Македонија дека на Македонија не им се потребни толку општини дека оптималната бројка е 70 општини и дека времето ќе покаже дека голем број од овие општини кои денес ќе добијат статус на локална самоуправа не ќе бидат во состојба да ги исполнат сите услови и дека тие едноставно сами од себе ќе го изгубат тој статус во наредниот период. Ако навистина искрено мисли така господинот Љупчо Поповски мислам дека тоа е многу штетно и би требало својот авторитет да го вложи, тоа што претпоставува дека ќе се случи за кратко време да спречи воопшто да дојде до тоа, за да може на многу посериозен начин да се разговара за овој закон.

Исто така, сметам дека е многу штетно што, покрај тоа што министерот за правда рече дека се водел дијалог меѓу опозицијата и Владата, јас лично вчерашната средба воопшто не ја третирам како дијалог,односно тоа е еден вид дијалог, тоа е факт. Меѓутоа,вчерашната средба требаше да послужи како еден вид на политички притисок врз

Владата и врз ресорниот министер за да сфати дека едноставно треба да седне со претставниците на опозиционите партии да разговара и да гради компромис по еден ваков суштински законски проект кој ќе има долгорочно влијание врз севкупното регулирање на односите во Република Македонија. За жал до тоа не дојде и тука имаме спротивни гледишта со министерот,што се подразбира под дијалог. Вчера беше едноставно само изнесување на сопствени ставови и гледишта од негова страна и од страна на сите присутни кои беа на собирот, но до вистински дијалог кај што се разговара меѓу две, три повикани страни воопшто не дојде.

Исто така сметам дека Владата нема конзистентен пристап при одредувањето на статус на општини во Република Македонија. Иако има други аргументи по кои може да се правдаат одредени решенија, мислам дека самиот факт што еден дел од општините,односно неколку општини ќе имаат значително мал број на жители, дури ќе имаме општини со 600 - 700 жители, а од друга страна ќе имаме општини и со сто илјади жители, зборува дека граѓанинот на Република Македонија различно ќе го остварува своето право за локална самоуправа. Тоа значи дека во тие мали општини нивните претставници ќе можат понепосредно да комуницираат и да ги остваруваат интересите на граѓаните, додека во големите градови еден претставник односно градски советник ќе биде избиран од најмалку 5000 граѓани. Тоа значи дека самиот концепт на локална самоуправа се губи и дека тоа преминува во претставничка демократија а не во локална самоуправа.

Исто така мислам дека аргументите што ги изнесуваше господинот Поповски, дека преку овој закон, преку новата територијална поделба треба да обезбедиме некој рамномерен територијален развој во Република Македонија во доволна мера не држат, иако јас би сакал со задоволство да дојде до тоа. Меѓутоа, мојот став е дека самата

територијална поделба и давањето на некои села на статус на општина воопшто нема да придонесе за рамномерен регионален развој, затоа што последиците кои ги претрпе Македонија од пред 30 и повеќе години, со големата миграција село - град, благодарение на онаа позната социјалистичка формула - електрификација, плус индустријализација е еднакво на социјализам, има и ќе има уште долго време штетни последици во Македонија кои многу тешко ќе се анулираат само со еден законски проект и од проста причина затоа што локалните самоуправи ќе немаат големи надлежности во таа смисла. Ако ние имаме сериозни и искрени намери да го ревитализираме и да направиме рамномерен регионален развој во Република Македонија за тоа треба да има сериозен проект Владата на Република Македонија и овој Парламент, да овозможиме на 1 тие луѓе што се иселиле односно тие што се таму а што имаат намера ј да го напуштат селото да останат, треба да изградиме современи асфалтни патишта, домови на култура и што е најважно треба да им овозможиме да добијат поволни кредити и други бенефиции за да можат да инвестираат во некој бизнис. Инаку "се е ветер и магла" односно "млатење празна слама" ако мислиме дека со донесувањето на овој закон за локална самоуправа ќе го заживееме селото. Јас потекнувам од село, многу добро го знам менталитетот на тие луѓе и верувајте ми дека од ова ништо нема да се оствари, ако Владата не направи сериозен концепт; по ова прашање за ревитализација на селото и за рамномерниот регионален развој.

Исто така, би сакал да кажам одредени конкретни забелешки по одредбите на Законот. Мислам дека законот употребува термини само општини и населени места без конкретно да наведе во ниеден дел од тој закон што се подразбира под населени места. Во таа смисла дадов и одредени амандмани, затоа што сметам дека таа аномалија на Законот треба да се исправи. Исто така, мислам дека голем недостаток е што во еден член на законот се дава право на Владата, по претходно мислење

на Советот на единицата на локалната самоуправа да може да промени име на населено место. Тоа значи ако се погодат од иста партија да бидат луѓето што се во Владата и луѓето во единицата на локалната самоуправа може многу лесно да ги променат дури и имињата на градовите. Во таа смисла мислам дека треба да се задржи постојното решение од Законот за подрачјата на единиците на општините од 1965 година, да може Парламентот со закон да ги менува имињата на градовите и општините, а Владата да може со одлука да ги менува имињата на останатите населени места, при тоа мислам на населби и села, по иницијатива на избирачите, собранијата на граѓаните односно избирачите и по претходно прибавено мислење од Советот на единицата на локалната самоуправа. Вака како што е утврдено со Законот мислам дека се даваат преголеми надлежности на Владата.

Исто така, има, барем за трриторијата што извонредно добро а познавам за сегашната општина Титов Велес, многу нелогичности со предлозите што се даваат за населените места. Има едно село кое се наоѓа на 6,7 до 10 километри од Велес а сега го^ставаат во општина Извор, во кое треба да оди назад да речам уводно уште 20 километри. Жителите на тоа село никогаш животот не ги терал да бидат поврзани за селото Извор и не знам од каде - тоа е една катастрофална грешка, можеби се работи за грешка во текстот, меѓутоа во секој случај би требало како аномалија да се исправи.

Исто така има една голема нелогичност со две села, Мартолци и Оморани,кои природно гравитираат кон селото Извор, кое сега добива статус на општина, учениците одат таму на училиште, а граѓаните се лечат таму во здравствениот дом во тоа село, кое е оддалечено само на 6 километри, а според овој закон за територијална поделба се ставени во општина Богомила, што значи треба 18 километри да одат во спротивен правец спрема општина Прилеп. Тоа е спротивно и на природната логика

и на течението на реката Бабуна, ако сакате. А за другите нелогичности во врска со селата Горно и Долно Јаболчиште кои треба да поминат низ општина Чашка, за да стигнат до својата општина Титов Велес, не би сакал да коментирам, претпоставувам дека и тука се работи за некое пазарење.

Исто така, мислам дека во изминатиот период се направи една непријатна работа во врска со Законот за територијална поделба, затоа што еден дел претставници на СДСМ се обидоа донесувањето на овој закон да го искористат за чисто партиски цели, претставувајќи се во некои од тие нови единици кои треба да добијат статус на нови единици на локалната самоуправа, како луѓе по чија заслуга тие ќе го добијат тој статус. Како поконкретни примери ќе наведам таму каде што лично присуствував во селото Богомила, каде што беше организиран турнир во мал фудбал, спонзориран од СДСМ и голема народна прослава, значи уште нероден петко капа му се крои. Допрва треба да го донесеме денес законот, а тие тоа го правеа пред месец дена. Исто нешто се случи и во селото Градско, односно населбата Градско каде што исто така имаше некои слични манифестации, големи народни веселби и фешти во чест на добивањето на статус на општина, после првата фаза на Законот иако тој сеуште не е донесен.

Мислам дека ова се сериозни работи и секоја сериозна партија би требало прстите да ги стави на страна од вакви државни работи, кои можат да имаат долгорочни последици, затоа што ако тие сакаат да ги приграбат за себе заслугите што некои единици на локалната самоуправа ќе добијат таков статус сега, ризикуваат утре ако дојдат други партии на власт да го направат спротивното со едноставно просто мнозинство овде да донесат закон, со кој истите тие општини ќе го изгубат тој статус што ќе го добијат при донесувањето на овој закон. Сакам да ви кажам дека сепак се ова државни работи, каде што партиските интереси треба да останат многу настрана и дека треба

маркетинг и други работи да се прават по други теми, а не по вакви прашања.

Исто така, би сакал на крајот да го искажам своето мислење од еден дел од законот кој предизвика претходно бурна расправа во вид на реплики во врска со промената на името на општина Титов Велес во Велес. Вие добро се сеќавате пред неполни девет месеци предложив закон за измени и дополнувања на Законот за подрачјата на општините чија цел беше на градот Титов Велес да му се врати вековното име Велес. Тогаш бев подржан и од Владата на Република Македонија и од двете матични комисии на Собранието, меѓутоа за жал тој закон не ја доби поддршката на пратениците од СДСМ и не беше усвоен. Аргументите кои главно се корситеа тогаш беа дека се нема добиено мислеше од општинското собрание, дека за вакви крупни работи граѓаните треба да се изјаснат на референдум или слични конструкции што беа претходно спомнати дека граѓаните на Титов Велес се многу сиромашни и дека скапо ќе ги чини промената на документот.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ: (**продолжение)

Се разбира тоа е само еден вид на социјална демагогија затоа што јас лично воопшто не сум убеден, баш напротив, животот на граѓаните во Велес во изминатиот период уште потежок им стана, посебно со проблемите кои се случуваат во фабриката за порцелан. Меѓутоа, секоја работа што ја носи одредено време има одредени свои цени и парите би требало најмалку да бидат важни за едни вакви крупни работи, затоа што министерот Фрчковски кога беше министер за внатрешни работи измисли една волшебна формула како да го издрибла или да го надмудри Уставниот суд на РМ по донесувањето на Одлуката за укинување на табличките за автомобилите, кога само со давање на една лепница фактички сето тоа стана многу евтино и корисно. Во случајов со слични решенија затоа што граѓаните и онака треба да ги менуваат документите, зборувам пред се за табличките на автомобилите, со налепница може да се најде решение. Значи, кога се сака се се може.

Меѓутоа, сметам, самиот факт што Владата предлага вакво решение а во образложението вели дека тоа го прави до причини што во Собранието веќе била покрената иницијатива за промена на името на Титов Велес, претставува еден своевиден врвен цинизам затоа што јас колку што сум паметен да резимирам, мислам дека идеите и иницијативите се добри или лоши, без разлика до кого потекнуваат.

Пратеничката група или дел од пратеничката група на СДСМ во случај во просудува поинаку. Значи, битно и е не што се предлага, туку кој го предлага. Некој во шала би рекол дека истите луѓе треба да бидат предложени за Нобелова награда за физика или хемија затоа што измислуваат некоја формула според која идеите и иницијативите имаат препознатлива боја, мирис, вкус итн.,што се разбира не е вистина.

XIII/2.-

Јас и понатаму останувам на својот став дека е крајно време да дојде до промена на името на Титов Велес во Велес затоа што интимно верувам дека е тоа и мислење на поголемиот дел до граѓаните на Титов Велес. Сметам дека тоа прашање на времето кога беше предложено беше непотребно исполитизирано, беа изречени многу тешки зборови, добивав и закани дека треба да се иселам од тој град, дека ќе бидам претепан итн. Мислам дека е тоа работа што ја носи како своја одлика времето во кое живееме системот што го градиме и промените што мора да ги направиме затоа што некои работи што останале во наследство од порано едноставно времето не може да ги издржи и тоа што го направија останатите републики од поранешна Југославија кои далеку пред нас го променија името на нивните градови кои го носеа, крајно време е и треба да го направиме и ние.

Јас и тогаш реков дека улогата на Јосип Броз Тито е неспорна во антифашистичката борба така и за решавањето на националното прашање на Македонците, исто како што е неспорно и за националната афирмација на македонскиот народ и националностите што живеат во Македонија. Меѓутоа да оставиме за Јосип Броз Тито да зборува историјата, а ние да го направиме тоа што треба да го направиме и да не дозволиме име на наш град да носи негово име и да не биде идентификувано со држава која сега не постои и со држава која неоправдано сака да биде единствена наследничка на Поранешна Југославија. Ќе се согласите со мене дека сега Република Македонија е независна самостојна и суверена држава, според Уставот со кој се уредува дражвно - правниот карактер на Републиката. Впрочем Словенците први го променија името на Титово Велење во Велење иако Словенците можеби треба да му бидат повеќе благодарни на Јосип Броз Тито поради Истарскиот дел а и поради тоа што има одредени словенечки корени.

Исто така сосем доволни подолги беа направени и со самиот факт на донесувањето на одлуките на отстранување на фотографиите на Јосип Броз Тито салите на Собранието односно од салите каде што ние заседаваме и останатите сали во Парламентот што е направено уште во јануари 1992 година и со Уредбата на Владата за отстранување на фотографиите на Јосип Броз Тито од просториите на јавните установи. Значи сосем доволни предуслови без идеологизација во сферата на работењето на државните органи, претпријатија и институции.

Исто така самиот факт за донесувањето на Законот за престанување на важноста за името и ликот на Јосип Броз Тито во 1992 година се направени сите предуслови, како и со самиот факт на донесената одлука од страна на Уставниот суд на СФРЈ пред да се распадне Југославија прво во 1989 па после во 1990 и 1991 година, дека и самиот закон за потреба на името и ликот на Јосип Броз Тито бил противуставен уште во времето кога се донесувал.

Борците на Велес беа многу упорни во тоа време вчера одржаа сличен состанок, ме поканија, на кој не присуствуваа веројатно од ним познати оправдани причини останатите пратеници од СДСМ и од раководството на нивната партија денес. Значи, мојот став дека тие се принципиелни. Меѓутоа имам една голема замерка. Кога јас бев иницијатор за промена на името се обидоа многу остро да ме нападнат. Сега кога тоа го прави Владата односно СДС се многу благи и едноставно како организација на воени ветерани остава еден сомнеж за нивната непартиска, неполитичка определеност и непристрасност.

Самиот факт што името на градот Титов Велес е добиено со закон на Президиумот на АСНОМ во 1946 година со претходно одржан митинг на Градскиот плоштад, доволно зборува, како што за тоа зборуваат и постоечките законски прописи дека нема потреба од референдумско изјаснување на граѓаните затоа што тоа не е ниту на референдум

направено ниту пак има законски основ да се направи со референдум.

Колку што јас се сеќавам совевремено по тој закон беше барано мислење од општинското собрание. Тогаш не дојде. Ова е изненадување што го слушнав тука во меѓувреме општинското собрание донело таков заклучок!.- Мојот став е дека луѓето од СДСМ сакаат интимно да се смени името на градот, меѓутоа сакаат тоа да биде направено или на начин некој друг да биде крив или да биде така направено експресно, по некоја брза постапка за да не се идентификуваат тие со тоа за да немаат последици.

Професорот Горѓе Марјановиќ во саботниот број на "Дневник' каже една многу убава мисла. Рече дека луѓето што се занимаваат со политика треба да бидат спремни да го зборуваат тоа што го мислат, а не да го зборуваат тоа, што на тие што им се обраќаат сакаат да го слушнат. Во случајот јас ја имав таа храброст да го зборувам тоа што го мислам, а не да го зборувам тоа што некој од мене сака да го слушне. Меѓутоа, за тоа ќе покаже времето.

Ме радува аргументацијата на министерот Поповски која со задоволство го слушав на една од трибините на ТВ А1 кога аргументите што ги изнесе беа скоро идентични со аргументите што јас своевремено ги изнесував од оваа говорница. Ќе се обидам да ги интерпретирам накратко.

Првиот негов аргумент беше дека името на Титов Велес не е добиено со референдум, туку со закон и од тие причини нема потреба да се оди на референдум.

Вториот аргумент беше дека зборот Велес значи бог на земјоделие. Го корегирам, тоа значи бог на шумите. Меѓутоа употреби тој една шала, вели, замислете Велес да се вика Титов бог или така во таа смисла.

XIII/5.-

Трет негов аргумент беше дека Тито бил лидер и претседател на една држава која сега не постои, поради тоа нема потреба град во Република Македонија денес да го носи неговото име.

Јас најискрено му благодарам на министерот Поповски за тие изречени аргументи затоа што во потполност се поклопуваат со моите аргументи и мислам дека ќе придонесат во една нормална трезна атмосфера, без политизирање да се реши ова прашање, а со големо разбирање на Владата и со други одлуки што понатаму ќе се направат, треба да им се олесни на граѓаните на Титов Велес тоа да ги чини минимално или воопшто да не ги чини во смисла на рокот во кој треба да ги променат тие лични исправи и табличките на нивните возила и да не биде тоа воопшто проблем.

Би сакал на крајот да кажам и ќе завршам со тоа дека во сета оваа работа во врска со името на Велес, од многу борци беше препотенцирана улогата на Тито во НОБ и Социјалистичката револуција, во смисла, ако не бил Тито Македонија немало да ја има, ќе сме биле Бугари или ќе сме биле нешто друго. Јас не се согласувам иако сум многу помлад од нив дека е тоа некој реален факт и аргумент затоа што мислам дека со така невешто изречените зборови работат самите против себе и си ја девалвираат сопствената улога во НОБ. Тешко на оваа држава ако останала како независна и суверена благодарение на подароците од Јосип Броз Тито. Јас мислам дека за неа се бореле плејада борци уште од она дамнешно време а посебно борците од НОБ и дека благодарение на нивната улога, на жртвите што тие ги дале, ние денес ја имаме слободата, а не затоа што ни ја подарил Тито.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-динот Абдурахман Алити бара реплика.

XIII/6.-

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, Искрено да ви кажам имав напишан текст на дискусија со сериозни забелешки на самиот закон. Меѓутоа слушајќи определена дискусија тука скоро ме убедивте дека законот е сепак добар затоа што тој е резултат на некои си пазарења и компромиси помеѓу ПДП и СДСМ и не знам кој уште.

Должен сум да ви кажам дека пазарења немало. Ова го велам не само заради вас тука, туку за целата јавност.

Господа изразот пазарење подразбира купопродажен однос. Некој продава, некој купува. Во конкретниов случај предмет на купопродажната на територијата на Република Македонија. Тоа е навистина грозно да се мисли дека некој, уште Македонец ќе се впушта во такви пазарења. Зарем навистина мислите дека луѓето се делат на големи македонци и мали македонци, на големи албанци и мали албанци итн. Ова е навистина лошо и како начин на размислување не е добар. Такви пазарења верувам дека немало. Ако станува збор за компромиси а зборот компромис секогаш се сваќа во негативна конотација, чувствувам потреба да кажам дека изразот компромиси е составен дел на политиката. Во Марксистичката теорија компромисот и компромисерството е негативна категорија Политиката во граѓанската теорија тоа е сосема позитивен поим и составен неминовен дел на политиката. Меѓутоа да се говори денес тука дека се губи територијата на Република Македонија е или зла намера или непознавање на Уставот. Територијалната целокупност на РМ е предмет на уредување на Уставот на РМ. И таму се вели дека таа е неделива, неповредлива итн. Тоа се факти. Законот за територијалната поделба на РМ е функционален закон кој меѓу другото обезбедува учество на граѓаните во вршењето на локалната власт и тоа е сосема коректно од таа појдовна основа и да се дискутира. Дали тоа групирање на населените места е во ред не е во ред, дали се почитувани критериумите за ....

XIII/7.-

(Дофрлување од места,ако е реплика дискусијата на г-динот Алити, времето за реплика е поминато)

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Ве молам немојте од место да дофрлате. Продолжете г-дин Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Инаку како може некој да мисли дека ПДП или некој друг се согласил или се согласила со законските решенија, кога се знае дека и Собранието на општина Гостивар каде што ние имаме мнозинство и Собранието на општина Тетово каде ние имаме мнозинство се против овој закон и би било апсурдно да се мисли дека е тоа некоја наша согласност итн.

Со оглед на тоа што многу луѓе сега почнаа да реагираат јас ќе завршам со тоа, немојте непотребно да политизирате за работи кои не смееме да ги политизираме, во случајов на Законот за територијална поделба и да создаваме некои фами дека некој нешто продал и следствено на тоа некој нешто купил. Територијата на РМ останува тука, граѓаните се тие што се. Тука нема помош. Тука нема како да ги преместиме. Ако некој тоа сака треба да предложи како.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, Законот за територијална поделба претставува еден од битните системски закони кој спаѓа во корпусот на законите кои треба да ги донесе ова Собрание, битни закони во кој спаѓа Законот за локална самоуправа, Законот за локални избори и Законот на град Скопје односно тоа претставува и една операционализација на Уставот, или на основните определби на Уставот, В4 каде се вели дека на граѓанинот му се гарантира правото на самоуправа,односно член 115 каде граѓанинот непосредно или посредно

преку своите избрани претставници учествува активно во уредување на својот живот во единиците на локалната самоуправа.

Не ме чуди што овој закон побудува голем интерес и во јавноста па и во партиските раководства и партиите парламентарни и вонпарламентарни затоа што се работи за закон кој треба да трасира еден однос, заедно со развој корпус на закони, еден демократски однос во нашава држава односно да изгради една демократска држава по правило или терк кој постои во Европа и да одговори на основните прашања и потреби на граѓаните.

Колку што паметам од оваа говорница имаше доста нервозни реакции и колку што паметам ова беше и второ нервозно реагирање на министерот Поповски во однос на одредени дискусии на пратеници од Либералната партија. Мислам дека таквиот однос веројатно покажува дека во нашата земја сеуште немаме изградено прави демократски односи, сеуште ги правиме тие демократски односи, па веројатно и во ова Собрание и веројатно сеуште не постои едно правило воспоставено меѓу позицијата и опозицијата, правила на игра што постојат во демократските земји во Европа и правила на игра кои се почитуваат. Имено, при секој системски закон, на Запад, при секој битен закон за една држава во основните насети на тие закони позицијата секогаш ја повикува опозицијата на еден конструктивен разговор во смисла квантитетно и квалитетно да се донесе што подобро тој закон а не во улога на некој ментор да опозицијата претставува ментор кој ќе каже ваков ќе биде закон или никаков на друг начин, туку во смисла таа опозиција даде еден конструктивен материјален придонес да се направи што поквалитетен подобар закон. Овде всушност изостана еден ваков однос, реков поради тоа што веројатно не се воспоставени такви правила на игра а верувам дека ќе ги воспоставиме со време, така да кога ќе се

воспостави еден таков однос и начин на правење на законите, се разбира од страна на извршната власт, тогаш ќе добиеме квалитет и правични закони, ќе добиеме закони кои ќе имаат еден поширок консензус меѓу народот.

Либералната партија воспостави или се обидува да воспостави еден таков начин на разговор во смисла на овие конструктивни и системски закони за државата и сметам дека еден ваков начин на разговор ќе биде и понатаму применет од аспект да добиеме што поквалитетни и подобри закони односно закони кои ќе бидат оперативно прифатливи за сите граѓани.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ: (**Продолжение)

Законот за територијалната поделба во однос на првиот текст што беше предложен овде очекувавме да претрпи битни измени барем во суштинските наши забелешки во првата фаза, а тие суштински забелешки беа од 3 аспекти, јас би ги набројал, тоа се економскиот аспект, организацискиот, па и политичкиот аспект.

Очекувавме, а и јас лично очекував да после првата расправа во првата фаза предлагачот на законот да обезбеди една поширока јавна расправа и обезбеди поширок квалитет во таа расправа од аспект на вклучување на луѓе кои се специјалисти за одредени области како штос е демографи, социолози, економисти признати празници кои на свој начин ќе допринесат по квалитетно решение на законот донесат односно предложат пред ова Собрание.

Јас ќе се обратам на вториот текст на овој закон односно на последниве критики односно би рекол законот трпи три битни критики во случајот .

Првата критика е од економскиот аспект, како што напомнав, таа критика беше и во првиот текст на законот и бројката од првиот предлог од 111 на 120 општини претставува и те како огромен економски товар за оваа држава, преставува товар на Буџетот кој и така тешко како извори на Буџетот се обезбедуваат средства во него и секако дека зголемената бројка на општини во многу ќе го оптоварат Буџетот односно џебот на граѓанинот.

Имено,бројот од 120 општини бар во првата фаза од Нацртот законот па и во првите верзии регулираше некаде 60-тина општини потоа 8о па дојде до бројката 111, што беше предложена во првиот текст, а

потоа си дојде до бројката од 120 која ако ги помножиме тие 120 општини по некаков просек на вработени од 5 до 6 работници ќе добиеме бројка некаде од 600 до 800 нови вработени лица, а поаѓајќи од фактот дека од постоечките 34 општини кои постојат во сегашниот момент само 50% обезбедуваат самофинансирање може да замислиме оваа бројка што ќе значи, што ќе преставува од аспект на економски терет на оваа држава.

Од друга страна голем број од овие нови 86 општини немаат основна инфра структура, немаат зграда во која ќе се обавува основната функција на општината, немаат одредени патишта, немаат мебел, немаат основно возило со кое треба да се комуницира со другите центри во државата. Што значи, економско гледано сета таа набавка на тие основни средства градење на таа инфраструктура, обезбедување услови на работа на овие 86 општини ќе значи и голем економски товар за Буџетот на државата.

06јаснувањето дека со една ваква административна поделба ќе се овозможи да дел од ненаселените простори од државата заживеат односно на дел на неразвиентие подрачја на државата им се овозможи економски развој сметам дека е предмет за дискусија и добро размислување бидејќи ваквата административна поделба не значи автоматски и добивање на развиено подрачје односно развиена економска единица и единица на локална самоуправа во државата.

Имено јасно ми е дека развојот на една држава се припрема и се прави со некаков глобален и стратешки развој на државата каде што јасно многу децидно ќе се каже во кои области, во кој дел од државата ќе се развие стопанството од тој и тој карактер и од тој и тој тип или туризмот и секако дека требаше основна појдовна точка во

евидентирањето на новиот број на општини требаше да се појде точно од тој глобален стратешки развој кој веројатно постои во оваа држава каде што јасно ќе се кажеше каде, во кој дел од територијата не населена, во Македонија може да се развие туризам, може да се развие стопанство, индустриско, земјоделско и т.н. каде што јасно ќе се кажеше кои се тие основни услови за да се развие една општина односно еден ненаселен простор.

Сметам дека на еден ваков административен начин бес една таква анализа дека ќе дојдеме во ситуација голем дел од тие општини, практично еден дел од нив не ќе можат да се самофинансираат туку ќе бидат само евидентно општини без некакви успеси за развој.

Општо земено мислам дека во таа стратегија на развој би требало да се учиме од некакви искуства кои постојат во Европа и сметам дека не сме единствена држава која досега има вакви проблеми со празни простори каде што знаеме дека скоро две третини од територијата на Македонија е населена со 20% како што добивме информација од министерот, додека една третина е населена со 80% население што значи дека немаме една рамномерна распределба на жителите во однос на територијата која постои во државата и сметам дека требаше да земеме некакви искуства кои постојат во земјите кои имале и таков проблем во Европа па и пошироко, земји кои изградија, еве да ја земеме Словенија или некои други кои се покрај нас кои изградија и успеаја да развијат такви би рекол неразвиени општини благодарејќи на некаков развој или на внесување на некаков капитал на одредени простори, во одредени неразвиени општини каде што по природа на работите во условите кои ги имаат тие простори на развиени општини се разви и некакво стопанство и некакви услови за развој на таа општина. Што значи се поаѓа од тој логичен редослед развој на економиката на

стопанството и на туризмот па пота да биде некаков предуслов за формирање некаква општина која ќе може сама да егзистира. Во случајот се појде на некаков обратен редослед,не ми е јасно зошто, меѓутоа секако дека министерот кажа во своето образложение и кои се тие основни постапки и концепт од кој се пошло во идниот развој на оваа држава. Од организациски аспект се смета дека ваквиот голем број на општини ќе претставува и сега веќе претставува можеби поим за една општа комуникација меѓу општините посебно во една ситуација на претстојни локални избори , на некакви референдуми што можат да следат и од парламентарните избори, а и од свикување на некакви собири на граѓани кои се нормални во животот на една локална единица на самоуправа. Што значи дека ваквата бројка од 120 општини ќе преставува и еден организациски сложен систем за комуницирање и ќе бара навистина добра техника, добра комуникација, добри услови за да се овозможи тие комуникации да бидат на она ниво на кое што треба да бидат.

Јас сега ќе потсетам на еден случај од Швајцарија каде што поради таа четиријазичност што постои кај нив тие за еден најобичен референдум печатат ливчиња за референдум на четири јазици, па ги дистрибуираат до кантоните и т.н. што значи дека овој случај ако одиме по таа логика би требало 120 пати да се подготват сите тие документи и 120 пати да се делат документи за комуникација, што значи дека организациски и те како ќе го оптовари и Буџетот, а секако и самата организација на тие организирани настапи.

Па и политички гледано ваквиот број од 120 општини ќе преставува проблем бидејќи според законот за локална самоуправа знаеме дека статутите на тие единици за локална самоуправа според законот кој

беше донесен пред ова Собрание постоечките општини беа во обврска до 21 мај да ги донесат статутите на единиците на локална самоуправа, значи на општините што значи сега при новата концепција треба повторно да се донесуваат тие статути со некој нов рок на донесување на тие статути што ќе значи пролонгирање на активноста на таа општина што на некој начин наметнува и потреба за праќање на доверители на Владата во тие новоформирани општини да го организираат животот во таа општина, да направат некаква материјална поделба што ќе значи и еден временски период на некаков вакум, правен вакум, па и политички вакум во животот на една општина од аспект на донесување на тие нови статути, кои се неопходни за животот на тие единици на локалната самоуправа.

Јас сега не би навлегувал во посебни детали околу предлозите дали одредени села, населби се рамномерно или нерамномерно поделени меѓу предложените нови општини во смислана територија, во смисла на комуникација иако овде имаше дискусија дека одредени села биле вештачки преселени за 10 до 20 километри до други центри во однос на некои центри кои се на два три километри, не би навлегувал во тие детали затоа што очигледно дека преку амандманите кои се преку 150 на број ако не се лажам може и повеќе допринесат веројатно да се разјаснат и тие апсурдни, меѓутоа повторувам дека ваквата голема бројка мораше навистина да се намали и да се дојде до една права бројка, оптимална, рационална бројка на општини која навистина ефикасно и рационално ќе функционира во државата.

Словенија е пример каде со таквата грешка веќе одамна се виде и дека тие од постоечките 128 општини се симнуваат на помал број на општини поради тоа што докажале практично дека таквата функција на

XIV/6.-

така голем број на општини , практично невозможно, а да не зборуваме аз економскиот аспект кој и те како го оптоварува буџетот на државата.

Нашата партија опстојува, Либералната партија опстојвуа на предлогот на 111 општини меѓутоа пак ќе повторам дека досегашната расправа можеме и преку амандманите да допринесеме да донесеме квалитетен закон кој ќе биде подолгорочен, еден закон кој ќе може граѓаните навистина да ги остварат своите права непосредни и посредни права на самоуправување во самите единици на локалната самоуправа и да се сведе на една бројка која ќе биде рационална, ефикасна и функционална. Значи нема економски, организациски па и политички да биде, би рекол, неприфатлива за граѓаните.

Јас би оставил простор за дискусија во текот на амандманската расправа и за сега благодарам на вниманието.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Уважен г-дин потпретседателе, господа пратеници,пардон госпоѓи пратенички и пратеници, господа министри, помошници и т.н.

Јас се јавувам за збор во врска со две работи. Во врска со првата работа имам што да кажам, а во врската работа немам што да кажам, што е своевиден парадокс, но подоцна ќе објаснам дека е потребно и да говорам за работа за која нема што да кажам.

Затоа прво ќе почнам за работаа за која што имам што да кажам. Мислам дека потребно е сега иако сакате во овој момент и уште на овој начин да се каже дека оваа седница во некоја мера има специфична тежина и специфичен тек. Претполагам дека делите впечаток дека таа

почна на извесен начин бурно. Дека таа имаше еден своевиден електрицитет во атмосферата. Сите предвидувања беа дека таа ќе продолжи бурно, но затоа пак се случи еден пресврт и почна да тече доста спокојно и тоа се случи во еден пресуден момент. Доколку е точна мојата опсервација тој пресуден момент беше во врска со интервенцијата на г-динот министер Владо Поповски, а на една дискусија од г-ѓа Николина Трајановска, и таа негова интервенција беше и корисна и пресудна за текот на оваа седница и ми се чини дека придонесе за смируваше и на тонот и на текот, а и на карактерот на самата седница. Ќе си допуштам да кажам, т.е. ќе си земам слобода да изложам оценка дека таа интервенција придонесе да чувствуваме сега ние, претполагам дека делите такво чувство еден нов дух на толеранција, еден дух на вербални дуели иако исклучоци мора да постојат, иако искри мора да постојат затоа што како што сите добро знаеме нема правило без исклучок.

Таа интервенција која ете на тој начин беше пресудна сепак нанесе извесни штети, а штетите се сепак на адреса на г-ѓа Николина Трајановска. Сакам да кажам цената на секоја добивка и на секоја трајна корист од ваков карактер и тоа мора да се каже јавно е на из- весен начин висока и секој треба да си ја плати, заслужено или незаслужено, но тука сме ние тоа да го разјасниме и да го соопштиме. Затоа што целта ни е некое добро како што не учат уште старите древни аристотели, филозофи како Аристотел , морам да го спомнам, претполагам дека тоа повторно ќе го налути г-дин Митно Пановски еден од првите луѓе во тимот на г-дин Владо Поповски за овој закон, но знаете Аристотел е бесмртен, а сите ние својата бесмртност допрва ќе треба да ја докажуваме затоа што бесмртноста се добива после смртта.

XIV/8.-

Во што се состоеше цената т.е неправедноста на г-динот министер. Тој му придаде вредност на доказ на еден знак или како што се вика во класичната логика и реторика текмерион. Имено г-динот министер извлече заклучок од тоа што г-ѓа Трајановска настапи со напишан текст по однос на законот дека заправо се работи за текст пишуван од некој центар т.е текст вадена гештетнер и т.н. што не може да биде доказ туку е само, според тоа, како што не учи класичната логика и реторика текмерион. А, тоа значи, ако некој се служи со писмен текст тоа може да биде знак, а тој збор текмерион значи токму знак и индиција на латински ако сакате, но знакот сеуште не е доказ. Пример. Чадот е знак дека некаде има оган, но не е доказ дека чадот е од оган затоа што чад може да биде и од нешто друго.

Во тој поглед г-динот министер беше неправеден кон пратеникот Николина Трајановска и јас сето ова го зборувам за да се разјаснат тие работи, а треба да се разјаснат ако се изговорат , а кога ќе се изговорат се примаат полесно од една страна и од друга страна г-динот министер Владо Поповски, јас го познавам како одличен кавалер, а не само како одличен министер и тој тоа го докажа кога при вторката своја интервенција рече дека имал впечаток, а не дека заправо тврди дека тој изложен говор по однос на законот е напишан и доставен од некој центар и сега само изложен на оваа говорница заради некој друг ефект.

Г-динот министер имаше право и кога тврдеше дека навистина напишаните говори можат да бидат знак за тоа дека се има предвид некоја друга цел, а не темата за која станува збор, а темата за која станува збор функционалноста или нефункционалноста на конкретниот закон, законот за територијална поделба на Република Македонија.

XIV/9.-

Зошто? И за тоа постои една така да се каже доста солидна техника да се провери дали некој човек кога излегува на говорница говори за темата за која излегува или пак има пред себеси некоја друга прикриена односно скриена цел.

Секое излагање како што добро знаете уважени г-да пратеници мора да има теза. Секоја теза мора да има аргументи. По аргументите мора да следува демонстрација или пример. Ако нема демонстрација или пример, аргументите не функционираат, тезата не може да се покаже и не може да се докаже. По демонстрацијата следува заклучок. Ние се служиме со таква техника и обично не користиме примери во оној момент кога нашите говори треба да предизвикаат некакви ефекти во јавноста, а се знае зошто служат ефектите. Меѓутоа, гледате како одат работите, еднаш има право г-динот министер, друг пат нема право, меѓутоа пак тој не е во право од една друга гледна точка. Не е во право кога вели дека пишуваниот говор е исто така доказ за недостиг на аргументи На против, тоа е само текмерион, знак, знак дека можеби нема аргументи, но не сеуште доказ. И во таа смисла беше тој повторно неправеден кон г-ѓа Николина Трајановска.

XV/1.-РД/ЉР

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ** : (продолжение)

Неговиот придонес сепак не е за потценување, особено кога инсистираше на тоа ние да ги илустрираме своите тези со примери т.е. примерот мора да биде сврзан со некоја со оние 120 точки кога ние даваме некој вредносен суд за квалитетот на самиот закон а ќе признаете дека ние тоа поретко го правиме. Ми се чини дека е доволно ова околу овој мал спор кој на извесен начин беше пресвртен во развојот и текот на денешната седница кое ни даде една нова димензија, еден нов квалитет на овој парламент иако не е нескромно да се каже ние тоа треба да го примиме како важен момент кој треба да не охрабрува и не треба да се плашиме од она што понекогаш се јавува како важно и добро. Чувствувам потреба тоа да го кажам на овој начин сега јасно и отворено затоа што мислам така и претполагам дека има луѓе кои исто така мислат така.

А сега да поминам на второто, т.е. да кажам нешто за тоа што заправо немам што да кажам. Знаете јас пред 3 месеци кога беше првата фаза на овој закон си дозволив една необична слобода да потрошам некои цели 80 минути од вашето внимание во врска со законот за територијална поделба на РМ. Тогаш се обидов сето тоа да го изложам во една систематска форма , да го изложам подредено и да го изложам прецизно, затоа што знаете кога изложуваат крупни тези мора да имате систематизирани аргументи и морате да имате во секој момент подготвен да ги браните. Се занимавам тогаш ако се сеќавате со соодносот меѓу начелата кој беа четири во I верзија на тој закон и самата реализација, т.е. она што се вика манифестантна структура на еден текст, а тоа со членовите на самиот закон. Знаете дека давав некој

замерки во врска со еденкритериум кој се вика капацитет на територијална единица односно динамист како што е крстено кај Аристотел за што повторно ми замери г-дин Митко Панов, кој особено го ценам, но' замерките се составен дел од нашиот живот воопшто не му се лутам за таквите замерки, туку напротив, тие само ме охрабруваат да ги проверувам понатаму своите становишта, т.е. нивната издржливост, нивната прецизност и нивната ефикасност. Зборував исто така во која степен и на кој начин некои нотирани критериуми се ефектуирани во конкретно законско решение по конкретна точка. Само од себе се разбира, уважени г.да пратеници дека јас ниту можам, ниту смеам ниту пак може воопшто да се отцепува за секоја точка подеднакво информиран, под еднакво квалификуван и подеднакво ефикасен во нивната интерпретација или критика. Првото тоа е невозможно. Јас едноставно признав дека можам квалификувано да говорам само за две точки и тоа беа точките 17 и 18 од првата верзија на овој закон и на тие точки се задржав прецизно, кон тие точки изложив по моето скромно мнение исцрпна аргументација, таа аргументација ја соопштив во систематски вид и ми се чини дека до ден денешен не е отворена. Претполагам дека тие што беа на седницата се сеќаваат дека ние имавме неколку брзи реплики со министерот но ако ми допуштите да се изразам сликовито и доколку тоа не ви одземат премногу време ќе ви речам дека резултатот беше 1:1 кавалерски. Какво и да е кога сега јас би се вратил на истата материја ќе се покаже дека навистина нема што да кажам т.е. ќе треба инекс стензо да го повторам сето тоа што еднаш сум го рекол, а тоа нема никаква смисла. Нема никаква смисла и поради еден друг факт поради фактот што од сето тоа ништо не уважува Владата во твојата верзија на овој закон. Се наоѓаме сега повторно во една ситуација која мудрите луѓе ја нарекуваат како фет акомпли, свршен чин. Што понатаму, и што да се прави, односно кво вадис домине, т.е  ќе го

XV/3.-

замениме тоа домине кво вадис Владо. Не останува ништо друго туку да ги користиме да се послужам со популарна формула сите институционални средства на системот, а тие во мојот случај се состојат во следново. Да дадеме два амандмана по точка 18 и 20 од овој закон што го сторивме и бидејќи претполагам дека ја паметите мојата аргументација која воопшто не е отворена, со други зборови имплицитно прифатена да ве повикам да постапите според таа аргументација доколку ми верувате во што уважени пратеници воопшто не се сомневам.

**ДИМИТРИЕ ВРЕВЕЗОВСКИ:**

Почитуван потретседателе, дами и г-да пратеници, почитувани министри,

Донесувањето на законот за територијална поделба на РМ и определување на единците на локалана самоуправа предизвикаа разновидни реакции и ја разбрануваа јавноста во Републикава, како во првата фаза од постапката за донесување, така и во втора фаза кога го разгледувавме предлог законот. Тоа е само потврда дека се работи за еден многу сложен и важен закон, закон со кој се регулираат многу чувствителни односи од непосреден интерес на граѓаните во РМ. Самиот факт што со овој закон се определуваат пред се, подрачјата на единиците на локалната самоуправа се утврдуваат имињата, седиштата играниците на општините, значи дека се навлегува во прашања кој се од витален интерес за граѓаните, или поточно се определува местото на граѓанинот во новата просторна поставеност и поделба во Републиката. И не само тоа со овој Закон се дефинираат перспективите за развој на одделни населени места, или уште повеќе се крои судбината на одредени населени места, вклучувајќи го во рамките на една или друга единица: на локална самоуправа. Зависно од тоа во која единица на

локалната самоуправа грганите гледаат подобра перспектива и поголеми шанси за развој и за задоволување на нивните непосредни интереси, пред се за работи од локално значење и во рамките на надлежностите на единиците на локалната самоуправа, такви се и реакциите на граѓаните по текстот на Предлог законот, или поточно на содржената на членот 8 од истиот. Така, овој Предлог закон со право предизвика и предизвикува бурни реакции на граѓаните од оние населени места кои се незадоволни од предлогот да припаднат во општина во кое што не им е местото, нити по близината со седиштето на новата општина, ниту по сообраќајната поврзаност ниту по уреденоста на просторот и изградената инфраструктура, или пак по степенот на развојот.

Еве како реагираат граѓаните од мојата изборна единица на текстот на предлогот на законот. Жителите на с.Велгошти кое се предлага да биде во состав на општина Лескоец се револтирани и огорчени од таквиот предлог и жестоко протестираат барајќи да останат во состав на општина Охрид со која практично се поврзани со мостот на реката Сушица, истакнувајќи притоа своите аргументи дека од 1990 година се во спратот во Урбанистичкиот план на градот Охрид дека од многу поодамна се поврзани на заедничкиот градски водовод и дека нема ресто граница меѓу Велгошти и Охрид кој природно гравитираат кон Охрид.

Лесковчани исто така со право реагираат на припадноста кон новата општина истакнувајќи дека тие практично претставуваат предградие на Охрид со кого се поврзани преку заедничките градски гробишта и индустрискиот дел, а куките на 80-тина семејства од Лескоец се изградени во катастарска општина Охрид. Слични се ракдотое и на жителите на с.Орман кое на оддалеченост од 1,5 км. од Охрид и кој

природно гравитира кон овој градски центар. Жителите на с.Косел оправдано реагираат на настанатата промена во однос на првата верзија дадена со предлогот за донесување на закон, каде што Косел беше седиште на нова општина, кон кое припаѓаа сите села од Бивша Коселска општина, која беше укината пред 30-тина години. И на крајот реагираат од населбата на жителите на Источниот брег од Охридското Езеро како што се: Рача, Свети Стефан, Исток, Долно Коњско, Лагадин и Елешец кои што се испуштени од составот на општина Охрид и покрај тоа што 30 и повеќе години постојат на Источното крајбрежје од Охридското Езеро и кои што се целосно урбанизирани населби во кои што живеат околу 2 илјади жители. Поради сите овие причини поднесов амандмани кои се надевам ќе бидат прифатен: секако би се коригирало предложеното решение и би се задоволиле желбите и интересите на граѓаните кои што живеат на овие подрачја.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, го поддржувам предлогот за донесување на Законот за формирање на нови општини во нашава држава, онака како што е предложен од страна на Владата на РМ. Јас нема денеска да зборувам на темата што ќе значи новата поделба територијална на нашава држава и што ќе значи формирањето на околу 80 општини низ нашиве селски средини. На овој план денес слушнавме разни мислења. Некои се плашат дека со формирањето на толку општини посебно низ нашиве села, многу често обремени Буџетот на државата ќе имаме големи трошоци и какви не други зборови со кои што може да се нападне овој закон.

Мислам со донесувањето на овој закон и формирањето на околу 80 селски општини низ нашиве села мора да потече нов живот. По 35 г

години од гаснењето на селските општини низ нашиве села повторно ќе почне да се размислува за еден подобар живот во селото преку решавање на бројните комуналии што сега ги мачат нашите села. Во осмата изборна единица, од каде што доаѓам јас, и која зафаќа 2/3 од битолска општина на територијата на Битолска општина и над 2/3 од селата на битолската општина со овој закон ќе се формираат 4 општини. Ќе има општини во селата Добрушево, Новаци, Старавина и Бач.

Најпрво во името на жителите од под Кајмакчалан должен сум да му изразам благодарност на министерот Владо Поповски за неговото ангажирање за формирање на општина во с.Бач. Што ќе значи општината во с.Бач, треба да се дојде во оваа средина и да се слушнат луѓето што велат на овој план. Јас мислам дека со формирањето на општина во с.Бач, што се наоѓа кај самата вештачка граница ќе значи можност навистина на ова подрачје да почне еден нов живот. Засега во оваа општина ќе гравитираат 10-тина мали и испустени села со некаде над 1000 жители. Мислам дека оваа општина ќе има и посебно значење од други аспекти. На подарач јето каде што делува оваа општина пред три децении г-да пратеници имаше две-три илјади луѓе што можеа во секое време да ја бранат меѓата со соседна Грција. Денес останаа малку. Ако не беше овој закон и ако не беше предлогот да се формира општина во оваа средина сигурно и тие луѓе наскоро ќе ги немаше.

За општината Старавина што да се каже. Таа е општина со таканаречено Мало Мариово, односно Битолско Мариово и во неа ќе има околу 10-тина села. Општината ќе работи во една средина која бившиот систем тотално ја запусти. Денес овој дел од Мариово личи на се она што помина низ Босна. Меѓутоа, по изградбата на еден регионален водовод, за кој нашата Влада досега инвестира околу 2,5 милиони

германски марки, населбите почнуваат да се менуваат. Радоста е што и во Старавина и во Градешница села каде што над три децении немало ни свадби ни крштевки, почнуваат да се градат нови куќи. Меѓутоа сега на релацијата Мало и Големо Мариово, односно Мариово што е преку Црна и Мариово што пред Црна и во тоа Мариово е Центар Маково, постои една мала несогласица околу прашањето каде да биде центарот на нвоата Мариовска општина во Старавина или во Маково. И јас имам поднесено два амандмани на овој план и мислам дека минситерот за правда, заедно со Владата ќе има време да размисли сепак каде треба да се лоцира седиштето на оваа општина во Старавина или во Маково. Ако не може да се лоцира во Маково, тогаш имам поднесено амандман Маково да добие своја општина. И Маково има своја природна целина располага со огромна територија со 6 села, села каде што и тука забот на времето односно од негрижата на бившиот систем постои пустош. Со формирање на општина во оваа средина и овде проблемите за кратко време ќе бидат надминати.

Натаму, има еден друг проблем, с.Гнеотино според некоја или грешка, или намера е префрлено да биде село на општината Бистрица. Гнеотино за да стигне до Бистрица треба да оди преку општината Новаци или преку општината Битола, или пак преку општината Бач за да стигне до Бистрица. Од Гнеотино до Бистрица направо не може да се оди. На Црна Река има само два моста, еден е кај Новаци, другиот е кај Брод. Значи барам оваа грешка да биде исправена. Исто така, колегите пратеници од Битола го критикуваа формирањето на општина во с.Бистрица, заради тоа што општината Битола, односно градот Битола кој што со новиот закон ќе биде само општина, не ќе може да излезе крај меѓата со Грција и да работи со Грција.

XV/8.-

Господо, мислам дека ако не може Битола да работи со соседна Грција да ги користи тие бенефиции од ФАРЕ и другите институции, ќе може општината Бистрица. Зошто сега да се прави разлика помеѓу градска и селска општина и ова подрачје да го оставиме без општина. И веднаш да кажам дека го поддржувам предлогот за донесување на законот за донесување на новите општини во нашата држава.

**БЛАЖЕ ФИЛИП0ВСКИ:**

Има збор г-дин Станковски.

(од место бара збор пратеникот Најдовски со образложение дека бара реплика поради директно спомнување) Повелете г-дине Станковски.

Тоа што вие (се обраќа на пратеникот Најдовски) дека се однесувало на вас, не бевте спомнати.

Станковски повелете.

(Пратеникот Најдовски бара процедурално).

Повелете процедурално.

Ве молам да се задржите на процедуралното.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, дами и господа, процедурално реагирам затоа што досега имаше двaица дискутанти од Битола. Едниот г-динот Живко Јанкуловски а другиот јас. Г-динот Живко Јанкуловски воопшто не ја спомна општина Бистрица. Исклучиво ја спомнав јас. Значи дека исклучиво се однесуваше на мене. И, беше изнесена една погрешна констатација.

Во ниту еден момент не реков дека сум против формирање на општина Бистрица, туку напротив реков да оцениме дали...

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Ве молам, со трикови, процедурално, ве молам, добро, во ред. Јас ве молам сега да продолжиме со работа.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Завршивте ли?

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Баравте процедурално. Јас не завршив. Вие да завршите. ВЕ молам, вие да завршите, јас имам намера уште овде да останам.

XVI/2.-

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

И јас имам намера, затоа што директно се однесуваше на мене и забелешката ...

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Ама вие не бевте спомнат. Деловникот е многу јасен. Вие не бевте спомнат...

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Според кој член на Деловникот немам право да зборувам?

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

не, според кој член на Деловникот вие сакате да зборувате? Кажете ми според кој член на Деловникот сакате Вие да зборувате?

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Јас имам свое право да зборувам.

Како потпретседател, според ко ј член, вие сте тој задолжен да се грижите за деловникот, според кој член на Деловникот...

**БЛАЖЕ ФНЛИПОВСКИ:**

На членот 105. веројатно мислите да ме прашате. Јас ве молам Вие ...

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Добар е тука секретарот, добро ви помогна...

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Па, секретарот е за тоа овде а вие ве молам напуштете ја говорницата.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Јас мислам дека треба да ми дозволите уште две реченици да кажам бидејќи беше изнесена погрешна констатација.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Баравте процедурално, тоа не е процедурално.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, до сега ќе завршев. ...

XVI/3.-

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Еве, повелете.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Но, ви оставам на вашиот инает до крај, ќе се јавам на крајот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Ве молам, само ред треба да имаме. Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, Многу важен закон, многу дискутанти, многу беше кажано. Не би се повторувал со претходниците, Би се осврнал само околу неколку точки и тоа во кратки црти.

Прво, на начинот како е носен законот и кој се учествуваше во тој закон и тука би кажал дека многу мал простор, науката учествуваше во креирањето на овој закон, меѓутоа, мислам дека голем дел од тој закон учествуваа и политиката и некои други субјекти.

Сакам да кажам дека пазарењето или, како што беше кажано компромисите заземаат многу поголем дел од тоа што е да се учествува во донесување на еден закон и да се влијае како тој закон треба да изгледа. Мислам дека науката требаше да земе многу поголем дел, а размислувањата на поединци, желбите на поединци кои со своите барања сака остварување и формирање на нови општини требаше да се почитува. Но, тој процент требаше да биде многу помал отколку што е постигнат со донесување на овој закон.

Се залагам, не само за овој закон, и воопшто во принцип во животот, специјалисти, луѓе кои се занимаваат со таа материја треба секогаш да им оставаме простор. Луѓе кои знаат, познаваат многу повеќе од нас, околу демографијата, социологијата, околу се што е врзано за

еден ваков или некој сличен закон. Да оставиме помалку простор на политиката да се меша или некои други кои имаат свои лични желби мотивирани само од личен аспект.

Сведоци сме во минатото се носеа некои големи промени во економскиот или политичкиот живот. И, тоа се носеше така. ги окрупнуваме претпријатијата и сите ги окрупнувавме. Тогаш, по некое време ќе констатираме дека тоа окрупнување не оди така како што сме замислиле па одиме на уситнување. Тогаш одиме на микроуситнување на било што. Дали во сферата на економиката или политичкиот живот.

Територијалната поделба ја поддржав во првата фаза и се надевав дека поделбата ќе оди во некои рационални размислувања и толку колку што науката ќе каже и колку што ќе дефинира. Мислам дека се отиде, знаете, науката може да погреши со некој процент кој е мал процент. Меѓутоа, кога се дефинира една логика дека една верзија од Законот излегува и нуди како наука 60 општини, а потоа уште 100%" да биде фактор на измена, тоа значи дека многу се влијаело, независно дали од искажувањето на луѓето кои живеат во РМ или од политиката. Мислам дека тој процент од тоа влијание треба да биде многу помало.

Со тоа се носи и одговорноста. Сега, во случајов кога имаме поголема партиципација и од луѓето и од политиката тогаш немаме одговорност од оној кој го носи како тим и како министерство. Ќе се соочиме со тоа, за некој период може би ќе констатираме дека сме наравиле поголема или помала грешка во проценката, дека сме требале да имаме поголем или помал број општини и тогаш не ќе имаме кој ја направил таа грешка, да укажеме дека тој и тој ја направил таа грешка. Одговорноста ќе биде разлеана.

Како втора точка, би се задржал околу тоа дека територијалната поделба ја правиме со желба да ја унапредиме локалната управа и преку неа да помогнеме граѓанинот да ги остварува своите права на

најефикасен начин. да имаме ефикасна администрација, луѓето брзо и со задоволство да ги обавуваат сите свои потреби што не се мали во животот.

Јас ќе ви кажам, од искуство знам и гледајќи ги овие решенија, ќе се констатираат две работи:

Едно е, имаме градски општини што ќе имаат некоја функција и ќе имаат можност да придонесат да ги решаваат проблемите на граѓаните.

Од друга страна ќе имаме мали селски општини што за мене ќе бидат само форма и се форма, бидејќи морате да се согласите дека ќе помине сега, еве на пример од подрачјето на општина Карпош да речеме општина Кондово, има неколку села, околу 1500 или помалку жители, ќе бидат избрани тројца функционери или три члена што ќе ја обавуваат таа функција и дека со тоа ништо нема да ја зголемиме функцијата граѓаните, селаните, како сакате кажете, што побрзо ги решаваат своите проблеми.

Мислам дека и со другите акти, и со другите закони на државата многу и овозможивме таа да ги извршува сите функции. Значи, малку се вративме назад и фактички сега подрачните единици се тој поголемиот дел што се јавува како замена на локалната самоуправа. Фактички државата се јавува како тој кој треба да ја извршува улогата на локалната самоуправа. А, рековме дека Европската повелба или како бара Европа, бара сепак тоа да биде локална управа.

Бројот на извршителите, во еден од законите прочитав, го дефинира и бројот на извршителите по општини. Мислам дека не е во ред, а ќе го поткрепам со тоа дека не може Владата преку законски акти да ограничува локална управа, во обавување на својата функција и да ограничува број на вработени во локалната управа. Мислам дека таа може само за оној дел што ги доверува функциите' како држава, за тој

дел да има ингеренции и да влијае во трошењето на пари, во вработувањето, бидејќи тие функции ги има доверено. Само во тој дел.

Што уште да се каже?

Мислам дека бројот на општините е тој што е предложен. Не бевме и убеден сум, дека не бевме оптоварени од Европа, да правиме такви или вакви по големина општини. Можевме да имаме некој свој модел, свои согледувања, но за тоа требаше и време. Уверен сум дека еден пристап, но пристап од научен аспект, овој проект требаше да се гради можеби година - две да се донесе преку сите пеглања. Но, тоа е тоа.

Сега на крајот ќе се осврнам го слушнавме инспиративното излагање на г-динот Вангелов. Професори имаме во Влада. Во нешто со министерот се сложивме и тоа е добро, кога имате многу професори во Влада тоа е лошо, бидејќи ве гледаат како во училница. Тие се професорите кои надгледуваат како ние работиме, а мислам дека таа професионална, како што ја рече министерот Поповски, професионална деформација помалку да влијае во нивното однесување и гледајќи така, како професионална демонстрација веројатно министерот згреши, веројатно како професор сака сите да бидеме одлични, да знаеме напамет, да не пишуваме. Ете, јас не прочитав. И, уште еднаш апелирам министрите повеќе да одговараат на нашите прашања, да се бават со проблемот, а не со политика, како што беше во минатото со еден од министрите во Владата.

благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор министерот Поповски

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Мислам дека е корисно, да се соопшти уште нешто околу релацијата наука - струка и политика во врска со законот за локална самоуправа, бидејќи исто така оваа релација, овие два поими се нагла-суваат во таков степен и во таква насока упорно за да се тврди дека

XVI/7.-

Предлог законот во оваа форма ја напуштил комплетно стручната оценка што комплетно била присутна до првата фаза на законот.

За г-дата пратеници кои сметаат дека е тоа сторено меѓу првата и втората фаза, првата фаза се јавува како предлог на закон со 111 општини што се апсолутно прифатливи, бидејќи ниту еден не кажа критички забелешки на тој предлог. Значи, бројката 111 се јавува како идеална. Три единици.

Разликата до 120 е 9 општини. Ете, во свеста и во ставот и во оценките на г-дата пратеници се смета дека се срушил комплетно концептот на законот и науката се фрлила во река. 9, прво да одиме по линија на индикации, 9 означува 7,5% што значи дека ако 92,5% останале од првиот предлог или од тоа што од таа реторика е резултат на науката, тогаш науката учествува со огромен процент од 92,5% а , она што е политика, она што е внесено е 7,5%.

Се разбира дека до крај не можат да се редуцираат ставовите на илустрации или индикации, како што би рекол почитуваниот г-дин Атанас Вангелов, иако се плашам може би тука погрешно ќе го ословам именувам она што го кажувам, бидејќи тој професионално се занимава со тоа и со исчистување на јазикот и препорачување на чист логичен јазик, употреба на поимите и категории.

Би сакал да дадам информација каков беше односот меѓу стручната група и Министерството за правда, односно Владата и да ги поставиме позициите на право место.

Стручната група од 7 стручни лица, демографи, социолози, на селото, аграр-економисти, географи и правници кои се занимаваат со локалната самоуправа учествуваа заклучно до формирањето на предлогот за формирање на закон. Тоа беше базата од која министерството за правда го предложи законот во прва фаза што се јавува како идеален за пратениците кои него го претпочитуваат.

XVI/8.-

Во втората фаза професор Митко Панов кој тука со право се цитира и укажува на неговиот углед како голем познавач на проблематиката особено на руралниот простор на Република Македонија беше држен континуирано, беше држен постојано под информации за тоа што се се предлага ново и се бараше неговото мислење. Се разбира, дека струката или науката ја има таа позиција во донесување на закони која што означува прво, доколку одиме на позитивниот однос на наука и политика, на создавање на основна матрица за одредени проекти, на критичко оценување на одредени законски проекти и добро е кога политиката може максимално да ги респектира научните сознанија.

Од друга страна законската процедура и политичките органи или органите на власта се органите што се"леге"артис" надлежните органи да ги донесат или уредат одредени области или прашања во случајов со закон, врамнотежувајќи ги, покрај објективните или научните препораки, резултати и ставови и интересите, бидејќи политиката е поле на усогласување, организирање и водење на интересите на социјалната заедница.

И, без потреба од одредено лигицизирање или догматски, така да се каже разграничувања на полето на науката и на политиката но, политиката не може да се редуцира на поимот наука. Ниту науката да претендира да биде политика, иако во историјата, академичарите или Платон имаше обид и го создаде најголемиот тиранин, Дион Дионисија - Младиот. Но, тоа е на страна и се извинувам за дигресијата.

Сега, околу актуелната тема и предлозите.

XVII/1 НН/НД

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Исто така заради информација да ви соопштам дека професорот Панов, бидејќи се користат тука некои информации, или полуинформации за неговите факти поднесе личен предлог пред изготвувањето на овој проект за тоа кои се општини, колку општини треба да се формираат во Република Македонија и кои населени места во кои општини треба да влезат. Ние тој материјал на професорот Панов го имаме, не го земавме до крај предвид заради тоа што нас ни се чинеше дека редица негови предлози не се вклопуваат во рамките на политичкото резонирање кое што води сметка за стручните и за објективните околности, но води сметка и за социјалните и другите интереси на заедницата формирајќи го моделот на единиците на локална самоуправа. За да не биде создадена една мистерија ќе ви илустрирам неколку негови предлози:

На пример бидејќи ние се бавиме сакале или не со Западна Македонија иако носиме закон за целото подрачје на Република Македонија и ги уредуваме општините во секој дел од Република Македонија.

За Тетово предлогот на професорот беше Џепчиште, Порој, Гермо и другите да бидат во Тетово. Мала Речица, Голема Речица и Шипковица како цела општина во градот Тетово.

Во Гостивар Вруток како општина комплет во Гостивар.

Во Кичево Осломеј комплет во општината Кичево.

Во Струга и владиниот предлог таму каде што ние како влада сметавме, тука се преклопуваме со професорот Панов да биде општината Радолиште. Сметавме дека тој предлог на професорот отстапува од заземениот став на Владата да се направи што е можно поголемо разграничување од руралните и урбаните средини и дека во таа смисла сметаме и сега доколку, тој материјал го имаме писмен, сметавме и сега сметаме доколку е валиден критериумот дека треба да се создадат рурални општини и урбани општини и толку колку што е

XVII/2

можно градовите да се растоварат од селските населени места поради различните потреби поради спротивните често интереси и потреби мислевме дека концепцијата која што оди на приклучување на определени селски населби и полуселски, полуградски населби кои што се непосредно до самиот град е многу поисправно бидејќи градот претпоставувавме и еве ја изнесуваме и таа идеја има капацитет тие непосредно до него рурални области да ги опфати во урбанизацијата решавањето на руралните потреби односно да им пружи многу повеќе од своите можности за урбанизација и решавање на тие основни потреби отколку градот кој што имаше една огромна територија.

Во примерот на Тетово имаше две алтернативи во Владата. Се сметаше дека прво дека Мала Речица во рамките на Тетово конечно се оцени со право или не со низа аргументи дека е дел од градот Тетово. Дека Мала Речица која што стартувала пред 15 години како населба или 20 години веќе е поврзана комплетно со градската канализација, градскиот водовод дека социопрофесионално луѓето се занимаваат со исти занимања и тоа е делот, околу Теќе, или делот што ние го поминуваме секогаш кога одиме на Попова Шапка. Во Владата се сметаше дека Голема Речица, која што е до Мала Речица е поврзана, е пологички да припадне кога веќе припаѓаат определени населени места, бидејќи фактички Голема Речица се доближува до Мала Речица а Долно и Горно Палчиште и Новаќи да се приклучат како типични селски населби кон Камењане.

Исто така постоеше идеа и аргументација дека Порој практично при основањето на општината Џепчиште при фактот на неговата споеност со Џепчиште, при фактот дека меѓу Порој и Џепчиште постои ист систем на институции што ги користат двете села е поприродно да биде кон Џепчиште и на тој начин практично таа голема агломерација која што реално постои на просторот и која што има реален простор на тој начин може да функционира како општина. Можеби во определувањето на едната или на другата страна е направена грешка, а тука се односите скоро егала.

XVII/3

Во односот на Гостивар сите населени места околу Гостивар практично ја споделуваат или влегуваат во оваа теза и ја споделуваат истата аргументација што ја соопшти. Тоа се населени места непосредно до градот, се допираат до одредени населби на пример селото Чајле до населбата Чајле, Беловиште, Малдотурчане до Цигланата или фазанеријата кои што се блиску до Гостивар, или тие директно со голема асфалтна сообраќајница втечуваат во градот Гостивар. Значи идејата беше таа. Сметам дека во примерот на Гостивар штрчи од оваа аргументација селото Дебриште кое што се наоѓа подалеку од градот Гостивар а многу поблиску до општинскиот центар Врапчиште и кое што како населба, граѓани- те од селото Дебриште како граѓани кои што имаат потреби исти како и другите за урбанизација, решавање на комуналните потреби ќе се најдат во еден процеп меѓу блиска општина која што не е нивна општина, населени места од ист тип на населба на занимање и се друго и меѓу  градот на кого припаѓаат во однос на кои се далеку и каде што градот не може да ги интегрира и поврзи на единствениот градски систем како што би можело со Чајле, пример со Балин Дол, Младотурчане и слично. И тука беше исто дадена алтернатива, тука беше од господинот пратеник потенцирано дека во оваа аргументација селото Здуње практично кое што ј се развива како индустриска зона е селото кое што на некој начин има логика да биде приопштено кон општината Гостивар. Како што на пример за Охрид се образложува и од професорот Панов и од сите дека е Лескоец индустриската зона на Охрид тоа е ЕМО Охрид, Велгошти, е нешто друго што јас незнам, меѓутоа споено со самиот Охрид и слично.

Значи, Владата тргна од тие становишта, односот меѓу науката и политиката има се разбира допирни точки заедничка траса и нужно оддел- на траса. Одделната траса е од таму каде што институциите ја преземаат одговорноста за уредувањето ан односите и за донесувањето на Законот од каде што почнува законската процедура. Од таа точка до

донесувањето на Законот науката може да се јави како критичар на проектот во рамките на научните инструменти, списанија, во рамките на јавниот живот но не како субјект на самата процедура при донесувањето на законот. Такво мешање на картите не постои во ниеден систем и од тие причини мистифицирањето на можната улога на науката мора да се постави во рамките и во точките на она поле кое е својствено да делува една наука односно политиката и субјектите од таа област.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор господинот Најдовски, процедурално.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, излегов само да реагирам на следното:

Бев отстранет од говорница по деловникот, по член 115. Член 115 вели вака: "пред да се премине на дневниот ред претседателот дава кратки соопштенија во врска со работата на седницата и други претходни прашања". Седницата започна некаде околу 12,00 часот, што значи дека бев отстранет од говорница по член кој што апсолутно нема врска со она што потпретседателот на Собранието го правеше. Значи тој го прекршил деловникот не јас.

Втора работа процедурално член 69 од Уставот вели дека Парламентот постојано работи со кворум. Моментално господин потпретседателе и Уставот го кршите а на крајот ќе ви кажам по ова процедура на моја забелешка дека своето право за изнесување на оние факти кои што сакав тогаш да ги изнесам си го задржувам по деловникот повторно да се јавам за дискусија.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Добро, вие читавте погрешен член. Јас се повикав на член 105 а вие зборувате за 115 тоа нема врска.

Во врска со кворумот, ние работиме со кворум, меѓутоа, постојано излегуваат и ако мислите на секој пет минути да се проверуваме јас молам и сега службите да проверат каква е состојбата со бројот на пртениците.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во сала)

Повелете баравте повторно процедурално.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Ако стварно се повикавте на член 105 видете го стенограмот, тогаш морам да кажам дека за кратко време ги помешавте членовите. Само пред 15 минути рековте член 115.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

За член 105 реков ве молам да се утврди по стенограмот.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Ако грешам тогаш се извинувам, но ќе го провериме за тоа стенограмот. А дали работиме со кворум се уверивте.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Извинувањето го прифаќам.

Молам да се утврди точниот број на присутните пратеници.

Молам да се повикаат пратениците во салата.

(Службите ги повикуваат пратениците да влезат во салата).

По евиденцијата имаме уште 6 пријавени дискутанти, поради што јас предлагам вечерва да го завршиме општиот претрес и затоа сега пауза од 5 минути за да се повикаат пратениците.

(Реагирање на пратениците)

Давам пауза од 6 минути со оглед на тоа што сега има прием на Сердадин Смит овде.

Ве молам продолжуваме во 20,30 часот.

(Пауза од 19,15 часот)

XVIII/1.-ЈШ/МЛ

(По паузата седницата продолжи во 20,40 часот).

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Јован Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, почитувани министри, овој закон побуди голем интерес во јавноста, а според денешната дискусија и во Парламентот и заедно со Законот за локални избори и овој другиот кој следи за избирачки списоци и легитимација ќе овозможи да се заокружи оваа материја и да се распишат локалните избори.

Имавме голем број на реакции на граѓани, на цели населени места, па имавме и овде голема разлика во дискусиите, но еден пратеник рече и јас сега ќе го повторам тоа – не може да се донесе закон кој ќе ги задоволи сите барања. Едно такво идеално решение би било да се задоволат сите барања, сите населени места да бидат во државата општини, но ќе признаеме тоа е бесмислено, така што мора да се оди кон некое оптимално решение, доколку навистина успееме да се доближиме до тој оптимум.

Мораме да признаеме дека не постои модел, не постои формула, не постои држава во која идеално е решен овој проблем и кој можеме ние да го копираме. Според моите сознанија Франција на пример има 32.000 општини, каде има општина со 6 жители. Словенија според моите сознанија има 165 општини, меѓутоа сега се враќаат на модел од околу шеесетина општини, 147 во секој случај, се прави некое поместување.

Кој е тој оптимум во Македонија. Според мое убедување тоа беше некаде околу 50 општини и можеби беше најрационално да одиме чекор

по чекор, на почетокот оние општини кои беа созреани така да кажам како што се Богданци, Пехчево, Дојран, Вевчани и тн., едно десетина нови општини да направиме, па после одреден период повторно да се коригира тој број' и да се дојде до некој оптимум. Но што е тоа е, денес тука сме испречени пред овој закон и мораме да одлучиме, односво ќе одлучиме онака како што ќе одлучиме.

Сега со овие предложени 120 општини треба да бидеме начисто дека тие општини ќе придонесат да се зголеми можеби бројот на вработените, можеби од 800 до 1000 вработени, да се направат нови простории и канцеларии, а сето тоа ќе ја чини државата, меѓутоа тоа е цената која веројатно мора да се плати.

Многу често слушаме и почнавме да се убедуваме дека со овој закон со давањето одредени населени места да бидат општини ќе успееме да ги сочуваме нашите села, да ги ревитализираме како што велиме и да направиме поттик за еден економски развој. Доколку тоа и делумно се оствари, се надевам дека ќе бидеме сите задоволни кои сме учествувале во донесувањето на овој закон.

Ние од Социјалистичката партија поднесовме дваесетина амандмани, кои цениме дека ќе го подобрат квалитетот на овој закон. Со министерот усогласивме еден дел од тие амандмани, а се надевам дека ќе го усогласиме до крај најголемиот број, се разбира од амандманите и дека ќе гласаме за овој закон.

Јас имав едно размислуваше кое го изнесов и на Комисијата за политички систем во првата фаза да се промени и насловот на овој закон, па така и денес со моите колеги поднесовме амандман, законот да не гласи закон за територијална поделба туку закон за определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија и кој цениме дека е еден оптимален наслов, затоа што сите сме малку алергични на оној збор поделби, поделби на Македонија.

XVIII/3.-

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор господинот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван потпретседател, почитувани министри, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници, овој закон кој е од извонредно голема важност за Република Македонија Либералната партија два-три месеци го оценува и изнесува свои ставови по него.

При изготвувањето на овој закон, односно при отпочнувањето на активностите околу овој закон, Либералната партија веднаш укажа дека овој закон, имајќи ги предвид виталните интереси на државата кои ги задира, имајќи предвид дека долго време се подготвува негово донесување а не беше најдено некое решение, укажуваше дека е неопходен поширок компромис на повеќе политички субјекти во Република Македонија. Ова се покажа како исправно, бидејќи овој закон како ниеден закон досега не предизвика толкав интерес во јавноста, не предизвика толкав број на реакции, за што сведочат секојдневните петиции од одржаните собири, од одржаните совети и собранија на месните заедници и други активности на граѓаните, собирање петиции и тн., што укажува дека навистина досега не сме имале, а верувам и претходниот Парламент, толкав број забелешки по еден закон.

Оттаму, бидејќи задира во непосредниот интерес на граѓаните, бидејќи задира во најчувствителните сфери на општествениот, па и економскиот и политичкиот живот, Либералната партија постојано укажуваше дека е неопходен компромис за овој закон. Ние и понатаму тврдиме дека е неопходен компромис за овој закон. Овој закон предизвикува големи реакции и бранувања, а со компромис меѓу повеќе политички субјекти би дошло до едно смирување, односно до намалување на тензии.

XVIII/4.-

Оттаму како што ви е познато вчера организиравме пред-комисиска расправа, на која присуствуваа претставниците на ОБСЕ, МГ и други меѓународни институции, и покрај тоа што во некои средства за јавно информирање погрешно беше пренесена информацијата дека не присуствувале претставници на меѓународните институции. Присуствуваа повеќе претставници на партиите од позицијата и опозицијата и за првпат на оваа комисиска расправа оценивме како позитивно што дојде до еден од предлагачите, односно министерот Поповски како член на Влада и како човек кој е непосредно задолжен за овој закон. Ова го оценивме како еден чекор напред, меѓутоа, сето ова го очекувавме пред се од партиите на власта и од Владата, да го свикаат ова, да не го прави тоа Либералната партија, туку да го прават претставниците на власта, со цел да се изнајдат пооптимални решенија.

Ние укажувавме дека ова е еден закон кој ќе трае, односно треба да трае повеќе години, и покрај тоа како што кажа претходниот дискутант, господинот Лазаров дека можна е и негова доработка, меѓутоа очекувавме дека ова е закон кој ќе трае подолго време и нема да биде подложен на дневно политички потреби, туку ќе биде еден траен закон и да не се случува едно мнозинство или друго мнозинство да го менува на секои две односно четири години законот.

Ние ги проучивме сите забелешки кои стигнаа од граѓаните, од месните заедници, од невладини, односно ограноци на разните политички партии од цела Македонија и веднаш укажавме дека ова што се случува ќе се случи и на сите евентуални обвинувања кои дојдоа дека немаме конкретни забелешки, уште во првата фаза кажавме дека имаме конкретни забелешки, меѓутоа дека сакаме еден поширок разговор да се направи, прво концепција на самиот закон и кога ќе се утврди концепција, лесно ќе дојдеме до расправа за секоја поединечна општина. Инаку ние,

и тогаш укажавме дека има потреба од донесување на овој закон, и покрај тоа што баравме да оди во три фази, не од некоја опструкција туку токму од овој компромис, длабоко уверени дека тој компромис може да се направи меѓу политичките субјекти во Република Македонија, а историјата на парламентарната демократија во овие пет ипол години го покажува тоа. Јас само би го напомнал примерот за референдумот за суверена Македонија кога на 8 септември сите политички субјекти постигнаа консензус за ова.

Понатаму, можам да кажам дека членувањето на Македонија во Партнерство за мир, патот кој што води кон европските асоцијации и тн., за сите овие работи постои еден широк консензус на политичките субјекти. Тоа укажува дека политичките субјекти во Република Македонија навистина се подготвени и можат да најдат компромис за највиталните прашања. Оттаму е тоа наше инсистирање и сега и продолжува.

Инаку, Либералната партија знаела да го цени, знае и ќе знае државниот интерес. Таа многу пати го докажала тоа и во изминатиот Парламент и во овој состав на Парламент, и кога била во позиција и во опозиција, тоа го докажавме и со гласањето за некои витални закони како што е Кривичниот законик и некои други закони од сферата на правосудството. Тоа го докажавме при изборот на некои органи, но исто така тоа го докажавме и кога поминавме во опозиција кога гласавме и за ратификација на некои спогодби со одредени земји, ценејќи го пред се државниот интерес, иако имавме некои забелешки по тие прописи.

Затоа, и понатаму очекуваме во текот на утрешниот ден по овие забелешки Владата, односно претставниците на власта да организираат една кратка средба која не би го одложила донесувањето на овој закон, особено со бројни претставници на ограноците од одредени краишта на

XVIII/6.-

Република Македонија, уште еднаш да се преиспитаат тие конкретни забелешки, а се со цел да се ублажат, да се намалат тензиите.

Ние добивме како, што знаете денес, па и Пратеничката група и други пратенички групи имаа или ќе имаат утре средби со одредени претставници на ограноци и од повеќе политички партии, по- веќе граѓански иницијативи и тн. и се надеваме дека во утрешниот ден тие средби ќе се одржат и ќе придонесат за намалуваше на тие тензии.

Како што изјави министерот, овој закон можеби не е за ублажување, односно за решавање на меѓунационалните тензии. Меѓутоа овој закон никако не би требало да претставува и разгоруваше на тие тензии. Затоа, мислиме дека сеуште постои простор, дека сите шанси не се изгубени и дека мора да се прави ова.

Како што укажавме уште во првата фаза, иако баравме три фази, тоа не беше прифатено, ние очекувавме дека повеќе време ќе има, дури денес беа комисиските расправи, меѓутоа, бевме надгласани во некои работи, не можеше да биде последна точка на дневен ред и сепак решивме да земеме учество во оваа расправа. Ние укажувавме дека токму од тие критериуми кои ги предлагавме, а тоа беа не само географски, кои често пати беа спомнувани, тоа беа и културни, историски, развојни, економски и тн., дека од прилика сса, една оптимална бројка на општини би била околу 70. Со оваа наша теза беа и првичните искажувања на голем број стручњаци, кои исто така првично укажаа дека треба околу 60 до 70 општини во Република Македонија, а со тоа се согласуваа сега гледам и поголем број на политички партии, па дури и претставници на Социјалдемократскиот сојуз велеа дека можеби ќе имаме 100 општини, а ќе заживеат 70, така што навистина Либералната партија се најде во една голема дилема како можеме да

донесуваме, ако сме убедени, односно ако се некои убедени дека ќе бидат само 70 општини, зошто тогаш да ги правиме сите тие промени и сите тие претумбации, доколку е навистина намерата да заживеат 70. Тоа го кажа пошироко и претходниот дискутант, господинот Лазаров и затоа не сакам на тоа многу да се задржувам.

Во тие расправи ние не расправавме конкретно за општини, затоа што имавме свои анализи, меѓутоа, ги очекувавме анализите и од Владата, бидејќи во првичната расправа ни беше ветено дека ќе бидат дадени аналитички податоци во врска со секоја општина и воопшто со концептот. Беше ветено дека ќе биде дадена скица, бидејќи гледаме и сега голем број амандмани се поднесени не од друго туку што постои нејаснотија точно каде. Можеби и не е можно се во текст да се опише, имаше и некои грешки во текстот, денес дури ги примивме тие измени, амандмани на Владата, со една скица, а веројатно и на пратениците и на јавноста на која ќе и беше презентиран овој закон, ќе имавме појасна претстава и ќе се намалеа.

Ние очекувавме исто така една анализа за бројот на население во секоја општина и површина, а не поединечно и таа да биде јавно транспарентно објавена и доколку се случеше тоа што беше ветено во прва фаза, јас верувам дека барем малку ќе се ублажеа сите овие тензии и дека немаше да дојде до вакви бранувања до кои дојде, бидејќи ќе постоеја јасни параметри, а исто така и на пратениците ќе им беше јасно и ќе имаа помалку реакции од своите избирачки единици.

Ние знаеме дека имаме мнозински изборен систем, што значи секој пратеник има своја изборна единица, секој пратеник има бреме односно секој пратеник е должен да ги застапува интересите не само на својата партија, туку и на својата изборна единица. Оттаму, веруваме, имајќи

предвид дека голем број на пратениците, пред се од власта ги имаа голем број забелешки дека сепак, иако веќе влегуваме во завршна фаза, нема да имаме ваков клучен акт, ваков клучен закон само со кревање раце, односно дури и со воздржаност, одбивање некои амандмани, така што верувам дека за овој закон може да се направи компромис. Јас кажав дека постојат бројни примери во историјата на парламентарната демократија овие пет ипол години во Република Македонија, дека се можни компромиси барем за одреден дел и за се она што ќе се договори, тоа ќе биде неспорно и тоа ќе ја скрати расправата, нема да ја продолжи. Нема никакви можности да се манипулира дека со тоа се прави опструкција што постојано инсистира на тие разговори Либералната партија. Таа инсистира пред се тргнувајќи од виталните државни интереси.

Би се задржал само накратко, бидејќи во првата фаза го кажав тоа, на некои светски искуства, односно дека ние ги анализиравме искуствата во повеќето европски па и светски земји. Ние утврдивме дека постои еден тренд во светот, а тој тренд е на окрупнување на општини. Тоа го документиравме со бројни примери. Од една страна сакам да кажам меѓутоа тука, иако е постигнато одредено разбирање со предлагачите, сите знаете дека во светот постојат таканаречени квартни и градски општини. Дали тоа е соодветен термин или соодветен превод, не навлегувам во тоа, меѓутоа, по суштина тоа е тоа. Значи големите градови внатре во својата содржина имаат општини и тие се составен дел на градот, односно со посебни закони се уредуваат тие. Јас наведов некои градови, како што е Истанбул, Ротердам, Дрезден и некои други кои имаат околу 800 илјади жители, на пример зборувам за Ротердам и Дрезден, а 10 општини, значи просечна градска општина брои од 80 до 100 илјади. Друга е ситуацијата во турските општини во Измир и Истанбул, каде што се и неколку милионски, меѓутоа, таму се и поголеми

градови, така што не може механички да се каже треба мала општина или треба голема општина и само со таа бројка да биде, да кажеме максимум е 5000 и тн. Меѓутоа, сметаме дека сепак има еден број на општини кои едноставно не можат да останат од повеќе причини, економски причини, развојни причини, немаат доволно население и немаат доволно економска моќ да опстанат. Ние неколку пати сме укажувале и морам да го повторам претходниот дискутант дека ние како Либерална партија сме свесни и имаме сознанија дека Богданици на пример треба и може да биде општина, има економски услови, има волја на граѓани, потоа Пехчево знаеме дека веќе со децении ја бара таа општина и се подготвени, некои општини се дури спремни на самоодречуван>е само да имаат општини, значи и самите ќе можат да ги обезбедат тие услови. Меѓутоа, има голем број на општини кои едноставно немаат од каде, и покрај овие закони што се предлагаат дека ќе има прераспределба, така што сметаме дека ќе дојде до нерамномерен развој на Република Македонија, и покрај тоа што не можеме да очекуваме апсолутно униформираност на развој на општини. Меѓутоа, преголема дисонантност ќе има- ме во развој на едни општини виза ви други општини, бидејќи и понатаму, а и секаде во светот главен приход на општините и на локалните власти се комуналните такси и приход од данок со промет на недвижностите, така што тоа нема да може да биде.

Ние оценивме, во разговор со низа независни експерти, проучивме одредени прописи и составот, односно композитот по структурата на општините во повеќе европски земји и тогаш наведовме, а и сега ќе наведеме само неколку примери каде што општините се покрупни. Тогаш наведовме дека една Данска која неколку пати е побогата од Македонија има просечна општина со над 20.000 жители. Во Холандија овој просек е околу 30.000 жители, во Франција постојат две ипол општини, што е околу 27.000 просек. Во Ирска постојат 80 општини, а население сса 6

милиони, тоа е околу 60.000 жители во просек. Во Италија имаме 2310 општини, просекот е со 30.000. А имаме една друга ситуација и ќе наведеме пример во Норвешка, каде што имаме 435 општини, сразмерно со цаселението просекот е некаде 13.000, меѓутоа се работи за огромни пространства каде што не може да се споредува бидејќи површината е неколку десетина пати поголема од Република Македонија, така што ова е еден од ретките примери, бидејќи рековме дека просечно, условно кажано, македонска општина би имала 16.000, а ако ги иземеме овие големи општини, просекот би бил можеби некаде околу 10.000 жители, така што навистина цениме дека ова за една држава, во овој момент, на овој степен на развој е навистина прескапа инвестиција, ниту општините ниту Република Македонија не може да го издржи. Сличен е примерот и со Шведска која има 286 општини, 30.000 жители просечно има една општина. Со тоа оценивме дека навистина во Европа еден мал број земји имаат ваква локална самоуправа со ваков просек. Тие земји се, се разбира, побогати, нивните буџети се десет пати па и стотици пати поголеми од просечен буџет на една општина во Република Македонија и навистина цениме дека е надвор од европските искуства.

Меѓутоа, сакам да укажам и беше напомнато дека сепак има некаде ваква општина, односно ваков просек и беше спомната државата Вермонт во САД.

XIX/1.-ДВ/ОМ

**ЗОРАН ШАПУРИК:** (Продолжение)

Државата е една од помалите држави во САД и воопшто не е соодветен примерок, како што беше бранет концептот дека Вермонт е слична на РМ, од повеќе прочини. Точно е дека по површина е многу слична, 25 илјади квадратни километри или 9200 се миљи е површина меѓутоа со население е 5 пати помалку, некаде околу 500 илјади жители има оваа држава. Имено 548 илјади жители. Тоа се податоци од 1991 година. Инаку оваа држава е една од најретко населените во САД. Главниот град има 8421 жител, а најголем град е Балинтон кој има 30 илјади жители. Другите градови сите се по 10 илјади жители. Така да оваа држава не може да се спореди со РМ бидејќи не е таква држава да може да се споредува. Така да и натаму остануваме на тоа дека сме една од ретките земји која по структура ќе има таков состав.

Инаку ако веќе се споредуваме со САД веднаш да кажам дека таму постои, добро е тоа да го знаат и претставниците на Министерството дека не е ист систем на локална самоуправа. Таму со закон на секоја федерална држава се определува што е село Вилич, што е Таун што е Сид и секој си има, согласно на тоа и број на жители. До 10 или 15 илјади е Вилич, значи село и некој од нив има општини а некој и нема. Меѓутоа, покрај таа таканаречена општина која таму постои има и еден вид на второстепена локална самоуправа, Таокаунти па потоа Федерална. Така да има 4 степени и не може да се споредува. Друг пример таму е, еве да речеме Скопје е збратимено со градот Темпи - Аризона, град од околу 200 илјади жители и кој има 50 пати поголем Буџет од Скопје. Така да многу ни се тешки споредбите со Европа, а камоли со САД, бидејќи таму е сосема друг принципот на уредување и не би елаборилал пошироко. Меѓутоа, за некој е корисно бидејќи некој го бранеа, господнине

пратениче, овој концепт, некој пратеници рекоа дека имаат сознанија , па нека повелат на говорница да кажат како е во која држава, можеби ќе ги прошират нашите сознанија.

Ние ова го ценевме исто така и од економски аспект. Ние сметавме дека секоја општина ќе чини цирка 200 илјади дм во денарска противвредност бидејќи, како што знаете, половина од овие општини немаат згради, пред се, немаат каде да се сместат, а ќе треба долг период, година две после изборите да заживеат. Каде ќе бидат сместени тие органи. Се предлага оној закон за кој ќе видиме во втора фаза каде што се ограничува, што исто така е многу нелогично дека ќе има ограничување. Тоа е надвор од евопската повелба за локална самоуправа на која сме потписници и која веројтано ќе ја ратифицираме и знаеме дека таа европска повелба услови многу членови во законот за локална самоуправа и во овој закон. Имено предвидено е консултативно изјаснување на граѓани и т.н. и оттаму реагираат граѓаните дека мора да се направи нешто.

Беше спомната и ревитализација. Ревитализацијата мора да биде проследена со програма. Дали имаме ние сега некоја програма со таа ревитализација. Имаме укажување дека тие и тие општини ќе се развиваат и т.н. Досега бројни активности имала државата, не само процеси да ги раселува. Имала и процеси на ревитализација кои останале безуспешни. Еве го знаеме примерот и со кавадаречкиот и со прилепскиот дел на Мариово и битолскиот каде што бројни кации пропаднаа. Последна акција беше пред три години каде што околу 50 семејства од Мала Преспа - Албанија беа раселени на кој им беше доделена земја го напуштија Маријово. Беа правени некои експерименти исто така во Рожден кои не успеаа, само 5 фамилии се јавија. Така да

една мала општина никако не може да ја изврши оваа ревитализација. Ревитализацијата на селата и на просторот треба да биде постојана грижа на државата. Таа треба да би^де пратена со програма. Доколку имаше одре- дена програма ние ќе видевме што е целта и како мислиме да се развива. Беше само кажано ќе се сели капиталот, меѓутоа како ќе се сели на кој начин, дали ќе има стимулативни мерки, кои се тие, која е таа програма, кои прописи ќе бидат донесени, евентуално ослободување од данок во тие подрачја и т.н. за да се развиваат истите. Вака остануваме на едни голи фрази дека ќе бидат ревитализирани. Меѓутоа, навистина, се сомневам, бидејќи државата е таа што треба да води основна грижа за ревитализација. Па и сегашните општини ако некој вика биле нарушени односите град - село , не се точни. Имено во последните 5-6 години и те како градот се грижел за селото. Имало дури и прелевања на некои средства од градот во селата , изградени се бројни инфраструктурни објекти и тоа во Скопје можам да Ви кажам, само на неколку километри од Скопје, бројни села кои немаа вода, канализација по 50-ет годишни маки за година, две или три се пред решавање на некои нивни проблеми, а некои веќе се решаваат.

Исто така ние симптоматично што бројни учесници во Комисијата даваа и сега даваат, се јавуваат и нови со забелешки дека не бил таков концептот и навистина ни остана маглива ситуација кои критериуми тие ги применувале и зошто даваат едни оценки. Имавме пример во првата фаза дека двајца тројца стручњаци уште тогаш се откажаа од комисиите и даваа дивергентни изјави. Имаше и во Пулс напис за двајца членови, а и сега слушавме од професорот Панов дека не предлагал, така да навистина е симптоматично, бидејќи еден официјално кажа меѓутоа

повеќе се јавија подоцна неофицијално, а уште еден се јави сега пред некој ден , еден од главните носители кој кажа дека не е задоволен со оваа поделба.

Ако се погледне историскиот развој , ние знаеме дека в1947 година била извршена прва административна поделба каде имавме градови и градски околии, имавме и 27 утврдени седишта на административни околии.

Понатаму со законот за изменување и дополнување на Законот за територијална поделба на РМ од 50 година се утврдени други области и други општини односно извршена е друга територијална поделба. Понатаму до 1950 година се донесе Законот за територијална административна поделба на Народна Република Македонија, од 18 септември имаме практично и пречистување на првобитниот текст, така да се извршени измени, па се направени 27 околии, утврдени се 8 градови и т.н. Потоа во 1952 година пак имаме измена каде што се утврдува територијална поделба на околии, градови, градски општини и општини, кои околии се намалуваат на 18, а градски општини исто така се прогласуваат 205. Во 1955 година се формирани 86 општини и 7 околии и последната што беше кажано од некој дискутанти и од министерот, кога е направена.

Значи имавме еден процес во РМ на постојано уситнување на општините. Можеби било преголемо, меѓутоа сме имале разлика, тоа е можеби грешка во Уставот. Меѓутоа ние мораме да имаме разни типови на општини: Градски, селски, индустриски и т.н., бидејќи целата историја на РМ во оваа територијална поделба укажува дека има број- ни разлики односно разни типови на општини. Ние сега и по Уставот и по законот за локална самоуправа имаме единствен тип на општина и не е возможно да се изврши разграничување и покрај тоа што се вели дека е можно, на

овој начин ќе се доверат функции и т.н. Функциите ќе може да се доверат само на мал број на општини, бидејќи покрај тоа што беше кажано дека ќе се доверат само на мал број на општини, бидејќи и покрај тоа што беше кажано дека ќе се доверат некои општини кои имаат односно се претежно земјоделско подрачје ќе се доверат некои земјоделски функции, е многу тешко, бидејќи немаат вработени, немаат подрачни единици, а знаеме дека подрачните единици на министерствата пак во нив ќе ги остваруваат тие права. Така да многу малку ќе биде фајде од тоа дека поблиску ќе си ги остваруваат граѓаните своите права бидејќи сепак грото од тие права ќе можат да ги извршуваат во тие подрачни единици, а еден мал дел во општините.

Исто така голема дилема беше истакнато и од страна на министерот дека градот природно треба да се шири и дека не може буквално со последна куќа да заврши градот како град. Оттаму имаше голем број на реакции на условно би кажал, села кои се слепени за градот, како што е случајот Струмица и за Скопје односно многу блиску до градот или приградски населби. Меѓутоа многу е тешко да се повлече реска граница меѓу приградска населба и приградско село.

Некаде е тоа направено односно почитувана е волјата на граѓаните. Јас се прашувам, кога веќе да речеме за Мала Речица е почитувана волјата на граѓаните и приклучена е кон Тетово. Зошто не е почитувана волјата во Драчево , населбата Драчево и селата да бидат кон градот и кон општина Кисела Вода, бидејќи тие вложија 4 илјади петиции на што одговори министерот, меѓутоа од законот не ми е јасно и на нив не им е јасно дали населбата е во општина Кисела Вода или не е, бидејќи во една верзија пишува дека населбата Драчево е вклучена во Кисела Вода во една верзија не. Навистина, можеби, е пропуст меѓутоа

од ова што го гледам јас г-дине министре бидејќи гледаме дека сега и меѓу Вас сега има дилема, како двајца претставници, едниот министер тврди дека населбата Драчево е влезена во општина Кисела Вода, другиот дека не е. Значи не е доволно јасно .

**БЧЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Ве молам на Парламентот да се обраќате.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

И на Парламентот и на министрите.

Така да мора да се разјаснат тие работи.

Оттаму се прашувам зошто на едно население е почитувана волјата , на друго не. Мислам дека во амндманска расправа може да се поправи тоа и редно е, не само да се расправаме туку некои амандмани и да се прифатат, да нема надгласуваше . И од сите експерти беше кажано дека населбата Драчево и вчера беше кажано на ТВ емисија; дека населбата Драчево останува во градот Скопје, дека е природно врзана и дека нема ништо со руралниот дел, бидејќи припаѓа кон градското подрачје, а за селото дека има поднесено амандмани и ќе се размисли за нивно прифаќање, бидејќи беше кажано дека Владата е запознаена и Парламентот со голем дел од овие забелешки оттаму очекуваме таа волја да се исполни, особено во овој случај во Драчево, бидејќи постои согласност меѓу населението на Драчево и населението од Студеничани да не бидат во една општина. Тоа би значело релаксација ток- му на овие национални односно меѓунационални тензии и би значело дека би била почитувана волјата и на граѓаните на Студеничани и на граѓаните на Драчево, бидејќи условно кажано ниту Студеничани би сакало да биде во таа општина Драчево ниту пак Драчево заедно со Студеничани, така да би се вршела една релаксација

и би била почитувана волјата и овие односи кои се добри на едно население со друго , навистина и понатаму би се развивале како добри,а се она би водело кон зголемување на тензиите, се разбира ако не се прифати тоа. Оттаму очекуваме дека сепак ќе може нешто да се исправи, ќе може да се размисли до утрешните разговори да се земе искуството од Словенија каде што се враќаат искуствата од Хрватска кои Ви ги кажавме, колкав број на општини има и како се враќаат. Тоа им е познато и на некои пратеници кои учествуваа на некои меѓународни конференции и кои имаа добра прилика да се запознаат со искуствата на Хрватска и Словенија како се враќаат назад, ако ги намалуваат бројот на општините, како дојдоа тие грешки какви се искуствата во европските земји и т.н. Така да мислам дека треба навистина да се респектираат некои светски и европски искуства и да се прошират.

Ние цело време тврдевме дека мора развојни стручњаци да влезат во овие комисии. Сигурно дека ги почитуваме и географичарите и историчарите и другите стручњаци што беа меѓутоа сметаме дека економската и развојната сфера беа запоставени и дека требаше поголем број од стручњаци од овие две области од економија и развој да влезат за да го подобрат овој текст односно да се подобри ефикасноста и да се види на кој начин може да опстанат овие општини. Ние очекуваме дека мора да се тргне во некое подобруваше амандманско, ако веќе нема простор за разговор. Очекуваме од најбројната пратеничка група СДСМ пред се, а и од сите други пратеници да покажат, како. што изјавија дека се голема партија,да надминат некои интереси и низ амандманската расправа да се подобри работата , утре да извршат разговори со другите пратенички групи и со другите партии кои ќе изразат желба за тоа, да ги повикаат тие на разговор, а не да го прави

тоа позицијата со цел да се намалат тие тензии . Ние еве имаме пример, само би навел во Западна Македонија каде никој не е задоволен од овој закон. Ниту македонците , ниту албанците, ниту пак други навистина е симптоматично. Јас мислам може да се направи некој компромис, мислам на населението пред се , а потоа на политичките партии, бидејќи тоа се политизира, кај нас суште не функционира цивилно општество, немаме невладини организации и граѓаните нема каде да се обраќаат, кај пратеници, кај пратенички групи, кај локалните власти кај министерствата. Оттаму не треба да се чудиме зошто се политизира. Ова не е некоја техничка работа, ова е витална работ аза РМ. Навистина е големо значењето. Ве молам сите да го сфатите значењето и да дадете голем придонес, не само со амандмани туку и конкретно,д а дадете, не само некои паушални забелешки да се даваат. Ние веруваме во Либералната партија ние очекуваме дека ќе може да се надминат.

За жал, не беше, како што спомна професорот Давитковски вчера дека имаше иницијатива и од општините и од Министерството за правда пред 2-3 години, познато му е и на поранешниот министер дека имаше иницијатива за експериментални општини. До колку се направеја некои такви експериментални општини, селски градски и т.н. ние ќе видевме како ќе профункционира ова ќе имавме кривични искуства и ќе можевме да го донесеме овој закон.

Јас исто така сакам да напоменам дека од закон во закон постојано ја деградираме месната заедница. Месната заедница, почитувани пратеници е уставна категорија. Донесовме закон за локална самоурпава каде што штуро ја спомнавме. Донесовме закон каде се дели имот, ја нема месната заедница. Донесовме закон за избори не се спомнува месната заедница. Месната заедница е уставна категорија и мора да ја

има. Која би била улогата на месната заедница, се прашуваат месните заедници. Месната заедница е уставна категорија, мора да остане и добро е што републичкиот одбор на месните заедници донесе заклучок односно препораки до Владата до Парламентот да ја третираат месната заедница како една политичка категорија како една заедница каде што веќе нема да имаат допирни точки со политиката каде што беше кажано дека локалната самоуправа, и тоа е точно, пред се треба да ја интересираат комуналните, урбаните и другите проблеми, а не политиката. Меѓутоа сепак општината е преодна фаза меѓу тоа цивилно општество и политичко општество , но на месната заедница мор ада и го најдеме местото и улогата . Која би била улогата на месната заедница во колкав број на општини, бидејќи знаеме дека месните заедници си ја докажаа својата улога и го докажаа постоењето и во плурализмот.

За жал, имавме пред некој ден празник каде што беа спомнати сите, а не беа спомнати општините и месните заедници . Тие и во новите услови ја докажаа оправданоста во своето постоење. Оттаму сметам дека треба да се поглед овој концепт и евентуално некаде ако има услови да се коригира односно да се намали тој број на општини, бидејќи сите овие развојни компоненти, повторувам уште еднаш ќе ги носи државата. Условно е само дека 1,3% од територијата на РМ е урбанизирана, бидејќи постојат голем број на пространства каде што имаме основни урбанистички планови, наемаме детални, или нивната изработка е при крај. Потоа имаме селски населби каде што има граници сега според новиот термин по новиот закон за просторно урбанистичко планирање, така да е само условно дека 1,3% од РМ е урбанизирана. Нормално во одредени поголеми селски подрачја не можеме да имаме детални планови, ќе имаме други планови,така да само условено е тоа оправдување за бројот на општините.

XIX/10.-

На крајот би сакал да кажам, и. за мене е чудно Битола да го исзгуби статусот на погранична општина.

Еден од елементите на развојот односно на економската соработка посебно со соседните земји уште од поранешниот систем, а тој продолжува и сега е и малограничниот промет. Тој и порано и сега бил стимулиран од државата со одредени олеснителни околности. Целиот тој малограничен промет е седиште на тие фирми и порано и сега , знаеме "Јавор", "Континетал" беа носители на малограничен промет не во РМ туку во поранешна Југославија.

XX/1.- СЈ-ВБ

**ЗОРАН ШАПУРИК:** (продолжение)

И новите претпријатија било да се сеуште општествени или трансформирани или приватни се носители на тој малограничен промет и навистина кој би го носел тој малограничен промет ако не овие претпријатија од .Битола. И, оваа соработка што ја кажа г-дин Најдовски дека меѓу Лерин пред се, и Битола е се поинтензивна таа соработка, не е направена, а може тоа да се направи Битола да биде погранична општина бидејќи добар пример каде што Владата го послуша мислењето ан граѓаните од Ресен. Тука велам веројатно и пратениците го употребиле својот авторитет и партиски, и тоа велам добро го употребиле, не го злоупотребиле бидејќи јас мислам дека е оправдано Ресен да биде една општина бидејќи имаше предлог за Царев Двор, за Љубојно, таму по ставовите на Собранието и по ставовите на населението е постапено и Ресен е една општина.

Тоа може да се направи и во некои други општини и ќе се реши.

На крајот и покрај тоа што беше укажано од министерот на вчерашната расправа Либералната партија стои цврсто на ставот во консултација со голем број експерти дека донесувањето на законот за територијална поделба и Законот за Градот Скопје е нужен со две третини. Имено, со член 114 е кажано дека локалната самоуправа се уредува со закон кој се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници. Ова се однесува на се она што ја уредува локалната самоуправа, а локалната самоуправа се уредува со законот за Град Скопје и со територијалната поделба.

Инаку, да ви кажам, ние воопшто не мора со закон за локална самоуправа да го носиме со две третини. Може да донесеме посебен

една македонска општина би била од просечна европска двапати помала, а по буџет, по приход стопати помал буџет би имала, односно стопати помал приход.

Благодарам.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Господин претседателе, дами и господа, денеска доста се работеше по законот за организација на локалната самоуправа односно за територијалната поделба на локалната самоуправа по право на општините, а речено што претставува една прилично одговорна материја во овој закон кој што ние овде во Собранието ја носиме одговорноста за неуспехот на некои општини кои што ќе бидат организирани. Јас сум во тоа песимиста дека нема да можат да заживеат поради економската положба која ја има државата Македонија во денешни услови. Ние многу набрзо се одвоивме од Југославија, од другите републики. Створивме брзо и ефикасна држава што е за пофалба, што во светот не е направено таква држава без војна. Ние донесовме Устав, референдум, значи завршивме многу работи, многу закони, донесовме во овој краток период, меѓутоа можеби некако испуштивме и пропуштивме вниманието на општините така да 6 години функционираат општини по изборот и теркот и законите кои што владеат порано донесени кога бевме во составот на Југославија. Така да не најдовме место и време по тие прашања да се позабавиме да се извршеше реизбор на одборниците така како што беа, меѓутоа ние тука мислам дека имаме едно уставно задолжение и го прекршивме можеби Уставот затоа што не го направивме. Но што е така е.

Јас не би сакал да извршиме експерименти на некои работи да се учиме на свој проблеми туку на туѓи да се учиме. Да го земеме искуството од Хрватска и од Словенија и од другите места каде што створија општини, меѓутоа нема економско и политичко оправдување,

па мораше еве сега и тие сепак да ги фузираат. Не е тоа случајно. 1965 година се донесе закон за територијалната поделба на РМ кој до денеска се спроведуваше, не е баш така, сепак случајно доста општини се укинаа и се фузираа со други заради тоа што немаше оправдување. Следи 1965 година економската реформа која што не се спроведе до крај, се започна а не се спроведе- до крај. Дојде 1972 година кога извршивме поделба на организациите на ООЗТ-иња кога створивме интерсни заедници за секој човек, граѓанин да управува, извршивме промашај а тоа денеска ни се свети заради тоа што ги намаливме имовината, средствата на државата на Македонија. Таквите експерименти се многу скапи

Ваквата поделба на РМ, првата верзија која се даде и објави негде 7, 8 до 15 општини беше тоа реално и оптимално решение кои што имаа економска целина, економска поделба и политичка како што е територииата што се предлага општина Пехчево, Каменица, Демир Капија, Ростуша, Богданци, Дојран и евентуално другите имаат една целина. Меѓутоа, сега дојдовме до други проблеми каде што и катастарската општина се менува и таа преоѓа од една општина и се префрла во друга општина што граѓаните сепак негодуваат. Ова прашање можеби требаше да оди и на референдум, на изјаснување на граѓаните, на поедини кои што беа незадоволни територии, каде да биде, дали на општина Каменица или во Кочани изјаснување на граѓаните. Меѓутоа нивната судбина ја носиме ние, а не тие сами.

Оттука мислам дека поради надлежностите кои ги има општината до 1991 година општината ги имаше сите комунални, здравствени и други проблеми ги решаваше, меѓутоа од 8 јануари 1991 година па наваму таквите права се пренесоа на министерствата на Републиката, така да локалната самоуправа ги нема тие права, нема зошто да се грижи. Што би можела да се грижи за образование, нема никаква грижа

нема средства. Понатаму за здравството исто така нема можности. За комуналните работи кога е под министерството за комунални работи немаме никаква функција за локалната самоуправа. И сите ако ги земеме, стопанскиот развој, општината нема ингеренции. Меѓутоа, би сакал да кажам можеби се пропуштило од Министерството за стопанство, Министерството за земјоделие, Министерството за развој каде е анализата за да формираме една таква организациона единица на локална- та самоуправа во една населба, кои се причините за да се формира во изминатото што сме згрешиле па да го исправиме сега со овој закон. А, кои се перспективите со што ќе се развива таа локална самоуправа односно таа територија, кој ќе биде предметот на развојот, каков ќе биде развојот во идната година, во идните пет години, 10,15,30 години, каков ќе биде развојот. Иако е можеби тоа неостварливо, меѓу-тоа сепак да имаме некој патоказ по кој што на граѓаните треба да им објасниме дека еве заради тоа и тоа се прави или заради тоа не може да се прави.

Така да имајќи предвид големиот број на амандмани, дописи, преписки, разговори со граѓаните постои едно незадоволство од Законот иако можда е стручно и јас сум во тоа убеден дека е изготвен онака како што требало, меѓутоа економската подлога е изоставена, не мислам тоа од Министерството за правда, туку политиката наложила еве вака да биде како што е предложено.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ**: (продолжение)

Мислам дека оправданоста е за 8 до 9 општини, се што е повеќе на овие општини, се што е преку тоа е неоправдано во денешниот степен на развојот на стопанството. Имајќи ги предвид ниските лично доходи на државната администрација, неисплатен К-15 и други додатоци, имајќи го предвид технолошкиот вишок во стопанството, имајќи ги предвид стечајните работници и други дека нема да можеме и не би требало и не би смееле да трошиме средства да организираме организации само во администрацијата. Ние треба да свртиме повеќе на производството, на развојот на стопанството стопанските објекти да работат, тогаш ќе имаме средства и за Буџетот ќе имаме средства и за граѓаните. Јас потенцирам дека ние голема одговорност носиме за оваа судбина што ќе настане и во иднина и се се плашам дека не ќе можеме да ги формираме, а уште не формирани да ги припојуваме средствата дадени за тоа, а напорите направени, не е баш така лесно, сепак во овие населби немаме обезбедено комуникации, инфраструктура, комунали и други работи, така да закон мора да донесеме. Тука нема дилеми. Мислам сите треба да бидеме сложни во тоа. Локалната самоуправа мора да ја организираме. бега дали сме го избрале добриот пат, мислам -Собранието конечно ќе одлучи со прифаќање  неприфакање на амандманите ќе одлучи ќе го донесе конечниот закон што е веќе изминато времето, а веќе не сме пристапиле по Уставот во тој реон не сме ги донеле, но сепак не е доцна, се надевам дека брзо ќе се донесе.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претсдателе, почитувани пратеници, почитувани министри,

Колку ве има толку малку, толку малку меѓутоа, што да правиме, такво е времето. Денешната расправа и вечерва се поведе широка

дискусија по Предлогот на законот за територијална поделба и разграничување на општините. Се изнесоа многу мислења, се изнесоа доста аргументи кои што зборуваат во корист на тоа како треба да изгледа законот и мислам дека Владата ќе има можност одредени работи што ги доби како амандмани ќе има можност да ги разгледа и евентуално да ги усвои.

Јас во мојата дискусија ќе кажам неколку збора по однос на тоа како е опфатено во случајот конкретно со Дебарска општина која што како што сте виделе во материјалот е поделена во две, односно три општини. Велам во две општини е поделена по основ на тоа колку општини има ,а направен е еден да кажам преседнат што не е направен за ниедна општина од постојните дел од оваа општина да оди во нова општина што се формира, а таа е општината Ростуше. Еве што сум запишал по однос на ова.

Предлогот на законот по однос на територијална поделба на РМ и определување на подрачјата на единците на локална самоуправа претставува самиот по себе проект од големо значајни, особено ако се има во вид проблематиката што ја регулира и целите што се очекуваат да се постигнат со заживување на законот. Во образложението кон понудениот проект се вели дека цел на начелата е да се обезбеди новите единици на локалната самоуправа да претставуваат локални заедници кој ќе овозможат тие граници непосредно и преку свој претставници да учествуваат во одлучувањето со прашање од локално значење. Ова не е никаква новина, ова беше и досега. Колку што има, права поголеми права немаат и сега. Сосема исправно како желба но не и како практика од причина што надлежностите што ќе ги вршат органите на локалната самоуправа се ограничени со законот за локалната самоуправа, каде што постои една вулгаризација, па меѓу другите

надлежности се вбројува и уредувањето на чистењето на оџаците. Но да го оставиме тоа. Се вели дека определба, и на чело на кое се заснива законот е дека населените места меѓусебно треба да се поврзани со комуникации, тоа нешто при сегашната поделба на општина Дебар не е почитувано. Впрочем, по кој пат е поврзано селото Могорче со ново предложената општина Центар Жупа. Патем речено граѓаните од с.Могорче за да одат во Центар Жупа треба да минат околу 10 км пат на територијата на Општина Дебар. Се прашувам каде е тука почитувањето на наведеното начело. Граѓаните од Могорче бараат и наваму референдумско изјаснување по однос на ова каде да припаѓаат. За тоа се рече доста во дискусијата и од страна на министерот дека такви работи се почитувани, меѓутоа овде воопшто овде како да не постои.

Исто така во образложението на законот се вели дека во Предлогот подрачјата на општините се определени така што поголемите единици на локалната самоуправа се поделени на две или повеќе единици на локалната самоуправа, а некои се здржани и како такви се утврдени во Законот. Наведеното начело, според мене воопшто не се почитуваше при делењето на општина -Дебар. Според предлогот се дели на две помали општини Дебар и Центар Жупа, а дел од подрачјето на сегашната општина се префрлува во нвопредложената општина Ростуше, што претставува единствен случај во поделбата и никаде во никоја општина не е применуван. Секако дека тоа е заслуга по мене и на актуелниот министер за правда кој спрема мене, односно спрема нас Дебрани има одредена верзија, па не бира начини како да не обесправува. Замислете, се дели општината Дебар која и во досегашната територијална поделеност претставува една од најмалите општини со 265 км$^2$ и околу 26.700 жители. Од друга страна остануваат општини како што е Ресен, општина слична како Дебар, не се поделува

меѓутоа, оттаму е министерот, а остануваат неподелени и многу големи градски општини од кој што некој имаат повеќе од 100 илјади жители. И каде е тука логиката. Логика никаква. Ако сакаме да имаме помала општина со ваква работа немаме логика. Се даде предлог закон за град Скопје дека ќе има измени, повторно се повлече останува на стари граници. Каде е логиката. Само ќе се изразуваме ли,дека тие начела ги почитуваме, а фактички не ги почитуваме. Само да служат како убави зборови пред народот дека ние ги почитуваме овие начела, а фактички не. А сега нешто за економиката што не ја нуди овој проект. делбата е направена без почитуваше на економските критериуми. Велам без критериуми бидејќи таквите денес не се обелоденети, ниту пак кон проектот приложени. Проектот не дава податоци за одредени економски категории. Каде ќе се најдат општините што се предложени. Со каков национален доход по жител ќе располагаат, каков бруто производ се очекува да се оствари во предложените општини и друго. Во проектот нема бројки по однос на бројот на население, како и по површината што ќе ја зафаќаат. Не се зборува за објектите на инфраструктурата со која располагаат новопредложените општини. Вообичаена практика во ова Собрание е да се донесуваат закони кои меѓу другото ќе бидат и во економиката, во Предлог законот да се даде за финансиските средства за реализација на проектот. Во овој случај таква работа изостанува. Ние не знаеме колку ќе не чини оваа работа. Носиме закон, ако го донесеме, а претпоставувам дека ќе го донесеме, независно од амандманите на слепо. Во практиката е познато и свадба човек кога се припрема да прави , прави сметка. Ќе викнам толку гости ќе ми бидат потребни пари. Доколку ги имам ќе викнам толку, доколку ги немам нема да викам толку, ќе правам помала свадба. А ние во случајот не знаеме колку ќе не чини оваа свадба, иако лесно е да се дојде до тој податок. Се знаат колку

средства се трошат на една општина. Дебарска општина досега имаше околу 200 илјади марки. Ако е таа некој просек со оние бројки што ги изнесе тука министерот, тогаш лесно можеме, иако тоа не е веродостојно, меѓутоа, од прилика ќе дојдеме до податоците. Меѓутоа сега правиме свадба со умот, нека ние, ќе правиме свадба, можеби има народ кој што ќе не поддржува во вакви наши авантури. Имајќи ги во вид сите овие работи јас предлагам проектот да не се прифати да се врати на Владата на доработка и Владата да предложи нов проект.

**СТОЈЧЕ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувано Собрание,

Македонија досега имала повеќе територијални поделби, како што и чувме. Последната беше пред 31 година 1965 година. Редно беше после толку години да доживееме нова територијална поделба, заради тоа што во државата за 31 година се случија големо промени. Ако ние имаме пратеници во ова Собрание кои што се родени 1965" година, можеме да сфатиме и да претпоставиме колку е долг тој период ако некому му изгледа и краток. Пред 31 година некој градови кој што се седишта на општини во Македонија беа далеку тоа постарите го знаат под нивото што денеска го имаат многу селски населби, кои сега сосема оправдано се предлагаат за седишта на новите општини. Јас застапувам мислење дека треба посмело да се оди со оваа територијална поделба, која треба да се прифати, како неопходна потреба и нов циклус за развој на државата и подобар живот на граѓаните. Зошто јас и друг пат кога беше предлогот за донесување на закон ја спомнав 1965 година. Оттука ќе почнам со забелешките кои ги имаат Струга и стружани и очекувањето дека до оваа нова територијална поделба после 31 година на Струга ќе

бидат вратени селските населби Мешеишта, Трбеништа, Волино, Горенци Климештани, Подмоње, "Оровник кои што во 1965 година беа одземени и тогаш припаднаа кон општината Охрид. Ова~бчекување сега не се исполни. Предлогот на законот кој што е пред нас во Струга на териториајта на досегашната општина Струга предвидени се 7 општини. Некому ке му изгледа многу, меѓутоа, Струга досегашната општина има преку 60 илјади жители и карактеристика дека 3/4 од населението живее на село. Оттука имаме многу развиени селски населби кои што претендираат и заслужуваат да бидат седишта на новите општини. По предлогот покрај Струга, имаме предлог за нови општини Вевчани, Лабуништа, Велешта, Велогожда, Луковои Дрслајца. Реакцииите во Струга и во струшко се поволни и неповолни. И од страна на македонското население и од страна на албанската националност. Некои забелешки се лоцирани вака: по однос на општината Дрслајца иако претставува географска целина со 4-рите населби околу премногу е блиску еконксмки поврзана и зависна од струшкото стопанство така да преовладуваат предлозите сепак овие населби од оваа општина да се приклучат кон новоформираната општина Струга со нов состав.

Второ, многу дискусии и револт предизвика Радолишта, општина да или не. Со претходниот предлог на Владата и експертската група беше предвидена како општина, а сега е укината. Барањето на Радолишта да се простира и покрај обалата на Езерото, вклучувајќи ги и езерските населби Радожда и Калишта, заедно со сите туристички хотелски капацитети, тешко е прифатлива поради економски аспекти без политички конотации. Туристичкото стопанство во Македонија а посебно на Охридско - преспанскиот дел камо среќа да биди единствено а не поделено во интерес на просперитетот на овој дел стопанството во Државата Македонија.

XXI/7.-

Трето, забелешки има и во населбите и револти во Теш-номаруништа, Мароишта, МНливлај, Вишни, Брцево и други населби за некои протести и реагирања ние добивме текстови затоа и нема да пошироко зборувам само би набележал. И други рекоа дека нема територијална поделба со која ќе бидат задоволни сите, нити од досегашните сме биле задоволни, нити од оваа, ниту пак од идните, сите ќе бидат задоволни. Но ете останува утрешниот ден амандмански да интервенираме со аргументи веројатно ќе се направа некои промени, а оние забелешки кои што ќе останат и кој што праксата понатаму ќе ги покаже подоцна сигурно ќе бидат предмет и на идните парламенти да не бидеме толку амбициозни дека ние ќе можеме во овој состав на Парламентот да ги решиме сите проблеми што произлегуваат во Државата Македонија од потребите на граѓаните за територијална поделба која што ќе бидат задоволувачка за сите .

Јас на крајот би сакал да кажам нешто што иритира веројатно и во другите делови на Западна Македонија меѓутоа, тоа е доста карактеристично за Струга многу емисари во претходниве денови, недели шетаат и од македонска и од албанска националност дезинформираат кога би кажувале само информации, прави информации за територијалната поделба во ред дека меѓутоа многу дезинформации се шират, меѓутоа сметам дека населението во овој крај и македонското и албанското има традиција на еден прилично висок степен на соживот и ке бидеме умни и разумни како и во другите делови на Македонија, во Западниот дел на Македонија да не прифакаме неко кумувања од луѓето кои што претежно во Скопје живеат и не можат ниту повеќе да бидат загрижени од стружани, Тетовчани, Гостиварчани, Кичевчани итн. од нас, ниту да бидат поумни и поразумни како да се организира соживот и заедништвото и покрај тоа што ќе се формираат повеќе општини, зак ое

што не прифаќам терминологија дека општините се делат на македонски и албански. Тоа се општини во Државата РМ без оглед на тоа каков состав. ќе бидат градските совети и кои ќе бидат градоначалниците.

**СТОЈЧЕ КОВАЧЕВСКИ:** (продолжение)

Јас, на крајот би рекол дека сепак, за жал на многу околу, на многу душмани бродот што се вика "Македонија" покрај сите тешкотии плови. Сите општини се на тој брод Македонија, никој нема право да го сопре, а најмалку да го потопува.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКСОВСКИ:**

Има збор г-дин Ване Наумовски.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани министри

Колегата од Струга заврши, еве уште еден пратеник од Западна Македонија.

Мислењето на опозицијата од Кичево го слушнавме, а овој пат позицијата. Законот, од мој аспект гледано е добар и заслужува сечија поддршка од причини што фактите на кои се заснива овој закон, односно начелата општината Кичево ја делат на пет општини, запазувајќи го комплет она што го предвидува од економски аспект, географски аспект пред се како урбана средина и инфраструктурно погледнато.

Беа изнесени неколку констатации за сметка на општината Кичево што апсолутно не држат.

Ќе изнесам неколку аргументи:

Прво, во контекст на законот, месните заедници апсолутно и факт е дека во досегашната наша поставеност месната заедница што сега преминува во сегашна или идна единица или општина досега немаше ниту денар. Овој пат таква можност се дава.

XXII/2.-

Законот за локална самоуправа што ова Собрание го донесе минатата година во октомври - ноември јасно дефинира во поглавјето однос во членот 62 на кој начин таа општина ќе се финансира. За мене тука нема дилеми. Општинскиот буџет, средствата што досега се собираа на ниво на ела општина овој пат ќе се делат на овие нови општини, со тоа што ќе можат самите тие, гледајќи го истиот закон за локална самоуправа, да асфалтираат една улица, да решат еден проблем на водовод, еден проблем на мост итн.

Втора работа, што во секој случај заслужува поддршка тоа е урбанизирањето, односно архитектот. Најмалку овој пат вечерва го спомнавме. Знаеме, досегашните наши села односно овие 80 што сега ќе станат со овој Предлог закон ќе станат нови локални единици, на ова поле воопшто не е ништо сторено. Ние самите пратеници, мораме да признаеме досега ние бевме оптоварени, односно задолжени на некој начин да одиме овие проблеми да ги решаваме. А, тек градоначалниците. Градоначалникот имаше одреден ден за прием, за решавање на вакви проблеми. Овој пат овој проблем ќе го решава човекот што ќе го изберат луѓето. Никакви други конотации не може да му се дадат во контекст на изместување во тежиштето на законот, дека тензијата ќе се створи. Законот не нуди ниту Берлински ѕид, ни барикади. Дури сметам овој предлог што е даден од 120 и засега е мал. Убеден сум дека после извесно време, нека минат неколку години дека некогашен нареден парламент ќе ги прошири, со тоа што надлежностите, проблемите, едноставно ќе ги префрли во средината, да речам мое Другово, или да launch речеме Зајас.

Беше спомнато дека Законот од витално значење. Да, на политички план за државата. Но, од посебно значење за локалната единица од овие неколку аспекти односно проблеми да ги реши.

И, уште една работа што сакам да ја спомнам сукцесијата, делењето. Минатата седница донесовме еден закон на кој што многу малку обрнавме внимание. Новите вработувања. Тоа се истите луѓе кои

работат сега фактички ќе поминат утре во новата локална единица и не гледам некој посебен финансиски товар на државата. Цак ќе биде таа, локалната единица, доколку собере и прибере средства, а во Законот за локална самоуправа се јасно кажани, ќе биде побогата. Едноставно кажан од тој што ќе биде избран за градоначалник ќе зависи дали таа локална ќе се развива или не.

И сега во Македонија имаме мое Кичево, неразвиено, го имаме Кочани развиено. Од што зависи? Од луѓето што ќе ги избере народот, колку ќе се заложат да остварат средства. Апсолутно за мене нема дилеми и ги отфрлам сите инсинуации што сакаат да се дадат и да се создаде непотребна тензија во одредена општина за проблем кој ми се чини дека досега е јасно дефиниран, од Устав до Закон за локална самоуправа и до територијална поделба што апсолутно не е ниту барикада едноставно ќе има соработка поголема на локалните единици.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Туше Гошев. Се откажува од дискусијата. Има збор г-дин Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Ќе ја скратам мојата дискусија, ќе бидам многу краток бидејќи е веќе 22 часот.

Денеска слушнавме многу дискусии во овој парламент и видовме дека дискусиите не беа многу искрени од некои дискутанти. Дискусиите зависеа од тоа каде се родени, каде живеат на која националност припаѓаат, од која политичка партија се итн. Дури, некои дискутанти во овој парламент искажаа деструктивни дискусии, а тоа се гледа и од некои поднесени амандмани што ги имаме пред нас. Од овој парламент се бараше да се деструира, да се декомпозира, демографската и терито-

ријалната хомогеност на немакедонците, поконкретно на албанците на локално и регионално ниво, во места каде се во мнозинство немакедонците, поконкретно албанците. Да се наруши географскиот и културниот, историскиот и регионалниот идентитет на тие места, поконкретно на целиот регион на Западна Македонија. Да се формира нов идентитет на тие населени места, да се практикува најлукава политичка и правна формула за редуцирање во практика на јазичните, културните и другите специфични права на немакедонците. Во првата фаза кога беше овој предлог закон што е сега за територијална поделба, во мојата дискусија барав од г-динот министер во овој Предлог-закон за секоја општина посебно да има, да се наведе бројот на жителите на новите единици на локалната самоуправа, површината на територијата, националната структура, природните и економските ресурси. Дали може да егзистира една нова општина? Дали има објективни услови. Меѓутоа, тоа во овој предлог - закон не го имаме. Бидејќи, ако помеѓу памти министерот токму тоа беше репликата мене и г-дионот министер со новоформираната општина Вратница, дека по некои статистики мнозинство населени било албанци, а јас бев грешка, но затоа што ги немаме пред нас тие податоци. Затоа баравме да ги имаме во овој Предлог- закон, меѓутоа за жал ги нема.

Би кажал дека доаѓам од градот Тетово, дека треба да се почитуваат реагирањата на граѓаните, вредни се за почитување нивните реагирања. Се суспендираше одлуката на Градот односно Собранието на општината Тетово, кој предлог, одлука е направена многу студиозно и врз највиталните параметри и критериуми и врз волјата на граѓаните.

Би се задржал на кратко, дека реков на кратко само на некои новоформирани општини во Тетово. Законот исто не ги почитува тие критериуми што ги имаме во законот, населените места да се поврзани

со комуникации и бројот на жители, заштита на животната средина, комуналниот и развојот на социјалните и здравствени установи, пред школските и други потреби и интереси на граѓаните.

Како пример би ја зел новоформираните општина Шипковица во Тетово што ќе биде казнета цел живот да го носи епитетот неразвиена општина. Каква перспектива ќе има една општина што нема инфраструктурни објекти. Нема здравствен дом, предучилишна установа, нема ПТТ и други работи.

Мојата забелешка во првата фаза беше и за тоа што две општини што се граничат една со друга Врантица и Теарце, Вратница со 6 илјади жители, Теарце сега некаде 20 илјади жители. Затоа, во право се реагирањата и забелешките, граѓаните што одржуваат собири во селата Одри и Нераште кои сакаат да се приклучат, што го имаме и пред нас, да се придружат на општината Вратница. Ако нема проблеми, тоа реков преска дека Вратница е со мнозинско население Албанци, тогаш зошто Одри и Нераштај да не се приклучат кон Вратница, да не се оптоварува многу општината Теарце а се граничат една со друга.

Сакав да кажам дека некои новоформирани општини во Тетово се формираат во индустриската зона некои во ридско планинска итн. Тоа го има во овој предлог.

Би сакал уште нешто да кажам за малите општини. Мислам дека имам примери каде тие не се делат. Берово, Пехчево, Виница, Кратово, Делчево, Ресен итн. Меѓутао, исти критериуми немаме према Крушево и Дебар. Дебар кој има толку жители, население колку и Кратово, едното не се дели а другото се дели. Кој е интересот, не знам. Тоа истото и со Крушево. Јас мислам дека со формирање на новата општина Житуше се формира нов идентитет на тоа населено место. Таму Албанците досега беа во изричит број во општина Кичево, сега ќе ги нема ќе останат 5-6%. Во чиј интерес е тоа, не знам и тоа треба да го кажете. Дали да се чисти

Крушево од албанското население или не, одговор за тоа треба да даде Министерството.

Чудно ми беше денеска, никој тука не спомна Вевчани. Општина Вевчани. Затоа што кој прави проблеми значи добива. Значи, во оваа држава сите треба да правиме проблеми па да го добиеме тоа што треба да добиеме. Да се почитува волјата на граѓаните. Затоа треба да имаме исти критериуми за сите.

Благодарам, реков дека ќе бидам краток и бев краток.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Добри се сите проекти, договори и компромиси ако продуцираат перспектива. Законот за територијална поделба на РМ сега е во финална процедура. За разлика од претходната верзија оваа верзија имам сеуште убедување дека во себе и со себе оси политичко оптоварување како за оптимистите, така и за песимистите од граѓанската и политичка сфера заради тоа што содржи работи со непредвидлива иднина.

Енигмата што ја носи оваа финална верзија сепак не можеме да се ослободиме од убедувањето, односно јас не можам да се ослободам од убедувањето дека навлегува и во политичката зона и дека не носи провокација и закана, да се издигне како нова конфликтна точка во сферата на меѓунационалните, меѓуопштинските па и меѓучовечките односи, со што не може да остане неповрзан граѓанскиот корпус на РМ, во, по оглед на внатрешниот живот на државата.

Имам убедување дека имавме често зголемување на бројот на единиците на локална самоуправа. Можеби тоа резултираше и од еволуирањето на сознанијата да се направи нешто подобро. Меѓутоа имам исто така убедување дека прилично изпледеа социо-урбаните, географските и економики инфраструктурни атрибути како врховна

одредница, а на сметка на тој простор проектот навлегуваше и во политичкиот сектор, така што не можеме да речеме дека политиката не учествуваше во овој етно - политички договор во конституцијата на етничката карта на Македонија.

Вака гледано во оваа етничка светлина целава приказна со новата територијална поделба на РМ, не може да не побуди и на размислата и потсетувањето и да не буди и таков песимизам за она што се случуваше на пост Југословенските простори кои завршија со Дејтон.

Тоа значи дека мора да бидеме трезвени дека сепак пред нас се случува еден сериозен и стратешки проект чија иднина буди и сомнежи и песимизам, особено кај граѓаните од западните делови на државата, кои прашањето на финалниот проект на територијалната поделба во овој изминат период го издигнаа на ниво на значаен политички проблем.

За мене, политички маркетинг врз ова прашање е илузија. Дискусијата ми е сосема вон тие рамки. Меѓутоа, не би било достојно и не би било неодговорно, не би било одговорно да се пренебрегне гласот и чувството на граѓаните, особено од западните делови на РМ, особено чувството да се биде малцинство во поедини единици во сопствена држава. Впрочем, со Уставот операционализиравме граѓански концепт за релаксација на меѓуетничкиот дебаланс, создаден за последниве 40 години како баласт. И, тоа е добро.

Навистина, во РМ се гради граѓанска држава, меѓутоа, мора да бидеме свесни дека етничките колективитети се тука.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:** (Продолжение)

Тешко и за вака кусо време станува водечки граѓанскиот концепт на слободни индивидуи повеќе врзани за државата отколку за етникумот особено кога и од некои лидери на улица, а и некои и во власта на етникумот му даваат сеуште врховна вредност. Значи не може иако имаме желба со сила на закон да се правиме европски граѓани кога се држат сеуште скриени опции за политички делби и свери на политички влијанија, кога отворено се мафта со знамиња на други држави. Се прашувам дали сега е часот за ваква етнополитичка ориентација како проект и во името на неспорниот граѓански и европски стремеж како врховна и добра ориентација на граѓански ориентирани политички субјекти и граѓани да се попушти на политички притисоци за кои што сеуште поголема вредност претставува живеењето во етнички чисти рамки што ни е свежо од примерот за проектот илирида.

Мислам дека треба да се оди госпоро. Во енклавите на одредени малцинства од било која провинциенција потребно е да дојдат процеси на индивидуализација по моделот на пазарната економија каде човекот граѓанин во стремежите за афирмација на индивидуата со сите неопходности а атрибути ќе биде во центарот на вниманието а не колективистички проект. Ние имаме искуство од минатото дека секаде каде што се реагирало со колективизам власта пред колективистичките опции секогаш попуштала. Но сметам дека тоа е прашање на минатото. Вие знаете кога Железара ќе излезеше на улица мораа платите да се зголемат. Вака навистина се руши енклавата на подолг проект со овој предлог проект. Врз граѓански или со граѓански стремежи, но пак доаѓа до израз и друг процес, стремеж, можеби не со лоши намери, и не би сакал така да мислам, на албанизирање особено во Струга, Гостивар и Тетово. Како тешко прифатлив за ова време, бидејќи како што спомнав имавме и други свежи и неприфатливи за граѓански концепт опции. Затоа

XXIII/2.-

форсирањето на концептот на територијалната поделба во финалниот предлог одреден на граѓански концепт како неспорно добра опција во услови на товареност со нашите балкански простори и минато имам убедување дека може да делува и тромогено врз граѓанскиот корпус особено во западните делови на Републиката. Со тоа што финалниот предлог закон се обликува покрај другото и во политичката зона, со компромис, иако компромисите ги сметам за атрибут на паметни луѓе, но само тогаш кога се позитивни и кога продуцираат добри вредности, сепак имам убедување дека во секторот на јавното мислење каде што се демократизира демократијата сеуште ова се доживува и со песимизам, сеуште се доживува како компромис за етничката поделба на државата. Сега нас на пратениците ни е ставен концепт кој што не можеме да го покриваме со одредени партиски ставови затоа што и партиите се колективитет, туку треба да го покриваме со индивидуален став, со убедување зошто проектите се и трајни и од партиите и од лидерите па и од самите нас.

Јас сакам да укажам и само тоа можам да го сторам дека овој проект има високи граѓански стремежи и ориентации, меѓутоа исто сакам да обрнам внимание дека за мене да ми интимно легне е прерано и не би била добра дефанзива под колективистички наплеви до промена на карактерот на нашата држава со што можеби би се промениле и внатрешните односи во негативна конотација. Секако дека позитивната претставува добив. Навистина дека граѓаните се тука, ние не можеме да ги преселуваме во други држави. Меѓутоа сега ги прераспоредуваме. Дали тоа добро го изведуваме секако дека ќе покаже иднината.

Што се однесува до струшката општина конкретно пак прифаќајќи ги како врховна вредност социо - урбаните, географските, инфра-структурните атрибути мислам дека со одредено прераспоредување би се направила една рамнотежа која што би создала подобра перспектива, но за тоа низ амандманската расправа.

XXIII/3.-

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван претоедателе, почитувани колеги, министри, претставници на Владата, она што сметам дека е основно што треба да се сфати и да се почитува до крај или пак да се сфати поинаку е заедничката обврска на сите во остварувањето на уставната определба за потребата од донесувањето на нова територијална поделба на Република Македонија и потребата од определување на нови подрачја на единиците на локалната самоуправа. Што значи нема друга цел овој закон освен да утврди и да овозможи остварување на основната цел и темелната вредност на уставната определба да граѓанинот остварува непосредно право на локална самоуправа и не може да биде ништо ниту повеќе ниту помалку посилно и надвор од она што значи негово непосредно учество во решавањето на прашањата од локално значење. Што значи заедничката обврска потребата од заедничка обврска во отпочнувањето на постапката за определување на поделбата и определување на подрачјата, што значи непостоење на никаква можност на ексклузивитет во нудењето на релација поднесување закон во собраниска процедура со амандмани што се усвојуваат или не, така да се разбира и настојувањата и барањата за вклучување во таква подготовка што значи депласирано е да се развива дијалог ден и да се очекува кој знае што ден пред собраниската седница по законот, што значи таквите барања за вклучување во подготовка и во расправа по концептот што значи и седнување на маса создавање на атмосфера на целосно почитување и целосна меѓусебна доверба, целосно би ги отстранил неоправданите сомневања дека некој не сака територијална поделба на просторот и дека некој не сака вакви или онакви подрачја на единиците на локалната самоуправа.

XXIII/4.-

Сигурно со целосното вклучување на сите политички субјекти во подготовката и расправата по тоа како би требало да изгледа таа поделба со вклучување, се разбира и на стручњаците од оваа област, со нивните гледања од нивни аспект веднаш во една таква атмосфера ќе се покажеше кои всушност сака, а кој не територијална поделба во Република Македонија, каква би била таа и какви интереси би остварувала таа. Што значи во таква атмосфера веднаш би се знаело и утврдило која ќе биде основната цел на законот и дали таа ќе биде по функција на остварувањето на правата на граѓаните да решаваат по прашања од локално значење.

Носам впечаток дека недоволно се респектираат таквите размислувања околу тоа како треба да се оди со припрема на закон и како да се расправа по понудените решенија за концептот на новата територијална поделба на Република Македонија. Што значи уште еднаш да се отфрли и никако да не може да се прифати наметната релација во разгледувањето на законот. Владата едногласно нуди закон а собраниската расправа ќе го прифати или не овој закон со поднесување на амандмани.

Увредливо за парламентарната опозиција за така важен закон. Сигурен сум увредливо и за сите други и за сите други кои зеле учество и немале некои поголеми забелешки по законот, како да сака да се укаже дека со некого се сакало да се разговара а со некого не и како да сака да се укаже дека таквиот однос на отстранување на дел од преговарачи остава можност и простор да се размислува дека предмет може да биде и нешто друго повеќе или помалку од основната цел што ја нуди овој закон. Увредливо е да се стават во еден кош сите и да се прејудицира дека во една таква постапка би се кочело донесувањето на вака важен закон. Уште понавредливо дека не е интерес на одредени политички партии затоа што со кочењето не сака да оди на избори животен интерес

е тоа да се донесе побрзо и во интерес е тоа да се донесе побрзо во интерес на сите и навредливо е дека една одредена политичка групација, партии итн. во една таква постапка би го почнало донесувањето на еден ваков закон.

Треба да се сфати и треба да се прифати дека постојат размислувања кои одат во правец дека одредени подрачја на единиците на локалната самоуправа, сигурно со добра намера од предлагачот да во некој иден подалечен период ќе можат да ги остваруваат прашањата од локално значење особено до областа на урбанизмот, културата итн. Но, во моментот присутните размислувања се дека тоа може да го вршат и постојните општини и таквите размислувања воопшто не би смеело да добијат квалификација дека таквите заложби се всушност локални заложби за докажување на нешто постојно. Напротив треба да ни се верува дека во некои средини тоа го бараат и во тоа веруваат и луѓето и граѓаните.

Понатаму како би требало да се сфати дека во некои средини се заобиколуваат седиштата на постојните општини. Барем да постоеја би рекол куртоазни посети во седиштата на општините ќе помислевме ако ништо друго постои желба нешто и заеднички да се прави. Сигурно и барањата на граѓаните од разни населени места да припаѓаат во ова или онаа општина прввовремено би се сфатиле и решавале се разбира не секогаш позитивно. Начинот на кој се водеше постапката на донесувањето на целокупната постапка на овој закон, остварувањето можност да така како што беше да се расправа и вака на собраниска седница или ден два пред ставање на законот во собраниска процедура без да се разговара околу ефектуирањето посебно на одделни рурални средини, нивна бројност итн итн., се разбира со аналитички приод од различни страни , партнерите кои постигнаа согласност во договарањето, велам партнерите, не велам СДСМ и ПДП, велам партнерите во договарањето затоа што веќе имаме една јасна позиција на донесување

на едногласност на предлагањето на законот од владината коалиција, нереспектирање на барање да се земе учество во подготовката на територијалната поделба во Република Македонија и подрачјата на единците на локалната самоуправа остава простор да се размислува дали со овој закон ќе се овозможи основната цел да кон целосно остварување на основната функција на овој закон

XXIV/1.-ЛП/МЛ

**ЗВОНКО КАРОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Правото на граѓаните на локална самоуправа и простор да се размислува дека се овозможува уште сега да се прават пресметки околу тоа кој каде ќе се најде во идните настани кои ќе следат на политичката сцена во Република Македонија. Принципиелно не помислував воопшто да влегувам во укажувањето за населени места дали припаѓаат ваму или таму од општината од каде што потекнувам, меѓутоа, денешната расправа покажува дека сепак на некој начин претставувам граѓанин од таму од каде што потекнувам. Мислам дека барањето на Собранието на општина Кавадарци, реакциите на граѓаните, можеби некогаш стручно недоволно или нестручни со наши аргументи, едни на Владата, други околу сообраќајната поврзаност на селото Галиште, мислам дека е еден редок потег каде што постојната општи- на која се дели на три, се префрлува населено место надвор од три- те новопредложени општини. Искрено се надевам дека со амандман Владата ќе го прифати, без да се промени мислењето од она што претходно беше кажано.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Зоран Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, би сакал да се вклучам во распра вата по Предлогот на законот за територијална поделба и како што многу од нас овде го истакнуваат значењето, и јас сакам на почетокот да кажам дека навистина во редот на законите кои битно за разработуваат материјата врзани за едно од основните демократски права, правото на локална самоуправа, овој закон заслужува посебно внимание. Тоа и од еден друг аспект е многу важно, бидејќи најнепосредно се однесува до граѓаните,

до нивните секојдневни проблеми, пред се во комунално социјалната сфера и на одреден начин е еден облик низ кој, вклучувајќи го и правото на одлучување и понепосредното изјаснување на граѓаните можност да влијаат некои одлуки да се донесат правилно. Оттука, не ме зачудува интересот за овој закон, меѓутоа, она што во подлогата на овој закон не можам да го препознам, а не е обврска пред се на пратениците да ја владеат оваа материја, во образложението на законот да постојат повеќе квантифицирања, да кажам квантифицирани образложенија за решенијата кои овој закон ги нуди со својот текст.

Инаку, познавачите на комуналниот систем знаат дека и во поранешна Југославија трансформацијата на општините, на комуните доживува најразлични форми, меѓутоа, во основа почнувајќи од 1955 година кога се воспостави во поранешна Југославија тој Кардељов модел на општина, остана до 1965 година, па со промените во 1965 година остана она основното прашање, основниот концепт да се брани дали голема или мала општина е попродуктивна во организацијата на локално ниво. Ако ги следиме тогашните образложенија кои од 1965 година го бранеа концептот на поголеми општини и приклучувањето на селата кон градските средини, односно кон урбанизираните средини, идејата беше тие низ формата на општината, како што ја викавме, како основна клетка на системот што непосредно да се изградува и на одреден начин да се развива. Меѓутоа, сведоци сме дека во Македонија се случија сосема други процеси, кои не се само последица на тој концепт на комуналното уредување, туку на вкупното општествено политичко уредување, каде што во подлогата не постоеше ова што денес е дел и на економскиот и политичкиот систем на Македонија, а тоа е плурализмот на пазарната економија. Многу штети во тој поглед во развојот на средините во Македонија се направија, а последиците се сега. Тоа се пред се

опустошени села, неурбанизирани рурални средини и пропаднати економии кои главно се сведуваат на дислоцирани погони на разно разни фабрики.

Денес во настојувањето да кажеме колку е важно да се има своја општина повторно ги употребуваме да кажам целите кои и во оној концепт на комуналниот систем се употребуваа за да се објасни, за да се потврди концептот на Кардељ и кој заврши онака како што заврши. Во тоа време европските стандарди за тоа што е општина и како таа се организира и по критериуми, социоурбани и  по критериум број итн. беа сосема различни од тоа што во Македонија беше практикувано, таканаречените мали општини кои овде се споредуваат со разно разни развиени земји каде што бројчаноста се движи од 15 до 30.000 жители. Меѓутоа, денес всушност во Европа и тој концепт се напушта, а причината не е што тие се излажале да речам во организацијата или ефикасноста на организацијата на локалната самоуправа, туку новата технологија, информатика ги надминува телекомуникациите и се останато, надминува некои форми кои на одреден начин се многу подинамични и кои ги скратуваат односно ја скратуваат потребата од парцијализација на таа локална заедница. Се плашам после извесно време, ако не заживее концептот на 120 општини, повторно ќе се најдеме виза ви европската практика, виза ви потребата на едно пониско рамниште да го приближиме граѓанинот до своите права кои произлегуваат од правото на локална самоуправа, бидејќи паралелно со овој закон воопшто не може да се препознае концептот, односно изворните финансиски, економски и други самостојности кои таа општина вака како што е замислена ќе ги има, за да може од нешто да почне. Ако ја следиме дискусијата, главно се осврнуваме на тоа дека во одредени средини состојбите се од таков карактер што елементарни услови за функционирање на вака замислени одделни општини фактички нема,

бидејќи или се работи за население кое е пасивно или е малобројно, или се работи за ридско планински средини каде што жителството е раштркано или пак каде што нема никаква инфраструктура освен по некое школо, каде што скоро нема пошта или пак има еден телефон во месната заедница и тн. Тоа не е никаква гаранција дека стекнатото право врз основа на молбите пријавите и тн., што своевремено Министерството го распиша во подготовката на овој закон, ќе биде поттик за развој на тие краишта. Мислам дека една добра иницијатива во основа ќе остане осамена и ќе ја доживееме судбината и на оние кои во основата на својот економски развој можеа да се надеваат дека ќе им заживеат помалите општини како што е случајот со Словенија, која има околу 65-6 општини.

Она што посебно во овој закон е прашање, а тоа министерот за правда не го криеше, тоа е дека на одреден начин е одраз на односот на политичките сили во Републиката и нивното влијание одредени одлуки да се кројат според интересот, политичката платформа или некои други цели на партиите и тоа не е спорно, секој настапува со оној багаж кој мисли дека е најдобар, кој ќе му го прифати граѓанството било во моментот кога тоа го предлага или заради политички цели, избори и тн. Во таа смисла, спротивно на европските цели, на Република Македонија на декларираните форми на интеграција и на зачувување на основните уставни начела, да речам, во остварувањето на државноста на Република Македонија, всушност концептот, поддршката на концептот на етнички општини долгорочно ќе создаде поголем јаз отколку срека меѓу жителите на одделни подрачја. Некому сега од аспект на дневно политички цели некому ќе му донесе нешто затоа што по еден основ утре ќе треба да го реализираме концептот на членот 7 од Уставот на Република Македонија и да го операционализираме начелото околу двојазичноста во општините каде што има значителен дел од друга националност. Меѓутоа, се плашам, поаѓајќи од низа примери, особено

во урбанизмот и во некои други сфери каде што да речам во овие средини многу малку се почитуваат законите, ескалира дивоградбата, ескалира неплаќањето на обврските спрема државата, не се почитуваат воспоставените законски норми во делот на образованието, полека иницијативата граѓанскиот концепт на организацијата на локалната самоуправа, на општината како облик во кој граѓаните непосредно ќе се интересираат за социјални, културни и некои други цели од доменот на општината, ќе се префрлат единствено на политичкиот терен и од онаа идеја за локална самоуправа на граѓаните ќе помине во една извитоперена форма за политички притисок, за што мислам дека имаме доволно примери во некои градови во западниот дел на Македонија.

Според тоа, се работи за отворено прашаше и можеме да имаме различно видување. Јас сум повеќе за тие мешовити средини, пред се во интерес токму на концептот на зачувување на малцинските права, во овој случај целосно стојам во заштита на интересите на македонскиот народ во западниот дел на Македонија, каде што со оваа парцијализација всушност се врши своевидна гетоизациај на дел од тоа население. Според тоа, треба добро да се размисли дали бројот од 120 нема во догледно време да добие некои политички прерогативи кои во овој момент сигурно се непожелни за Република Македонија.

Во тој поглед, доста дилеми околу пристапот кој е направен за град Скопје имам јас. Нормално, тоа го потенцирам и со фактот што сум пратеник од општина Карпош и навистина, иако рестриктивно во тој дел предлогот на Владата е да се одвојат фактички од Скопје руралните средини, всушност ја нарушува интенцијата за Скопје како еден второстепен или двостепен облик на организирање на локалната самоуправа. Од аспект на прашањето што таа градска заедница, градот

Скопје треба да се бави и да ги пренесуваат општините ингеренциите, се прави еден да речам неприроден прекин меѓу отворени комунални и други прашања кои се од витално значење за градот Скопје, посебно во делот на водоснабдувањето, прашањето на патиштата, прашањето на некои други сфери на социокултурните потреби на граѓаните и тука таква граница како што овде се поставува стеснувајќи го атарот така да кажам на Скопје, за мене претставува неразбирлив чин, особено што во добар дел околу Скопје се создава еден обрач од населени места кои во основа не се урбанизирани, да не речам се бејрутизира Скопје, кое од повеќе аспекти не е добро ако сакате и од одбранбени, ако сакате и од било кои причини. Погледнете го Скопје, Скопје нема заобиколен пат, Скопје се гуши така да кажам во еден дел заради нерамномерниот урбанистички развој по разни основи. Според тоа, мислам дека тука не е направен среќен избор во законот. Не знам зошто така е направено, дали тоа ќе се објасни, дали во амандманската расправа може нешто да се исправи, не сум сигурен, повеќе од искуството како работиме и како гласаме во овој Парламент.

За финансирањето на општините веќе кажав, но потенцирам дека навистина без своевидна подлога - видете, да го земеме случајот на Охрид. Охрид е типично туристички дел на Македонија. Веројатно полека стварноста ќе не натера тој концепт кој го имавме порано на развој на многу предели во Македонија како туристички, кој за жал не заживеа во облик и во форма како што некој сакаше или месното население или некоја туристичка политика и тн., ќе не наведе навистина ако сакаме странци во Македонија да се сконцентрираме во еден простор. Ние ја одзедовме туристичката такса од општината Охрид. Ако не најдеме форма - овде ги спомнав таксите, пракса е во други земји да се определи процент од даноците или пак ќе се определиме на општината да и се

пренесат некои права во делот на рентерирање и тн., ако тоа не го обезбедиме како механизам со кој општината ќе се обезбеди да речам во финансиска смисла минимум своите функции да ги остварува, ние ќе имаме еден сосема друг процес и ќе се случи она што по мое мислеше ќе зависи од односот, од моќта на одделни населени места, одделни етникуми кои ќе изнесуваат по други канали средства само за да ја одржат општината, дали ќе бидат во подлога некои други цели тоа допрва ќе се види, меѓутоа, мислам дека немањето на јасни извори за финансирање на општините ќе ги стави исто така во еден нерамномерен третман, особено што тие и денес се дотирани или да речам најголемиот дел се дотирани.

XXV/1.-ДБ/ОМ

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:** (Продолжение)

На крај би сакал само да завршам со констатацијата дека дијалогот помеѓу политичките фактори , сепак, во некој правец се движи. Ние сега сме со јасна политичка диференцијација, партија во власта, опозиција и т.н. и се обидуваме со формите на демократијата да се прифолиме кон едно и друго решение. Факт повеќе дека иницијативата на Либералната партија и нејзината пратеничка група да се расправа рамноправно и со владиниот предлог и претставникот на Владата и да се вклучат сите политички фактори, тоа не е веќе само прашање на оние кои се во власта односно во Парламентот. Според мене и некој според наши оценки во Либералната партија вродија со плод. Во таа смисла мислам дека, тоа само треба да биде еден подобар патоказ како на ова поле би требало да се дејствува, а не да, речам, дневно - политички тоа да се користи за некои други цели.

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

За разлика од 90% од пратениците кои во два наврата по 40 минути разговараа по овој закон, јас зборувам по прв пат, во првата фаза не дискутирав, мислев дека тоа што ќе го кажам е кажано од многу други и дека нема потреба, а сега се надевам дека ќе бидам од оние кои пократко дискутираат.

Ќе се осврнам само на два аспекта.

Мислам дека целата концепција на законот се брани односно се напаѓа само на една точка, а тоа е на големината на општините. Апсолутно не најдов, дисциплинирано слушајќи веќе 12 часа дискусии, дали има и некој други точки на кои се брани или се напаѓа овој закон

и мислам дека можеби е врет што големината на општините предизвикува, или можеби не е вред, што големината на општините предизвикува единствено внимание, особено на дел од опозицијата. Односно второто прашање дали - ќе можат исклучиво поради овој факт, нивната големина да опстанат или не.

Јас лично да кажам, после првата фаза во која беше понудена концепција со 111 општини, верував дека Владата ќе влезе во втората фаза со намалување на бројот на општините и тоа кај мене лично наидуваше на надеж и на оправдување. Се разбира, сега се случи обратното и има малку резерва кон тој концепт за понатамошно зголемување на бројот на општините од правата фаза, се надевав,интимно дека ќе одиме во обратната фаза, имам мали резерви, се разбира дека овде од нечија страна беа изразени и големи резерви. се разбира , било која од овие концепции само времето сега ќе мора да ја покаже затоа што очигледно двете страни имаат повеќе или помалку аргументи во одбрана на своја- та концепција лично јас мислам дека, сепак, времето ќе треба да покаже Меѓутоа јас сега, интимно, како и најголем дел или сите од Вас овде се потсеќам што се случуваше, па макар и во ова Собрание или пошироко, пред 5-6 години. Тогаш исто така се случуваа некакви, условно кажани, без интегративни процеси на некакви простори и тогаш истите овие забелешки дека сега малите општини не можат да опстанат, беа упатувани и на тоа дека малите држави кои произлегуваат од поранешна Југославија нема да опстанат. Се разбира дека тоа беше гледање со диоптрија на различни политички опции. на пример се тврдеше дека малите држави нема да имаат финансии за да можат да опстанат и тоа беше упатувано на процесот на осамостојување на Македонија од повеќе страни, надвор од државата најчесто, дека нема стопанство и систем кој може да ја опслужува таквата држава, дека нема да може да се издржи сопствена национална

валута, особено стабилна, во така мали пространства и толку мал економски потенцијал и т.н. Се разбира дека сите тие не веруваа дека е тоа можно, меѓутоа, Вие добро се сеќавате дека ние верувавме во тоа. И еве, за некоја среќа, пред 3 дена прославивме и 5 годишнина од почетокот на тоа наше верување .

Сега мислам дека во Парламентот се одигрува еден ист процес. Дел од нас или сите ние, повеќе или помалку имаме извесни резерви кон тоа што се случува кај општините односно ние сега од оваа со Устав наша одредена позиција да можеме да ја одредиме позицијата дали некој ќе има општина или не, веруваме или не веруваме дека тие можат да опстанат,како такви општини, а добиваме , од доле , пак, што се вели, од сите нив доста уверувања дека сакаат општини дека сакат 120 или повеќе и дека тие можат да опстанат. Значи повторно истата дилема, сега дел од нас се наоѓаме на една друга страна каде процесот на натамошна парцијализација, дезинтегрирање, иако има сосема други димензии, се разбира, не сакам да бидам сфатен дека исто гледам на овој процес, меѓутоа заокружување на финансии на помала територија, со помал економски потенцијал, со помалку население и т.н., опстанок и финансирање на функциите на таквата самоуправа, мислам дека може да се доведе, на некој начин , во истата корелација. Дури иако има голем број забелешки од пратениците дека бројот на општините е голем односно нивната големина е мала, сепак ако ги погледаме амандманите што се поднесени, мислам дека во амандманите повторно преовладува некој, генерално земено, принцип на зголемување на бројот на општините со барање за повеќе или помалку.

За среќа на овој Парламент, мислам со фактот дека се поднесени, според мојата евиденција до овој момент некаде околу 300 амандмани,

ние дефакто , како Парламент сега ќе се доведеме во позиција буквално за секоја општина да се изјасниме поединечно. Изјаснувајќи се за секој амандман ние како пратеници ќе ја имаме таа можност за пакет, па за ова не сме задоволни, туку буквално за секоја општина ќе имаме можност по неколку пати да се преизјасниме дали ја прифаќаме или не, со оглед на бројот на мадамите.

На крајот, се надевам нема да бидам прекинат постскриптум сакам да кажам нешто во врска со концепцијата за работа на Парламентот од страна на некои политички субјекти.

Јас во армијата кога служев имав таков распоред што скоро цел воен рок го поминав на стража, значи давав стража и се разбира половина од тоа го поминав во ноќна стража, се разбира дење ноќе се дава стража. Така да мојата кондиција за ноќни неспиења и работа односно секаков вид на издржливост, е голема, иако некој мисли дека таа издржливост ја губам, се надевам и дел од моите колеги исто, се излажал. Уште ја држам та кондиција и се надевам дека на таа концепција нема да бидам поразен никако.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Претресот по текстот на Предлогот на законот го закажувам за утре во 10,00 часот.

Ве молам за точност, бидејќи имаме, како што слушнавте преку 300 амандмани, за да можеме тоа да го апсолвираме.

(Седницата прекина со работа во 11,15 часот).